СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Првото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 71-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 3.07.1997 ГОД.**

1. АНДОВ СТОЈАН - 13,82,86,125,154,137
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 44, 46
3. АРСОВСКИ БРАБКО - 56, 115
4. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ - 51, 54
5. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 193
6. ВИДИМЧЕ МИРКО - 62, 124
7. ВЕСЕЛИ АБДУЛАДИ - 207
8. ВАНГЕЛОВ АТАНАС – 254, 256
9. ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН - 21, 97
10. ГОШЕВ ТУШЕ - 248
11. ДАНЕВСКИ СЛ0БОДАН - 40
12. ДИМОВ ЛАЗАР - 74, 99, 100
13. ЗИБЕРИ НАСЕР - 108, 117 РМ
14. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 2, 223, 228, 236
15. КРСТЕВСКИ З0РАН - 32
16. КАРОВ ЗВОНКО - 71, 101
17. КАДРИУ ЗЕКИР - 135, 148, 149, 214, 216 ,219
18. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 212
19. МИНОВ ПАНЧО - 35, 37, 103, 104, 111
20. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 84
21. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 98
22. МИТРЕВА ИЛИНКА - 199
23. НАСЕВ ПАНЧЕ - 14, 21
24-. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 24, 113
25. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 77, 79
26. НАЧЕВСКИ МАРЈАН - 81, 98
27. ПРУСИ АБДУРАУФ - 34
28. ПАВЛОВ БОРИС - 47, 97
29. ПЕЦОВ МИРКО - 59, 62, 92, 107
30. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 146, 149
31. ПУРДА НАЏИ - 146
32. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 156
33. РАМАДАНИ САЛИ - 126, 131, 132, 134, 137, 141, 144, 152
34. РАМАДАНИ ХИСЕН - 139, 201
35. РУЖИН НАНО - 202, 207
36. СОКОЛОЗСКИ ВЛАДИМИР - 27, 30, 241, 247
37. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 65 ,76, 179 ,182
38. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - (Влада) 104, 106
39. СПАСОВ ЃОРЃИ (Влада) - 119, 132, 137, 157
40. СТАНКОВСКИ ВЈХАДИМИР - 238
41. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 105, 113
42. ТРАЈКОВ РИСТО - 105
43. ТРИПУНОВСКИ МИРКО – 122 ТУДА РАМИ - 150, 172, 175
44. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА - 233
45. ФИТИ ТАКИ - 7
46. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ - 236
47. ХАСИПИ КЕНАН -1 61, 167, 168
48. ХАРУН СЕЈФЕДИН - 182
49. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 2
50. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 49
51. ШАЌИРИ ХИСНИ -188, 190 ,235, 236, 237

т.22-на стр,2-Избор на народ.
правобранител - Бранко Наумовски

т. 23 на стр.6
т. 2 - пенз. инвалид. осигурување
т.1 -стр.б-Фикансиско работење
т.3-стр.119:Предлог за донесување на
законот за употреба на знамињата
грбот и химната на РМ
т.4-157стр.Предлог за донесување на
закон за употреба на знамиња преку
кои припадниците на националностите во
го изразуваат својот идентитет и
националните особености,со предлог закон

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јули 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Јован Лазаров не извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше име и во мое име да им го честитам роденденот на пратениците Рубинчо Белчевски и Петре Трајановски и да им посакам добро здравје и успех во работата. (аплауз).

На Шеесет и седмата седница се договоривме пратеничките прашања што беа планирани за таа седница да се поставуваат на една од наредните седници, по реконструкцијата на Владата. ,

Предлагам пратеничките прашања на оваа седница да се поставуваат по исцрпувањето на дневниот ред.

Кој е за предлогот , молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали има некој против?(4 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање?(никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господинот Алил Џаферовски сака да постави деловничко прашање.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Сакам да ве замолам, заради важноста на денешната седница да се избере

Народниот правобранител и претседател на Комисијата за односи со верските заедници, затоа што мандатот му е изминат .

Предлагам овие две точки да бидат како прва и втора, од причини што некој точки од утврдениот дневен ред ќе предизвикаат повеќе дискусии, а веројатно можно е денес и да не се заврши седницата. Затоа предлагам овие две точки, точката 22 и 23 да се разгледуваат како прва и како втора точка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот на господинот Џаферовски го ставам на гласање

Кој е за предлогот, молам да крене рака?(51 пратеник).

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точка 22 - Предлог на одлука за избор на Народен правобранител.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Во име на пратеничката група на Либерално-демократската партија ќе го изнесам ставот зошто пратеничката група ќе гласа против

Предлогот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, за изборот на кандидатот за Народен правобранител.

Прво, самата постапка која се водеше во Комисијата не се водеше според деловничките одредби , затоа што седницата на Комисијата беше закажана надвор од деловничките одредби, по скратено брза постапка, а самата седница се одвиваше без присуство на претставници на средствата за јавно информирање, што алудираше дека нешто сака да се заврши, да речам, по брза постапка, надвор од очите на јавноста.

Второ, мислам дека се работи за избор на една значајна функција која за прв пат се воведува во Република Македонија и баш заради тоа затоа што се работи за избор на Народен правобранител или Обмуцман кој треба да ги штити правата на граѓаните кои им се прекршени од државната администрација, за кандидатот кој се предлага за оваа функција беше неопходно да се направат пошироки консултации со сите политички партии кои се застапени во Парламентот, ако не и пошироко. Во случајов ќе се остави еден мачен впечаток, до колку овој предлог се свати само како предлог на владеачката партија, односно на владеачката коалиција и ќе остави лош белег врз самата работа на човекот што се предлага да ја врши оваа функција, а што отвора можност , доколку на некои следни или на првите следни парламентарни избори овде се формира некое друго парламентарно мнозинство, таа одлука да ја стави на преиспитување и да биде доведена во ситуација да презема некои други чекори што би било неблагодарно.

Трет аргумент е следниот.

I/4.-

Ние како членови на Комисијата, материјалот што го добивме немавме воопшто податоци за кандидатот, од Службата за кадровски работи на Владата на РМ, како што тоа беше обичај, туку имавме прилика да ги прочитаме автобиографските податоци на кандидатот кој е предложен на оваа функција.

Врз основа на тие податоци што самиот кандидат ги приложил за себе би прокоментирал неколку:

Прво самиот кандидат во својата биографија вели дека е разрешен од функцијата помошник на министерот за правда и унапреден во функцијата главен републички управен инспектор.

За нас како пратеничка група оваа формулација во многу нешта е спорна затоа што, така како што ние ги разбираме нештата и хиерархијата во државната администрација не може функцијата, помошник на министерот за правда да биде пониска во хиерархијата од функцијата главен републички управен инспектор.

Второ, самиот кандидат во биографијата вели дека конкурирал за функцијата заменик на Јавниот обвинител на РМ и очигледно, бидејќи е кандидат дека не бил предложен за избор на таа функција.

Дали тоа значи, ако кандидатот не одговарал според мислењето на стручните лица кои го вршеле изборот за функцијата заменик јавен обвинител на РМ, што е функција по хиерархија пониска од функцијата Народен правобранител, која е во рангот на претседател на Врховен суд на РМ, одговара за функцијата Народен правобранител, а претходно не поминал во селекцијата за избор заменик на Јавен обвинител во РМ.

На крајот, самиот факт дека кандидатот вршејќи ги своите должности во Министерството за правда потпишувал акти или одлучувал за работи кои во наредниот период како Народен правобранител доколку

биде избран ќе треба да ги преиспитува, во смисла до колку некој од граѓаните кои биле оштетени повеле постапка за заштита на нивните права. Во таа смисла мислиме дека тоа е контрадикторно, истиот човек под присмотра ги поставува во наредниот период, во наредните две години и можеби и актите кои самиот тој ги донесувал во минатиот период.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката , молам да крене рака?(57 пратеници).

Дали има некој против?(16 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласаше?(1 пратеник)

Констатирам дека за Народен правобранител е избран Бранко Наумовски.

Го молам Народниот правобранител да даде свечена изјава.

Ги молам сите пратеници да станат.

Јас ќе читам дел од изјавата, а после тоа вие господине Наумовски повторувајте.

"Изјавувам дека функцијата Народен правобранител ќе ја вршам совесно , непристрасно и одговорно, ќе ги штитам правата на граѓаните и ќе се придржувам до Уставот и законите на Република Македонија".

Ве молам изјавата да ја потпишете во три примероци.

(Новоизбраниот Народен правобранител Бранко Наумовски ја потпишува изјавата).

Дозволете ми во Ваше и во мое име да му го честитам изборот на г-динот Бранко Наумовски за Народен правобранител и да му посакам многу успех во неговата одговорна функција.(аплауз).

Минуваме на точка 23 - Предлог на одлука за именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници. Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(63 пратеници).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието, за претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници го именува Владимир Наумовски.

Дозволете ми во Ваше и во мое име да му честитам на г-динот Наумовски за изборот.

Минуваме на точка 1- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиско работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, почитувани пратеници.

Дозволете ми сосема накратко да објаснам зошто Владата излегува со Предлог за изменување и дополнување на Законот за финансиско работење и се разбира, сосема на кратко да објаснам што е суштина^га на предложените измени.

Би рекол дека постојат неколку генерални причини заради кои ние се одлучивме на ваков чекор.

Првата причина е врзана со постојната неликвидност во стопанството и взаемните долгови и побарувања помеѓу стопанските субјекти. Вие знаете дека оваа ситуација со тек на време се изостри и навистина таа е тешка ситуација, претпријатијата перманентно чувствуваат недостиг од обртни средства. Тоа уште повеќе ја зголемува неликвидноста, а од друга страна рестриктивната монетарна политика во согласност со определбите на програмата за макроекономската стабилизација, исто така придонесува за зголемување на неликвидноста во стопанството. Сеедно на која релација се заемните долгови и побарувања, тоа ја комплицира состојбата.

Мислевме дека со овие измени барем донекаде ќе се зајакне финансиската дисциплина, што е иманентна карактеристика за стопански субјекти што работат во пазарни услови. Сеедно што ние сме во период на транзиција таа финансиска дисциплина треба долгорочно да јакне.

Понатаму втората многу значајна причина е содржана во фактот, затоа што дел од претпријатијата кои што често пати заради објективни причини не можат благовремено да ги исплаќаат придонесите, со неисплаќањето на придонесите отвораат други проблеми, а тие проблеми се концентрирани главно кај вработените, бидејќи вработените

не можат нормално да си ги користат своите бенефиции што се врзани со пензиското осигуруваше и здравственото осигурување.

Проблемот кај пензиското осигурување не се јавува промпно во секој поединечен случај. Работник кој што треба да работи уште 10 или 15 години, после истекот на тој временски период тој ќе отиде во пензија. Меѓутоа, сеедно, бидејќи перманентно се случува дел од вработените да го остваруваат правото на пензионираше, многу е непријатно кога самите корисници на идните пензии ќе сватат дека, затоа што нередовно се плаќале придонесите, тие не се во состојба да си го остварат своето право. Вие знаете дека има поединечни случаи на тужење, од страна на таквите вработени. Судовите досудуваат, односно донесуваат соодветна одлука, претпријатијата ќе мораат во таа ситуација поединечно да го платат тоа, но проблемот е генерален. Проблемот мора генерално да се разрешува.

Промпно или тековно уште е потешка состојбата со неможноста да се реализира правото на здравствена заштита, доколку не се добијат плавите картони, повторно заради доцнење или неплаќање на придонесите од страна на претпријатијата. Тука веќе имаме тековен проблем и вработените во претпријатијата се соочуваат со тој проблем.

Третата причина е врзана со самата состојба во пензискиот фонд, а исто така преку пензискиот и состојбата во здравствениот фонд, бидејќи тие се врзани садови, вие знаете дека пензискиот фонд мора да плаќа придонеси и кон здравствениот фонд, меѓутоа ако пензискиот фонд е празен или ако нема доволно придонеси, тој не може да го прави према здравствениот фонд, а од друга страна во таа ситуација останува пензиите и главниот товар односно еден добар дел од товарот за исплата на пензиите да го однесе Буџетот.

I/9.-

Јас само за потсетување ќе спомнам дека ние минатата година кога го носевме Буџетот за тековната година ги зголемивме буџетските трансфери за 1,3 милијарди денари, така да моменталната буџетска обврска е 4,3 милијарди денари. Во целиот тој изминат период Буџетот до крај ги исполнуваше овие обврски. Меѓутоа, во услови на рестриктивност на сите буџетски позиции ова создава проблеми и во самиот Буџет. Според тоа, мислевме дека со предложените измени бе придонесеме барем дел од заостанатите обврски да се наплатат, значи да влезат во фондовите и на тој начин да се релаксираат малку фондовите, а преку нив да се олабави и малку Буџетот, толку колку што е тоа можно. Затоа појдовме односно се одлучивме на еден ваков чекор.

Инаку вие најверојатно сте информирани од печатот дека тие заостанати долговори кон фондовите, навистина се енормни. Тие без камата се близу 8 милијарди денари и објективно гледано скоро и да не постои шанса тие да можат да бидат наплатени во ваква економска ситуација и во вакви перформанси на претпријатијата во услови во кои што живееме.

Од друга страна, морам да признаам, тоа е мое мислеше дека се ригидни и нашите законски прописи, да речеме Законот за финансиско работење, едноставно вели или ќе ги платите. сите придонеси, или нема ништо да платите. Тој не дава можност, да речеме приоритетно едни да се плаќаат сега, па подоцна други итн. Ние сакавме и таква можност да отвориме во Законот, бидејќи и порано во земјата се вршело такво репрограмираше но се покажало дека претпријатијата сепак не се во можност во пакет да ги измируваат сите заостанати придонеси. Затоа појдовме на едно вакво решение, а суштината на тоа решение мислам дека е јасна, од предложениот текст, меѓутоа сосема на кратко, да не одземам многу време ќе објаснам.

Фактички ние нудиме решение од една страна за заостанатите обврски, а од друга страна за тековните обврски.

Што се однесува до заостанатите обврски, решението е во оваа смисла, тој пакет да се разложи односно да се воведе одреден приоритет на плаќање на одделни обврски.

**ТАКИ ФИТИ:** (продолжение)

Ако едно претпријатие три месеци не ги плаќало придонесите сега даваме можност од репрограм фактички за три месеци се добиваат 9 месеци. Значи, мултипликаторот или коефициентот е 3 по 3, со тоа што првите три месеци приоритет на враќање односно плаќање ќе имаат придонесите за пензиското осигурување, вториот приоритет се придонесите за здравството и третиот приоритет се придонесите за вработување и персоналниот данок.

Исто така, тука има и една друга варијанта. Се овозможува за оние претпријатија, кои што имаат заостанати обврски да можат истите да ги платат доколку сакаат во рок од еден месец по стапување на сила на Законот со еден дискаунот, со еден попуст од 70%. Ние мислиме дека тоа е добро решение и дека тоа е добро решение и дека ќе им ја олесни состојбата на дел од претпријатијата кои што ќе можат да ја измират таа обврска, навистина со многу помалку пари отколку што дефакто располагаат.

Што се однесува до тековните обврски во Законот е дадена варијанта односно можност претпријатијата задолжително да ги плаќаат сите придонеси. Овде стои до 15 во месецот, без оглед на тоа дали е исплатена платата или не, додека персоналниот данок се плаќа во моментот кога ќе се исплати платата. Тука претпоставувам дека ќе има дискусија, затоа што имаше реакции околу датата, затоа што до 15-ти не ќе можат да стигнат, меѓутоа мислам дека околу тој проблем ќе може, како и по низа други проблеми, да се констатира овде, да се изјаснат пратениците и дефинитивно со Собранието да се искаже.

Се поставува и  генералната дилема што објективно постои, дали ова значи амнестија, значи опростување на дел од обврските кои што се

II/2.-

комулирани и сл Постои генерален принцип и во економијата тогаш кога има многу обврски кумулирано,кога тие не можат до крај да се вратат се прават и дисконти, се прават и попусти и не е тоа во основа невообичаена практика, бидејќи логиката е подобро нешто да се наплати отколку ништо да не се наплати. Не само од аспект на државата, туку и од аспект на обврските на стопанските субјекти, бидејќи за дел од тие обврски стопанските субјекти односно вработените примаат и соодветни услуги. Типично е и со здравството и сл. Токму заради тоа и вакви се од прилика решенијата, како што се договоривме. Тука има, мора да признаеме определена нерамноправност бидејќи дел од субјектите редовно ги плакале своите обврски и се обидовме барем до некаде, толку колку што е тоа можно да го исправиме со едно решение што го нудиме. Дел од приходите што врз оваа основа ќе се соберат во Буџетот на Република Македонија по основа на персонален данок, заостанатите особено да бидат враќани кон претпријатијата според соодветни критериуми односно определени критериуми заради производствени цели односно заради поддршка на производството. Таква е формулацијата во Законот со тоа што се разбира не ќе има дискреционо право тоа да го прави Министерството за финансии, или било кој поединечен министер, туку тоа треба да се прави врз база на програма што Владата би ја усвоила и во која би биле инкорпорирани соодветни критериуми.

Ете, почитувани пратеници тоа се предлозите што доаѓаат од страна на Владата, верувам дека ќе расправаме и ние сме спремни да ги чуеме аргументите, а после тоа Собранието да си донесе дефинитивна одлука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор бара г-динот Андов, кој има деловничка интервенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин. претседателе, дами и господа, Ние сега го ислушавме излагањето на министерот за целите кои сака да се постигнат и суштината на инструментите кои ги содржи овој Закон. Бидејќи овој Закон треба да се донесе во скратена постапка предлогот е на денешната седница да се усвои и Предлогот на законот, а некои интересни забелешки ги изнесе министерот барам пауза, ама прво да ми се подели текстот што го изнесе министерот и половина час да го проучиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа во 14,00 часот.

(Пауза од 12.35 до 14,30 часот).

II/4.-

(По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор Панче Насев.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Јас како стопанственик кој го тангира овој закон, кој сакаме денеска да го донесеме или да го коментираме, би сакал да дадам свое видување по него, што корист ќе има од него ако го донесеме и кој последици ќе настанат ако не го донесеме.

Законот како што е даден , во формата во која е даден, можеме да го поделиме на два дела.

Едниот дел се обидува да ги реши проблемите кои ги има Македонското стопанство со неплаќање на придонесите, и

Вториот дел, кој предвидува како тие придонеси во иднина да се плаќаат.

Мислам дека првиот дел, начинот кој е избран како да се плаќаат доприносите, направила Владата усилба нешто да се помогне на стопанството, доприносите кои по неколку години нема пратени, да ги плати, меѓутоа мислам дека стопанството и со овие попусти кои се предвидени и начин на плаќање кое е предвидено во Законот дел од стопанството и покрај сите бенефиции кои се дадени нема да биде во ссостојба да ги плати. Самиот министер рече дека Македонското стопанство е инсолвентрно, не му достасуваат обртни средства. Ако е така малку е веројатно дека една фирма која не плака доприноси ќе смогне снаги во еден месец да плака за два месеци т.е тековните доприноси и заостанатите доприноси од претходните години практично

тоа е невозможно, бидејќи ако фирмата може да плака тоа би го плакала со години уназад. Според тоа, таа бенефиција што ја нуди Законот практично е неизводлива во поголем број од фирмите.

Исто така со дисконт од 70%, што е кривично добар дисконт меѓутоа не е можно и тоа да се изведе бидејќи фирма која не платила година, две или три доприноси не може да снајде сега снаги да плати 30% од заостанатиот долг. Според тоа и покрај добрата намера на Владата во овој дел нешто да се направи, нешто да се реши практично е неможно.

Вториот дел кој предвидува санкции за оние форми кои треба да плаќаат, или не можат да ги плаќаат доприносите, тогаш блокада на сметките, претставува практично за поголем дел од фирмите во Македонија тотална блокада и за мсесец-два повторно застанување со работа. Неможно е фирмата да се натера силум да плака нешто што она не го створила во својот доход. Тоа значи ако силум ја натераш ефектите од блокадата што ќе се направи ќе траат еден месец, следниот месец се знае што ќе се случи и кои ефекти ек ги има. По мене би било најдобро овој закон да не го донесеме. Прво да се направат анализи зошто фирмите не може да плакат кои се причините што фирмите не можат да ги плакат доприносите бидејќи тоа е правило, не е исклучок. Друго е да не плака една фирма, две фирми, пет - десет фирми во Македонија тоа е исклучок па тогаш да го донесеме овој закон и да кажеме тие фирми нека пропаднат. Меѓутоа во Македонија е оправило фирмите да не можат да ги плаќаат доприносите, не затоа што не сакаат, туку не можат. Во законот пишува дека 168 илјади работници во Македонија не можат да плаќаат доприноси, со 16.000 фирми Во Штип ситуацијата. Има 10500 вработени во стопанството, 9.000 не можат да плаќаат дорпинос. Според тоа ,тоа е правило, не е исклучок. Ако е

правило треба да тргнеме од правилото, да анализираме зошто фирмите не можат да плаќаа. Ако тоа не го направиме Законот ќе го донесеме, тоа ќе биде тотално палијативен закон кој ќе важи месец или два месеца и последиците од него што ќе се случат ќе бидат по катастрофални отколку што е сега состојбата. Ние со години наназад зборуваме дека треба да го релаксираме стопанството, меѓутоа за релаксирање на стопанството малку се прави. Да земеме некои фирми, а посебно извозните фирми, затоа што во Македонија скоро сите се извозни бидејќи македонскиот пазар е мал, да ги анализираме нивните состојби. Пред три-четири години па да ги анализираме состојбите сега. Ќе утврдиме дека пред три-четири години фирмите далеку подобро стоеле, со подобар квалитет со обртни средства итн, а сега истите фирми при истото производство, или слично производство се наоѓаат во тешка ситуација и не можат да ги плаката доприносите. Зошто фирмите дошле во таква ситуација.

Според мене дошле затоа што голем дел од фирмите изгубиле еден пазар што го имале пред тоа. Да не ги кажуваме блокадите, да не се вадиме на таа работа, меѓутоа еден голем пазар е изгубен.

Второ, голем капитал е изгубен во Социјалистичките републики Бивша Југославија. И обртен и основен капитал. Тоа е нормално се одразува на бонитетот на фирмата.

Понатаму, кај извозните фирми јас тврдам дека пред поведувањето на цврстиот курс на денарот, јас не сум против тоа, тврдам дека многу фирми беа во подобра кондиција отколку сега што се при исто производство. Ние имаме цврст курс, имаме инфлација првата година 69%, па 18%, па 9%,па сега 65 итн. Тоа ако земеме да го пресметаме кај извозните фирми прави огромен дефицит на средства. Курсот е исти

растат трошоците и тоа ги исцрпува и така малите основни средства. Вториот проблем кој ги доведе фирмите во ваква ситуација е високите камати кои ги имавме пред две-три години. Така да средствата кои ги имаа фирмите резерва се премија во банката особено оние кои имаа долгови.

Трето, ако констатираме дека македонските фирми мора да бидат извозни, бидејќи не постои пазар,мал е пазарот што го имаме ништо не се прави тие фирми кои треба да се најдат очи во очи со другата конкуренција на западниот пазар претежно нивната состојба да се релаксира. Напротив се направи обратно. Ги укинавме премиите, разни повластици што имавме по царини се укинати, кредитите скапи, мал македонски пазар и платежно неспособен. Сето тоа ја отежнува состој бата.

Понатаму, во овие две-три години имаме зголемување на давачки на фирмите према државата. Минатата година донесовме закон со кој према здравството се зголемија давачките на 40%, условно квалификуван работник.

Понатаму, исто така мислам дека лошо се направи со тоа што направивме данокот на промет и данокот на услугите да се плака однапред така да фирмите сега практично ја финансираат државата.

Трето, оставивме големи стапки, посебно во текстилната индустрија, 25% данок на промет не е можно да издржи кога во сите републики или држави комшии на Македонија се со 9, 10 или 11% данок на промет. Предлогот кој потекнуваше од некој сопствениците данокот да биде 10% и просечен, беше најдобра варијанта. А ние со 25%, значи со 1/4 од цената треба да одиме државата да ја финансираме унапред. Тоа е исти товар на стопанството.

II/8.-

Што ќе се случи ако го донесеме законот.

Прво, фирмите кои се во огромен број со 168 иљади работни по еден месец ќе бидат тотално блокирани. За никаква стопанска активност се блокира жиро сметката не можеш дневници, немап патни, немаш никаква стопанска активност се запира. Јас тврдам дека фирмите за месец дена ќе мора да одат во стечај и дека ќе има огромни штрајкови, ќе дојде до немири, до менување на раководни гарнитури итн.

Еден месец само ќе се земат пари за фондот, второт месец нема шанси да се земат. Нема да работат работниците ако еден месец не им се даде плата. Нема шанси. Некој вели овој закон го правиме во име на работниците да ги заштитиме. Па погледнете таму и директорите не платиле пензиско итн. Па самиот за себе, јас сум егоист, прво ќе гледам за мене да си направам ако има пари. Стажот ќе го платиме на работниците нормално. Нема пари не се шпекулации во прашање. Може да има шпекулации 2-3%,во некој мали фирми.

Второ, законот се донесува изненадно, под итна постапка. Многу директори земале обврски, сезоната е, е специфично за конфекцијата, дека ќе ја завршат без штрајкови, без немири итн. Па, сме земале огромни работи, сме гарантирале дека тоа ќе биде произведено и направено. Законот изненадно се донесува и нашата гаранција после месец ќе падне. Каков ќе биде мојот однос спрема тие мои партнери во иднина. Тие ќе кажат ти ни гарантираше, а сега се случуваат немири. Не може закон да се донесе наеднаш и да ја промени комплетно состојбата.

Трето, Законот ќе почне да важи до Август месец, веројатно месец дена потоа од рачуните кога на работниците му треба пари (дрва струја, туршија, книги за децата итн) а ние не ќе можеме на работниците плата да дадеме. Замислите што ќе се случи во тој момент кога не можеме

да им дадеме плата. Тоа се 168.000 работници. Јас не сум за говорник дека не треба да има финансиска дисциплина, не сум заговорник фондовите да бидат празни, меѓутоа мојот предлог е да се испита зошто не може стопанството да плака па после да донесеме закон кој ќе биде меродавен и кој прво ќе ги проследи сите проблеми, ќе ги анализира , па врз основа на тоа ќе донесеме таков закон кој ќе ги реши проблемите. Вака нема да се решат проблемите.

Мое мислење е дека најдобро е да се тргне селективно. Ние како прво не знаме кој гранки од Македонија ќе ги штитиме, кои ни се носечки гранки во Државата. Дали е текстилот на пример носечка гранка во државата. Не знаеме. Треба да го штитиме или не треба, дали треба да го бенифицираме или не треба. Дали е тоа нешто што и значи на државата. Ако значи ќе одредиме таква стапка на државата према државата кои таа гранка може да ги поднесе. Еве јас ќе ви кажам случај. Сите мои партнери што ги имав и сите текстилни фирми во Германија, Франција, Запад имаат фирми, сопствени конфекции во Тунис. Во Тунис се 30% давачките за текстилни производи и покрај туризмот на второ место е текстилната индустрија во Тунис. Решиле да биде така и сега е така, но затоа има огромен број вработени и ако повеќе луѓе с е вработат, помалку такси, пак ќе се собере истата сума на пари. Ние не знаеме дали текстилот во Македонија, во која состојба го држиме дали во бенефицирана кои сакаме да го уништиме како гранка ниско рентабилно. Ако сакаме да го уништиме тоа е друга работа, треба да се каже да го уништиме. А ако е тоа типична трудоинтензивна гранка која вработува многу луѓе и која работи скоро 100% за излез треба да ја бенифицираме ако сакаме да опстане, инаку нема шанса да опстане.

II/10.-

Текстилната индустрија не може да плака данок 25% данок на промет. Мора тој данок да се упросечи на 10%, инаку ќе ја имаме следната состојба. Сите продаваат со 5%. Тоа јас сум го рекол тука и така е. Немаше 25% да држи наша цена кога на македонскиот пазар има шверц-комерц со текстил колку сакаш. Ние ако ја качиме цента, ако продаваме со 25% треба 20% да ја качиме цената нагоре и тогаш шверцерите ќе си ја кажат уште 20% и ќе си ја стават во џеп разликата. Така ништо не се продава. Јас ви го кажувам примерот на Астибо по 1.000 по 2.000 ДМ марки имаме прилив од Македонскиот пазар немаме Може тоа слободно некој да дојде да го анализира. Според тоа на тоа да ставиме уште 25% ќе имаме уште послаби ефекти.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:** (Продолжение)

Ако сакаме исто така ова да заживее, или да се плати дел од ова, мора да се најдат кредити евтини, кои ќе му се дадат на стопанството, ќе се вбризга некоја финансиска инекција за да може да го плати ова што треба да го плати и да се покрене состојбата Без евтини кредити ништо не можеме да направиме. Може само еден месец да се соберат парите и после да се затворат финансиите.

Мислам дека сите наши желби за трошење, било да е тоа некој вид на трошење, дали од буџет, или во јавни претпријатија итн. треба да ги сообразиме со нашите можности. Во стопанството имаме отпуштање од работа на многу луѓе, имаме администрација отпуштено и тоа голем број луѓе, во државата тоа не се случува. Не може на едната страна тоа да се случува, а од другата страна да се зголемува. Според тоа државата мора да чини толку колку што може да собере пари и ништо повеќе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Георгиев.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри, денес на дневен ред е донесувањето на Законот за измени и дополнување на Законот за финансиско работење, навистина, не многу обемен и сложен, во секој случај, исклучително значаен закон за стопанските субјекти и воопшто субјектите обврзници на придонесите од плата и персоналниот данок од плата .Од една страна се дава можност за соодветно олеснување на стопанските субјекти во подмирувањето на заостанатите обврски по основ на придонеси од плати, персонален данок од доход и од друга страна поголема финансиска дисциплина во исполнувањето на тие обврски, односно полнењето на буџетот. Токму поради тоа треба

да се поддржи донесувањето на овој закон, иако верувам, а веќе беа и искажани доста мислења дека ќе постојат доста разлики во оценката за понудените решенија, но верувам дека сите тие се во функција на донесување на закон за финансиско работење, што ќе биде во интерес на целокупната стопанска активност и пред се за остварување на правата на работниците по основ на пензиско и здравствено осигурување, вклучувајќи ги овде и правата на земјоделските производители. Ако се појде од решенијата кои се понудени во самиот закон може да се констатира следното.

Прво, со решенијата кои се понудени во член 2, дека субјектот не може да плаќа во готово други примања, се мисли на надоместоците и дивидендите, доколку не се платени придонесите од плата се елиминира можноста од евазија, неплаќање на придонес од плата и персоналниот данок. Кај одредени стопански субјекти кои не се во состојба навреме да ги исплатуваат овие обврски, ова решение е доста рестриктивно и може да ги стави во уште потешка состојба. Поготово тука станува збор за исплата на надоместокот за патни и дневни трошоци, за превоз на работниците, како и регрес за исхрана.

Во поглед на решенијата кои се понудени за плаќање во готово за забраната на плаќање на плати во бонови,во натура, се сосема на место и тоа се решенија кои се содржани и во постојните законски прописи и само се поставува прашањето во ефикасна финансиска контрола за спречување на таквиот вид на исплата. Повеќе дискутабилно е решението понудено во член 3 каде субјектите се задолжуваат, придонесите од плата да ги помируваат по 15 во месецот за изминатиот месец.

Дискутабилноста произлегува од сегашните економски услови во кои се стопанисува, каде што мал е бројот на стопанските субјекти кои можат да исплатат плата, односно да платат придонеси од плата до 15 во месецот за изминатиот месец. Затоа сметам дека ова решение

е доста рестриктивно и скоро неостварливо и можеби еден рок до крајот на месецот или 25 во истиот во месецот за изминатиот месец е поиспрано и поправично решение. Не сакам во овој контекст да зборувам дека придонесите произлегуваат од платата и тоа исплатената плата и дека можеби е неодржливо да се исплатат придонеси за неисплатена плата што понуденото решение дава таква можност.

Со решенијата кои што се понудени во членот 9 односно новиот член 24-а се дава можност за олеснување на стопанските субјекти за давањето можност на исплатените придонеси од платата и персоналниот данок од плата да се пролонгираат и платат без камата за онолку месечни рати, за колку месеци придонесите не се платени и тоа по соодветно утврден ред, кој што беше искажан од страна на министерот.

Уште повеќе е значајно што се дава можност за оние субјекти кои ќе бидат во можност да ги намират доспеаните, а неплатени обврски по основ на придонеси и персонален данок од плата во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој закон. Да искористат намалување на обврските на 70%. Посебно е важно да се каже дека тоа решение се однесува за сите субјекти обврзници на придонеси и плати, вклучувајќи ги и приватните занаетчии, самостојните дуќани и индивидуалните земјоделски производители. Ако се има предвид дека кај индивидуалните земјоделски производители овој проблем е посебно актуелен и присутен неколку години наназад имајќи предвид дека 1992 година наваму индивидуалните земјоделски производители скоро и да не ги плаќаат овие придонеси, се дава можност истите да ги платат своите обврски по основ на пензиско и здравствено осигурување во период од толку месеци доколку не се платени наведените придонеси и персоналниот данок односно во рок за еден месец со намалување на обврските за дури 70%.

Се надевам дека индивидуалните земјоделски производители навреме ќе се информираат за оваа можност и ќе ја искористат поволноста што ја нуди законодавецот. Уште повеќе ако рокот за искористување на овој дисконт се продолжи од еден на два месеци од стапувањето на сила на овој закон.

Сметам, исто така не е за потценување можноста на трансформирањето на овие побарувања од страна на фондот за пензиско и инвалидско осигурување во блокот на истите, што секако не е предмет на овој закон, но што треба да се има предвид, а верувам дека и други дискутанти, колеги ќе се заложат за оваа можност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, неколку реченици за овие мои гледања за материјалот кој е пред нас, а со тоа морам да кажам дека ми е одговорено на пратеничкото прашање што го поставив пред една ипол година, дали се подготвува во оваа сфера промена. Бидејќи со тоа сметам дека, можеби порано да беше донесен еден ваков предлог решение, можеби ќе беше најдоброто, но тоа што е е пред нас. Во основа се залагам или се залагав на донесување за нов закон за финансиско работење, а овие суштински одредби требаше да се вградат во него и ми се чини дека така ќе постигнеме поголема цел. Но, да изнесам неколку мои гледања на ова што е пред нас.

Прво, членот 8 или членот 2 од овој Предлог закоп сметам дека оваа одредница најдобро решение ќе најдеше, доколку во членот 11 беше петта точка. Фактички оној приоритет на наплата при инсолвентно-

ст. Најсоодветно, ми се чини, дека тука ќе го најдеше местото, со тоа што тука амандманите фактички кои што се поднесуваат досега на некој начин ќе се елиминираа.

Втора работа е добро што од упатството за благајничко работење кои фирмите го имаат и фактички е на сила сега, оваа одредница се однесува по членот 2 до максимална исплата во готово до 200 марки преку каса за поединечна исплата.

По однос на член 15 обично обврските кон државата и од данокот на промени на акцизите ние ги плаќаме во два периоди, до 5 до 20-ти. Сум во принцип, бидејќи овде се работи за поголеми давачки тоа да биде до крајот на месецот за изминатиот месец. Добра фирма која успешно работи, ми се чини дека тоа може да го поднесе. Сега, цело време ни се провејува во мислата што е успешна фирма. Дали е успешна фирма што ќе ги избегне придонесите да не ги плаќа односно да не го плати данокот и другите давачки на една држава. Ако е тоа успешна, тогаш да го земеме тоа како параметар и да го прифатиме ако критериум за понатамошна работа.

Во членот 3 последната одредница се забранува исплата во бонови, во натура. Ми се чини дека ваква одредница, не ми се чини, туку постои во законот за исплата на плати, тоа е членот 8. Со тоа што овде што е додадено сметам дека не е потребно, бидејќи таква забрана постои и во друг законски проект.

Членот што предизвика најголем интерес, тоа е членот 24-а во преодните и завршни одредби на овој закон и сметам дека предложениот односно предложените амандмани, а се однесуваше на овој дел со ограничување на рокот на плаќањето на фирмите до 3 години држи, бидејќи како што беше вака пишано ми се чини дека тоа ќе не однесеше до бескрај, свесни за тоа дека во Република Македонија имаме фирми кои немаат платено по 3, 4 и повеќе години. Така, рокот од 3 години

ограничување односно до 3 години дава можност и тоа е првата можност за да се платат придонесите.

Дисконтот, не е релаксирачки,туку ми се чини дека е премногу релаксирачки за сите субјекти кои се спремни и можат тоа да го платат, а додека, сега како тука ќе реагираат надградбата . Во ова решение што е предложено ми се чини дека најпогодено ќе биде здравството. А зошто? Ќе кажам и тоа, фондот за ПИО побарува од субјектите 4 и нешто милијарди, здравство побарува 2,2 милијарди, вработување незнам колкава е обврската и персоналецот. Единствена обврска на Фондот за ПИО е кон пензионерите. А здравството 50% од материјалните трошоци, од своите давачки, расходи се материјални трошоци односно обврски кон доверители. Тоа се струја, осигурувањето, горивото, лекарствата. Да појаснам, под услов алтернативата односно можноста на наплата од 30% со дисконт од 70 да се оствари во фондот за пензиско осигурување тоа е 1,5 милијарди денари би се оствариле што значи една пензија би се обезбедило средства.

Кај здравството 2,2, 30% се шестотини милиони денари. А обврските на здравството, морам да спомнам, дека се 2 милијарди. Значи здравството би успеало со оваа наплата на ваков начин да покрие само една третина или една четвртина од обврските.

И последната алинеја и ставот што е во однос на тоа, морам да го кажам и тоа ако јас на оваа говорница која беше извештајот на Агенцијата за трансформација, ја изнесов идејата, сега морам да повторам, да не бегам од таа идеја за решавање на проблемот на обврските и придонесите кок државата, тоа беше нивното трансформирање. И сега стојам на тоа дека едно од можните решенија, ако првото е на одложено плаќање, второто ако е со дисконт од 70% како трето решение го сметам и го предлагам за нивно трансформирање. Имаме во светот држави каде што и фондот за здравство може да биде

акционер во фирма. Фондот за ПИО веќе е по сила на законот за трансформација а вака би дошло по сила на обврски односно побарувања во случајов, зошто да не и здравството да има свои акции во одредени стопански објекти со тоа што давајќи еден грејс период од 10 години, фирмите да можат да откупат од фондот за здравство. Така, не би изгубиле и овие 70%, а и фирмите и без парично фактички би дошло трансформирање. Ќе ми се одговори на ова знам дека ваква граница не постои во Законот за трансформација, или не е местото во овој закон. Во овој закон е бидејќи овој закон тоа го регулира, како да се регулираат обврските спрема државата. Но, Законот за трансформација го донесе Парламентот и тој е тој кој што може да го промени.

И уште една работа што сакам да ја спомнам, а под услов и убеден сум дека овој закон ќе се донесе , а ќе предизвика колизија со постојниот закон за данок од добивка.- Тоа е членот 14 каде што вика "субјектите кои имаат неизмирени давачки кон државата во образецот ДЦ, тоа им се оданочува со 15%". Фактички со оваа обврска за еден месец да ги измират, фактички тој станува член депласиран и ми се чини со оваа пресметка периодична не би се опфатило тоа, но во најскоро време Министерството ќе мора членот 14 од законот за данок од добивка да види дека нема да содејствува со овие одредници што се овде.

Јас сум за овој закон со овие мои гледања и размислувања во начело што ги дадов, амандмански не интервенирам  од причина што мислам дека има доволно амандмани од страна на колегите и благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги!

III/8.-

Го слушнавме излагањето на господинот министер во врска со предложениот закон и слушнавме дека постојат три главни причини поради кои се бара дополнување на законот за финансиско работење.

Првата причина беше подобрување на ликвидноста на стопанските субјекти во стопанството, каде што се смета дека на овој начин ќе се подобри таа неликвидност која дефакто постои.

Втора причина беше подобрување на финансиската дисциплина на плаќањата.

Трето, подобрување на Фондот за ПИО односно на средствата кои што фондот е должен да ги плати или фирмите му се должни на фондот. Мое лично мислење е дека токму поради овој закон ќе се јават 4 негативни последици во стопанството кои многу негативно ќе се одразат на стопанството и практично ќе го закочат и така, да кажам, неговата сегашна и слаба функција која ја има во овој момент.

Прво, од аспект на неликвидноста сметам дека и оние фирми кои се должни на Фондот, а кои сметаат дека можат да го фатат бонусот од 30% од дисконтот со позајмување на пари јас не гледам дека со свои сопствени пари можат да го решат тој проблем, тоа значи дека тие фирми мора да се задолжат пред некои банки, или да позајмат пари со некои високи камати за да можат да го платат тој бонус од 30% и да можат да ги исплатат тие пари на Фондот.

Мојот начин, практично, сите стопански субјекти кои што ќе се решат на овој чекор влегуваат во нови долгови каде што треба месечно да се исплаќаат тие камати, што значи дека уште повеќе ќе се вложи неликвидноста на тие фирми или ќе немаат обртни средства за било какво функционирање на тие стопански субјекти.

III/9.-

Втора негативна последица која ќе се јави е токму во оние фирми што не ќе имаат можности апсолутно ниту да влезат во тој дисконтен простор или во другата варијанта каде што треба да ги отплаќаат во рок од 6 месеци. Имено, поради строгите казнени одредби кои се предложени во законот едноставно тие фирми буквално ќе се закочат со плаќање или обврската за да ги платат тие казнени одредби, што значи дека и понатаму уште повеќе ќе се влоши социјалната тензија кај тие фирми каде што има голем број невработени, ќе се јават нови додатни штрајкувања, реагирања и практично на тој начин не гледам дека ќе се реши проблемот.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Трета негативна последица ќе биде точно кај оние мали и средни претпријатија кои и досега може да се каже, барем според оние податоци кои ги имаме, дека се најредовни би рекол плаќачи на тие давачки во Фондот, односно најредовно ги плаќаат тие давачки и сметам дека токму тие фирми, тие мали и средни кои најмногу до сега ги плаќале месечно тие давачки, ќе се случи поради членот 2 до 15 во месецот да мораат да ги регулираат своите обврски спрема Фондот. Ќе излезе дека и тие ќе мора да вршат рестрикција на вработените во фирмите, кои не се така бројни вработени, или да наоѓаат некој друг начин да го изигруваат Законот. Сметам дека и на овој начин практично таа групација на фирми кои коректно плаќале до сега не ги наградуваме, туку напротив ги казнуваме, иако во самиот Предлог на закон постои еден член со кој тие наводно ќе се наградат на тој начин што ќе добијат некои кредити за реконструкции, што сметам дека законски и правно гледано, некој што плаќа да биде награден тоа е малку несватливо и од правен аспект. Напротив, наместо да ги казнуваме или да се обидеме правно да ги решиме оние фирми кои не ги измируваат долговите, или со други зборови да ги бараме причините зошто тие состојби се такви, ние сега одиме на некои правни еквибилистики, правиме некакви награди за оние кои редовно плаќале .

Четврта негативна појава, која веројатно најлошо ќе се одрази, тоа е во Фондот за пензиско осигурување и за здравствено осигурување. Имено, овде слушнавме дека моменталните долгувања и побарувања на Фондот се околу 4 милијарди денари, што значи по претпоставка дека сите фирми кои должат да платат 30% одеднаш, ќе се соберат околу една ипол милијарда денари, кои обезбедуваат едномесечна или двомесечна пензија. Но факт е дека на тој начин, барем според некои

според некои бројки со кои досега располагаме, постојат околу 180 илјади лица чии пензиски статус не е решен. Значи ако тие 30% на фирми платат, значи една идеална претпоставка, тогаш по тој просек ќе добиеме нови 9 илјади пензионери во Фондот, што ќе го оптоварат Фондот на додатните, кои ги имаме околу 250 илјади.

Второ, од аспект на Фондот, прашувам со тие 30%, за да се добие 100% обезбедување на пензија, се прашувам од каде се тие други 70% на средства што треба да се обезбедат, за да може да се рефундира до износот од 100%. Што значи дека треба од буџетот да се бараат нови извори за тие 70%, за да се овозможи да се избалансираат тие пензиски давачки.

Сметам дека овој закон ништо нема да придонесе ново во стопанството, туку напротив уште повеќе ќе ја влоши состојбата и мој предлог е да се повлече од денешната расправа, да се најдат причините поради кои е настаната сегашната ситуација, зошто не се плаќаат тие давачки спрема Фондот. Дел од дискутантите спомнаа, не би сакал да повторувам кои се тие причини бидејќи сигурно ги има повеќе. Но сметам дека кога Владата и Министерството за финансии точно би ја фокусирале својата енергија на барањето на причините и на некој начин брзо да ги решаваат тие проблеми околу причините и да ги елиминира поскоро, се надевам дека поефикасно ќе се делува отколку да се донесе еден ваков закон, односно измена на закон што нема апсолутно ништо да ја подобри состојбата во стопанството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Крстевски.

IV/3.-

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал да го изнесам моето мислење во врска со овој Предлог на закон и веднаш да кажам дека го делам мислењето на оние пратеници кои го критикуваа Законот од аспект дека тој не нуди решенија за и онака тешката финансиска и економска состојба на стопанството во Македонија, а посебно на претпријатијата. Загрижувачки е што овој закон прво се предлага ат хок така да кажам, во скратена постапка и некаков препад во економскиот и правниот систем на Републиката и влече последици од она што често пати го кажуваме, а тоа е дека Владата нема коегзистентна економска програма и што е уште поважно за овој Парламент, таа овде не ја декларира, особено при изборот на Владата.

Овој закон очигледно тргнал од некакви кратки цели, кои во основа се сведуваат на тоа државата да обезбеди повеќе прилив на придонесите од состојбата која сега е, меѓутоа, дискутабилно е, да речам условно, уставно правниот основ по кој таа сака тоа да го направи, нешто што во економијата на другите држави не се применува, особено во развиените земји, а тоа е некој да ги земе придонесите пред да исплатите плата. Тоа е едната страна на проблемот кој овде се јавува.

Втората страна е всушност улогата која овде повторно се дава на Заводот за платен промет, а која е непозната во развиените пазарни економии. Тоа е таа да се јавува и во улога на даночен орган. Се разбира дека тука се изместува концептот на развојот на финансиските институции, кои сакаме да ги градиме и кои сакаме да бидат компатибилни со западниот свет. Што е најважно, ваквото прибирање на средства и администрирањето на Заводот ќе влијае според мое мислење битно на интересот на странски вложувачи и фирми да се лоцираат на

овој простор. Не верувам дека ќе постои странски вложувач кој ќе прифати даноците, односно придонесите да ги даде пред да ја исплати платата.

Од друга страна од уставно правен карактер, тоа всушност и самиот^министер го кажа, е дискутабилно прашањето на еднаквите права пред законите, давањето на право на оние кои од најразлични причини, меѓу кои може да биде и недисциплината и неекономски елементи, да можат низ одредбите на овој закон да добијат право од 70% на дисконт, ги става во нерамноправна положба оние кои тоа редовно го прават. Уште повеќе, настанува една страшна дубиоза во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и во здравствениот фонд, што краткорочно ќе значи можеби еден или два месеци пополнување, меѓутоа во основа ќе значи напуштање на оние иницијативи кои значеа реорганизација на Фондот во капитални фондови, каде што формата на акционерството, вложувањето и тн. ќе биде дел од политиката и правата на фондовите. Со тоа, да речам, на кратка стаза ќе се добијат некакви социјални поени кај населението, меѓутоа, тие многу брзо ќе се почувствуваат ако се има предвид самата бројка која е дадена, а тоа е околу 350 илјади вработени во Република Македонија, 100 илјади се буџетски практично на плата, некаде 165 илјади, како што стои овде според податоци од Заводот за статистика не уплатиле редовно придонеси во последните два-три месеци, а тоа значи дека многу е мал капацитетот и економската состојба која можат да ја издржат фирмите, односно оние кои вработиле, а тоа е само 80 илјади редовно вработени.

Што би било коегзистентно во вакви услови да се направи? Според мене, би било покорисно Владата да не биде преамбициозна, да седне малку да ги продлабочи фактичките податоци во стопанството и да предложи целосна програма за ревитализација на стопанството, која ќе

опфати повеќе измени, дополнувања, па и нови законски текстови на сосема други основи и на други принципи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници и членови на Влада, овој закон кој денес го разгледуваме мене ми се чини дека повеќе има психолошки елементи, отколку што има правни елементи. Се разбира, не е прв пат министерот господин Таки Фити да ни нуди некои експериментални решенија, а тоа беше случајот со акцизите кога беа намалени со мотивација дека тој психолошки момент ќе придонесе шверцот со цигарите, алкохолни пијалаци и др. да се намали. Еве, и денес имаме еден таков законски проект, со кој се мисли дека државата повеќе ќе успее да ги собере оние придонеси кои за жал како што сме запознати, не се плаќаат.

За разлика од некои други дискутанти, јас сум еден од оние кој е буџетски корисник и се разбира му одговара собирање на придонеси. Меѓутоа, за разлика од првиот пат, мене ми се чини дека овој пат со овој законски проект се прави еден преседан, што сакаме некако да ја легализираме анархијата. Ова го зборувам од причина што, како што рече и претходниот дискутант, има стопански субјекти кои работат во Република Македонија, нив ги ставаме во една нерамноправна положба. Некои стопански субјекти, што е законско право, кои плаќале редовно придонеси, нив речиси со ништо не ги фаворизираме со овој законски проект, додека некои стопански субјекти кои за жал не плаќале подолг временски период со оваа дисконтна стапка што ја нудиме од 70% едноставно ги фаворизираме.

Тоа значи ако ова постојано го дозволуваме, тогаш по мое мислење се легализира една анархија, односно непочитување на Законот.

Јас мислам дека секој стопански субјект, независно од тоа во каква положба е, е обврзан да ги плаќа придонесите и тука не треба да се прави никаква разлика дали некој работи подобро, дали некој работи полошо. Тие што работат полошо, на крајот на краиштата, можат да дојдат до ликвидација и едноставно да им престане работата. Но тоа што, верувајте, од буџетот зависат и многу други субјекти во оваа држава, посебно овде би го нагласил образованието, многу од вас знаат, можеби многу од вас и не знаат дека образованието ни е во многу тешка состојба. Верувајте, ако сакаме развој на оваа Република, тогаш мораме барем што се однесува до образованието да направиме посебни напори да го финансираме и да го унапредиме, бидејќи би рекол само со квалитетно образование ние можеме да очекуваме развој на оваа Република.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, во однос на предметниот закон кој се расправа во начело, најнапред сакам да се изразам, застапувајќи го мислењето на претставниците од стопанството во Изборната единица во општината каде што сум застапник, чии реагирања се евидентни во однос на овој закон дека причините за интервенцијата во сферата на стопанството преку содржината на овој закон кој го регулира финансиското работење на претпријатијата и те како ги има во насока на олеснување на сегашната евидентна и скоро од сите дискутанти потврдена инсолвентност на стопанството во

Републиката. Таа цел, што е неспорна во причините за донесувањето на овој закон, е со оправдување во делот на регулирањето на условите за исплата на неисплатените придонеси и персонален данок од доход.

Овде би коментирал дека неанализирајќи ја вистинската состојба и причините за неможноста за плаќање на придонесите и персоналниот данок од доход, а тоа е како што искажа и пратеникот господин Панче Насев во делот на неможноста стопанските субјекти редовно да ги измируваат енормно високите давачки со придонеси и персонален данок, тоа е вистинската причина, тоа е анализата зошто не се плаќаат придонесите и персоналниот данок. Предлагачот, Владата на Република Македонија, избегнувајќи го суштинското третирање на овој проблем со конкретни мерки за преземање на намалување на висината на придонесите и висината на персоналниот данок, наместо тоа се пушта во едно јас би рекол компромисно решение, наместо намалување на придонесите и даноците, кон регулирање на подобрување на условите на исплата на сега неисплатените придонеси и персонален данок, што е евидентно како што стои во Законот во голем број на претпријатија.

**ПАНЧЕ МИНОВ: (**продолжение)

Сметам дека во тој дел е неприфатливо решението да се регулира другата цел што сака да се постигне со овој закон, а тоа е да се регулира финансиската дисциплина со законско утврдување до 15-ти во месецот за претходниот месец да се пресметуваат и уплатуваат придонесите по приоритети во оној временски период по месеци колку што е задоцнувањето. Тоа да биде по приоритети: пензиско - инвалидско осигурување, придонесот за здравствено осигурување и на крај за вработување и персоналниот данок од доход.

Тоа е неуставна регулатива и неможе ако не се пресметува и ис-платува основот, во конкретниов случај тоа е платата, да се пресметува и да се наплатуваат придонесите за персоналниот данок од доход

Како што е неуставна оваа регулатива и не е во интерес на стопанските субјекти затоа што , тргнувајќи од катастрофалната инсолвентна состојба на стопанството, што е евидентно дека не е во можност да ги исплати превисоките износи на придонеси и персонален днаок, во такви случаи се предвидува не намалување на давачките со придонеси и давачки, туку олеснување временско во нивната исплата од една страна, а од друга страна, без оглед дали се обезбедени средства за исплата на платата, задолжително пресметување и наплата на придонесите по овој приоритет што понапред го кажав.

Сметам дека во оваа смисла многу е спорен и дилемичен делот на обврската за вториот приоритет, тоа е придонесот за здравствено осигурување, бидејќи тоа е обврска , давачка што се пресметува за наплатување во изминат период, во услови на некористење на здравствени услуги. Како што овде беше од некои дискутанти кажано, а потоа се спореди со фактот дека со последната измена на Законот за здравствена заштита покрај основицата за пресметување воведовме покрај просечната плата и коефициент на сложеност на работа по

квалифициран работник, што веќе од многу стопанки и нестопански субјекти каде што коефициентот на сложеност на работа е висок се јавуваат дека овој износ на придонес како оптоваруваше навистина претставува голем намет на стопанските субјекти и на носителите на општествените дејности, во таков случај посебно во услови кога не се користени здравствени услуги во изминатиот период, се регулира обврската за второт по ред како приоритет да се исплатува здравствениот придонес.

Овде, несогласувањето е во смисла не да се биде против здравството. Аспектите на интервенирањето и коментирањето од моја страна е поради тоа што тоа е нереално само во делот на можностите на обврзниците за исплата на тој придонес од една страна, а од друга страна нереално е и во смисла нешто што не се користело во изминатиот период, сега за во иднина се задолжува по сила на закон.

Мислам дека апсолутно е неприфатливо реставрирањето на институтот, Службата за платен промет. Со последното донесување на законот на службата за платен промет направивме една реформа во делот на оваа парадржавна институција во нејзиното строго насочување во делот на платниот промет без непосредно мешање во ингеренциите на стопанските субјекти. Со оваа одредба до Законот повторно се реставрира тоа овластување и , нека бидам и погрешно заклучување, но тоа по мене е и една можност за непосредно регулирање на зависноста на стопанските субјекти преку институцијата платен промет од страна на државните органи. Тоа , како пракса во изминатиот период беше со многт7 негативни последици

Една нерамноправност што на крајот од законот се утврдува, тоа е дисконтот на попустот од 70%, мислам дека нерамноправноста постои во делот на претпријатијата и другите обврзници кои редовно ги измирувале

своите обврски со исплата на придонеси и персоналниот данок од доход.

Во што тоа се состои? Тоа се состои во тоа што во основното решение од наплатата на 30% на тие средства во рок од еден месец да се насочат прво во претпријатијата во стопанството па со интервенција на амандман од Владата тоа да биде по програма на Владата, мислам дека повторно целта дисконтната наплата со 70% намалување да биде еден коректив за рамноправноста на стопанските субјекти, повторно се врзува за Владата, повторно со Програма на Владата и повторно со еден голем простор за зависност на стопанските субјекти пак од Владата што не е интенција ниту на законска регулатива ниту на нашите стремежи кон демократија и ослободување на државните ингеренции непосредно од интервенирање во стопанството.

Тоа треба со акти што ќе ги регулираат условите, од страна на Владата или надлежното министерство за стопанство, директно да се потенцира дека тие ќе бидат насочувани, како средства, кон претпријатијата што редовно ги измирувале обврските при исплата на придонеси и персонални даноци.

Сакам посебно да потенцирам, начелно изнесувајќи се за неприфаќање на Законот, но во матичната Комисија за финансирање и буџет, што ги добивме дописите и од Стопанска комора и до Синдикатот во врска со овој закон се предлага претпријатијата што ја исплатувале обврската со придонеси и персонален данок со задоцнување, а за тоа плаќаат казнена камата, според сознанијата на стопанските субјекти од општина Кавадарци е големо оптоварување посебно заради задоцнување во исплатата на овие обврски од периодот кога таа казнена камата беше 2% дневно. Сега, состојбата е скоро безизлезна како долг по основ на камата за ненавремено исплатени основни обврски од

главницата . Комисијата за финансирање и буџет и Стопанската комора сметаат со една владина мерка треба да се утврди тоа да биде еден непосреден придонес од Владата кон стопанските субјекти за нивно растоваруваше во делот на пресметана и сега во многу висок износ оптоварувачка обврска што по основ на камати ја имаат голем број на претпријатија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Како новата Влада на СДСМ реагира на колосот на стопанството и предложените мерки што ги предлага со овој закон? Како што е познато, Владата подолго време најавува пакет мерки за совладување на тешката економска криза во земјата. При оценка за ставот на оваа Влада, рековме дека таа нема квалитети и способности да ги решава тешките проблеми во државата.

Веќе со првите мерки што ги најави таа тоа го потврди. Имено, наместо пакетот со конзистентно одбрани мерки за совладување на кризата, Владата понуди уште едно разочарување преку неколку мерки што, не само што нема да придонесат за подобрување на економијата, туку ќе ја зголемат агонијата.

Предложените мерки што се сведуваат на веќе започнатата мултилатерална компензација на измените на Законот за финансиско работење и најавената регулатива и практични решенија во доменот на политиката на концесиите ги оценуваме на следниов начин:

1. Тоа не се мерки што ќе извршат било какво позитивно влијание врз економијата во државата. Ова не е никаков пакет мерки туку 2-3 мерки што потврдува дека Владата нема решение за кризата.

Едноставно тие се израз на агонијата во која се наоѓа таа. Уште една потврда дека оваа екипа на власт нема концепција ниту програма, ни јасен правец за тоа каде треба да се движи во областа на економијата.

Овие мерки, во основа се мерки од арсеналот на старата концепциско-идеолошка матрица долго применувана во непазарниот или полупазарниот стопанско-системски амбиент. Мултилатералната компензација е применувана многу пати. Таа, едвај да има мали краткорочни ефекти.

Ако системот и неговата примена, наместо доверителите и натаму ги штити должниците, во тој случај и енормното кумулирање и неизмирените достасани обврски е вградена системска грешка, системски генератор на долгови и неефикасност, па затоа лекот не може да биде никакви мултилатерални компензации, бидејќи тие не ги отстрануваат причините што ја генерираат оваа состојба.

Со повеќето предложени измени на Законот за финансиско работење се прават други многу покрупни грешки. Се множат далекосежните негативни последици. Во основа, доколку овој закон се усвои ќе произведе и ќе произведува многу крупни негативности.

Ќе ги дискриминира стопанските субјекти, ставајќи ги во нееднаква положба, тие што ги почитуваат законите и тие што не ги почитувале. Иронијата во овој случај е што овој закон е на страната на тие што не ги почитувале законите.

Насочено е против еднаквата положба на стопанските субјекти а со тоа и против рамноправните услови на конкуренција.

Ќе стимулира психологија за натамошна евазија на днаочните обврски.

Ќе се суспендираат другите закони што одредуваат генерално како настапуваат обврските во стопанските субјекти, работникот и граѓанинот кон државата.

Го руши концептот на бруто-влага и на веќе повтореното назад. Ако Владата утврдила простор за намалување на фискалниот товар на стопанството, зошто не изврши генерално намалувале на давачките на фирмите и граѓаните?

Зошто планирала таков буџет? Како ќе го правда сега тој недостиг од средства што и натаму биле планирани во Буџетот?

Нешто во врска со концесиите. Тие , за сега, само се најавуваат. Нема понудено конкретни законски решенија за измена на постојните закони или донесување дополнителна регулатива.

Меѓутоа, мерките ќе се прегледаат во целина, како начин за решавање на проблемите и времето во кое се предлага. Се наметнува недвосмислен заклучок дека тие имаат единствена цел - актуелната власт не бара начин да собере пари да ја исфинансира нејзината претстојна изборна кампања.

Бидејќи доминира таков мотив таа предлага натиреформски закони, закони што ги дискриминираат стопанските субјекти и закони што од уставно правна гледна точка се , бездруго, спорни. 1994 година, поради изборните мотиви, започна необмислена изградба на пругата исток-запад што ја чини државата 150-160 милиони долари. Предупредуваме дека тоа може да биде трајно опасно со истите мотиви, необмнислено, неподготвено да се издаде дел од националното богатство и стратешките капацитети на државата на странци во форма на концесии, а скриено за да неспособноста од потребата за привлекување на странски капитал

Наместо овакви палиативни, антиреформски дискриминаторски решенија, антирешенија, една  Влада компетентна власт би требала да ги стори следните работи:

Да го напушти или битно видоизмени моделот на водење на економската политика. Овој модел во кој цело време монетарната политика имаше за цел фиксирање на девизниот курс, заради безуспеното

држење на инфлацијата на ниско ниво и во таа функција одржување на високите реални камати. Без други мерки од арсеналот на макроекономскиот инженеринг го произведе познатиот трговски дефицит, долгогодишната рецесија, преголемата невработеност. Покрај другото да заврши изградбата на финансиските системи и да започне негова стриктна имплементација.

Да се забрза изградбата на институциите на пазарот на капиталот и парите.

Да добијат апсолутна предност доверителите пред должниците и да се донесе нужното законодавство за хипотеки, за заштита на акционерите, да профункционира во целост правната држава.

Монетарната политика, девизниот курс, каматната политика да бидат ставени во функција на оживотворување на стопанската активност и решавање на платно-билансните проблеми во државата.

Ги прашуваме креаторите на досегашната економска политика, со какви мултилациони компензации или отмици ќе го решат следниот проблем - банките од овој момент побаруваат достасани неизмирени обврски на стопанството од 1 милијарда и 17 милиони германски марки. Тоа е 82,8% од тоа се побарува по основ на камати. Од вкупната политика и бавната реформа каматата, реална, само за минатата година беше 21,5%, стопанството има негативна профитна стапка. Фирмите знаат дека немаат профит од што можат да платат таква цена на капитал или земаат такви скапи кредити.

Ако најдат одговор на ова прашање, тогаш има шанса за нашата економија да се намали фискалниот товар во целото стопанство Не да се на дискриминиран начин, врз еден друг субјект. Да се предложат мерки за офанзивна извозна политика и жестока политика за намалување на невработеноста.

Видовме дека оваа власт ова неможе да го направи. Затоа и овој пат поставуваме едно прашање да се оди на предвремени избори премиерот и СДС ќе бидат на голема мака ќе ја стават државата и целото стопанство.

Противник на СДС во ова време ќе биде само времето, кога ќе немаат време да го купат ова време затоа што граѓаните го изгубија кредибилитетот во оваа власт.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ајдарага има збор.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претсетаделе, почитувани министри, односно членови на Влада, почитувани пратеници,

Стопанството е во агонија, длабока агонија што трае особено кај поголем број големи стопански субјекти. Се поставува прашањето до кога ќе трае агонијата? Сигурно, истата неможе да тече до бесконечност.

Работите се јасни. Дури, многу јасни по она што беше речено од министерот за финансии во неговото додатно излагање. Неплаќањето на обврските создава големи проблеми, особено во исполнување на буџетот на Републиката, работа што немора да се објаснува. Сепак ќе ја искористам можноста и ќе спомне дека неисполнувањето на Буџетот току поради овие работи заради што се предлага измена на законот, создава големи проблеми кај сите корисници на Буџетот.

Еве само еден мал пример. Осумгодишното училиште во Дебар на име материјални трошоци за 1997 година нема примени ниту еден денар. Јас зборувам за Дебар. Не ја исклучувам можноста тоа да биде и во другите основни училишта.

V/9

Што тоа значи мислам дека неморам да ви солам памет бидејќи функциите се јасни. Не можат да се изведуваат. Имав можност да разговарам со директорот на Основното училиште, рече да, но кажи ми како да ги исполнам, не можам да ги исполнам, не сум примил ни еден денар за материјални трошоци за 1997 година". Работите се јасни.

Кога го кажувам ова не сакам да ги омаловажувам проблемите што ги мачат стопанските субјекти. Меѓутоа, се поставува прашањето што правиме понатаму? Дали можеме, како што е сега, да ги надминеме проблемите?

Не мислам дека со оставање на проблемот да тлее дека ќе биде надминат. Потполно сум свестен дека ова што се прави ќе наиде на големи тешкотии особено кај оние кои , познати се случаевите 12-15, 18 месеци не платиле плата по прописи. Можеби има и повеќе. Дури и со години. Јас, просто се чудам, а понекогаш и се "восхитувам" на таквите раководители како можат тоа да го истрпат. Не можам не сум свесен. Можеби сум раководел со организација во време кога беше поинаку, кога за тоа можеше да се оди во затвор ако не се платат придонеси. Можеби од таа причина неможам да разберам. Меѓутоа, состојбите се такви на кои што и им се чудам.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:** (Продолжение)

Како во по некои организации, чест и част на исклучоците, како да воопшто не мислат да ги плаќаат тие придонеси. Не гледам некоја ангажираност на тие луѓе кои работат во тие организации дека мислат нешто за тоа. Можеби оттука произлегува она што некој тука се залага овој закон да не биде донесен. Мислам дека се јасни работите по однос на прашањето на транзиција. Не може да се трпи и понатаму ваква работа, вакво непочитување на законот. Јас неможам да разберам. Како ќе профункционира државата ако не се исплаќаат обврските. Не сакам ова да го поврзам оти некои тоа го користат, па кажуваат еве една националност не плаќа а друга плаќа. Не е местото тука за тоа да се зборува, меѓутоа, има и такви кои тоа го користат. Тоа нека биде за нив.

Ке го цитирам министерот од воведното излагање што го имаше денеска кој изрече, меѓу другото цитирам. "Затоа што дел од претпријатијата кои често пати, заради објективни причини, не можат благовремено да ги исплаќаат придонесите, со неисплаќањето на придонесите отвораат други проблеми, а тие проблеми се концентрирани главно кај вработените, бидејќи вработените не можат нормално да ги користат своите бенифиции што се врзани со пензиското осигурување и здравственото осигурување". Мислам дека наидуваме на вакви проблеми.

Денеска имав прилика да одам кај господинот од Стоматолошките клиники, со ќерката, меѓутоа се сретнав со еден мој дебарчанец, се налути затоа што платил големи пари за извесни прегледи на клиниката. Како нема да плати? Не плаќаме придонеси и тогаш што се прави? Оние што плаќаат придонеси,страдаат. Страдаат оние чесните и кога го кажувам ова истовремено е врзано со она што е речено во еден член од

Законот таму каде се ограничува придонесите да мора да бидат платени до 15-ти во месецот. Мислам дека една таква работа треба да биде коригирана барем да биде до 30-ти во месецот за претходниот,месец. Такво нешто држи и мислам дека е прифатливо.

Свесен сум за позицијата во која се наоѓа опозицијата. Знам дека овде се прави напор да се прикаже една состојба во друга смисла. Познати се работите, сите ги знаеме, иако не се напишани се читливи, меѓутоа, јас се залагам, а и сите тоа го знаеме дека работите треба да ги тераме до крај ако сакаме нешто да постигнеме. Ако агонијата ја оставаме и натаму да тлее, да трае и понатаму, крај нема, еден дек буџетот на Република Македонија можеби ќе биде полош од поранешниот буџет на Република Бугарија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Јас сакам да кажам неколку збора во врска со предложениот закон. Имавме прилика да го слушнеме излагањето на министерот и мислам дека причините поради кои се предлага донесување на Законот за финансии, се прифатливи. Сигурно овие измени не се предлагаат затоа што цветаат ружи во стопанството, па и нестопанството, туку заради тоа што има доста ситуации кои водат кон уназадување и на едните и на другите. Мислам дека предлогот кој е даден во врска со остварувањето на придонесите како за пензиско така и за здравство, па ако сакате и за вработувањето и персоналниот данок на сите ни е јасно дека вакво избегнување има од страна на сите субјекти, веројатно не заради тоа што на стопанските организации и другите субјекти ситуацијата е толку добра па се избегнува намерно, секако има одредени причини

за оваа работа, меѓутоа, понатаму така не може. Од тие причини го прифаќам законот иако во оној дел кој се однесува за прибирање на придонес за здравство и ако се случи, камо среќа на добар дел од субјектите можат да го платат во рок од еден или два месеци, има одреден амандман, заостанатиот долг, па да дојде до дисконт од 70% сигурно негативно ќе се одрази конкретно зборувам за Фондот за здравство меѓутоа имајќи ја предвид сегашната ситуација можеби заради овие неплатени придонеси за 12,15 па дури две три години не може да се плаќа придонесот по однос на здравство и за сегашните и наредните месеци па од тие причини мислам дека како таков треба да се прифати.

Би прокоментирал малку, читав еден амандман од Стопанската комора па од некој од колегите мислам беше Панчо Минов, говори како овој дел што се однесува за здравството е како обврска на субјектите, а е во период кој е изминат, би требало да се брише, јас мислам дека ова гледање не е во ред заради тоа што не се познаваат работите.

Позната ни е ситуацијата во здравството, таа е доста тешка како на материјален план така и на создавање на обврски спрема доверителите во здравство и од тие причини мислам дека не би било во ред да се инсистира дека заостанатите обврски за здравство да не се плаќаат, дека тој период е минат, треба да имаме предвид дека нашето здравство е димензионирано така да пружа здравствена заштита на целокупното население и тоа перманентно и континуирано. Тоа е едниот момент.

Друго. сега со новите прописи имаме приватни институции, но тие се далеку од тоа да можат да примат целокупна континуирана и перманентна здравствена заштита, имајќи предвид дека остварувањето во здравството е некаде 40-45% до сега, а со овие проценти треба да се пружа здравствена заштита на целокупното население и мисла дека едно вакво сфаќање и инсистирање на такво нешто конкретно во една

чувствителна област што се вика здравство, камо среќа на никој да не ни треба, а фактички на секој ни треба, мислам дека еден покоректен однос треба да имаме.

Инаку, по однос на законот би рекол евентуално да се овозможи плаќање на целокупните заостанати давачки спрема фондовите да не биде во тек на месец дена, туку за два или три месеци и на тој начин можеби одредени субјекти ќе можат да го искористат тој дисконт и би интервенирале со амандман на член 4 каде се зборува за извршување на налозите даден е приоритет на Фондот за пензиско инвалидско осигурување, но како второ да биде здравството, а понатаму за вработување и за персонален данок. Еве, тоа би сакал да го кажам во врска со предложениот закон. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, донесувањето на овој закон односно неговото усвојување од овој Парламент ќе ги доведе во многу тешка положба и вработените во претпријатијата односно оние малкуте кои примаат каква таква плата, но овој закон исто така е неповолен и за оние кои треба да бидат корисници на придонесите. Тоа се,пред се пензионерите. Со ова сакам да кажам дека со овој закон ќе се најдат во многу тешка положба и оние кои треба да издвојуваат и оние за кои се издвојува. Доколку се усвои овој закон овој Парламент директно ќе биде одговорен за многу неповолна положба и на вработените и на пензионерите. Затоа мислам до крајот на оваа расправа сепак ќе се промени климата во овој Парламент, ќе се промени расположението и можеби претставникот на Владата ќе најде доблест да го повлече овој закон.

Инаку, усвојувањето на овој закон би условил една состојба со која ќе биде уште повеќе дестимулирано странското вложување за што беше зборувано. Општо познато е дека поголем прилив на придонеси и даноци, па и други давачки постои во услови кога тие се реални на објекти&ен и реален начин се утврдуваат, а не необјективно и паушално како што се прави со овој закон.

Кога дискутиравме на една од изминатите седници за извештајот на Агенцијата за трансформација на општествениот капитал доста беше дискутирано дека приливот на странскиот капитал во Република Македонија е повеќекратно помал отколку во многу други земји во таканаречена транзиција. Ова, особено во последните неколку години. Така на пример во последните шест години во Република Македонија странските вложувања се некаде под 50 милиони УСА долари додека во Чешка тие се 8 милијарди, во Полска 10 милијарди, во Унгарија 6 милија-рди и да не повторувам некои бројки кои се општо познати. Тогаш а и сега се прашуваме зошто е така, зошто бега странскиот капитал од РМ.

Една од причините, почитувани пратеници, е сигурно лошата законска регулатива која е доста дестимулативна за странскиот капитал и е една од главните причини оваа законска регулатива. Во овие споменати земји постојат низа законски решенија кои обратно го стимулираат вложувањето на странскиот капитал, така на пример во Полска каде во последните неколку години на пример странски вложувања од 10 милијарди долари постојат повеќегодишни бенефиции односно ослободувања од одредени придонеси, вложувања, даноци и било кои други давачки. Јас не верувам а тоа беше кажано дека ниту еден странски вложувач кој и до сега не беше заинтересиран за вложувања во Република Македонија би бил заинтересиран да вложи, а знаеме господа пратеници дека стопанството на РМ без поголеми странски вложувања не може да излезе од тешката состојба во која се наоѓа.

VI/6.-

На крајот би се запрашал дали некои фирми под партиски или друг патронат на власта знаеја дека овој закон ќе биде донесен, па така се однесуваа во изминатиот период. Инаку, моделот кој се нуди со овој закон е веќе испробан во некои тоталитарни системи, но и таму полека се напушта бидејќи доживеа тотален крах.

Уште еднаш би сакал да апелирам до пратениците да не го усвојат овој закон односно да го спречат донесувањето, бидејќи ќе го доведе стопанството во РМ во уште потешка положба од таа што се наоѓа. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Игнатие Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, јас би почнал со последната изјава на мојот пријател Шапуриќ да гласате за овој закон. Еве како многу дискутанти по дел од овој закон размислувајќи што е тоа што имаме крајно дијаметрални ставови кои базираат од една страна можеби на политичка конотација, но од друга страна треба да водиме сметка и за состојбите во државата. Ако во оваа држава еднаш раскрстивме со социјализмот, не раскрстивме со социјалата. Ние подолго време ќе останеме социјална држава за која мораме да водиме сметка и за овие сегменти. Поради комуникација со голем број директори од таканаречените успешни фирми во државата а под нив можат да се подразберат вистински успешни фирми кои се нарекуваат успешни, велат дека успеваат да го дадат личниот доход и дека се успешни, но не ги даваат давачките спрема државата.

Ако ние во овој дом сме ситуирани, ако ги имаме сите придонеси кои доаѓаат на нашата плата или на нашите бенефиции, но и Обврски, што станува потоа во овој дом кога ќе стигнат други генерации на кои ќе

стигнеме и ние и ќе видиме дека тие луѓе ќе заминат во пензија како социјални случаеви во државата. Тогаш ќе се претвориме во држава во која секој човек кој работел 40 години, условно велам секој ќе се најде во категорија да биде социјален случај на државата. Ако ја прифаќаме социјалата тоа не значи да не се бориме да излеземе од социјалната категорија на државата како така полека да се намалува бројот на социјалните случаеви во државата.

Морам да кажам една работа,имам свои размислувања, често сакам да дискутирам па размислувам дали сум квалификуван за таа проблематика. Еднаш мора да расчистиме, вистински незнам што значи зборот стопанство. И од оваа говорница и од средствата за јавна комуникација се зборува за стопанство што е тоа што претставува стопанство. Дали го претставуваме ние или една категорија на раководна структура во стопанството кои велиме дека сме успешни, а нашите вработени не добиваат плата или добиваат каква таква плата, а зад нив не стои никаков придонес во кој и државата треба да ги надоградува своите вредности за да може на индиректен начин да се врати во државата. До кога и од каде ќе се храни буџетот кој индиректно треба да ги решава социјалните слуачаи во државата, па ако треба да се ликвидираат одредени фирми во државата, ова е слободна моја интерпретација за вредности кои што, можеби немам доволно познавања подобро на време некоја фирма да ликвидира за да можат луѓето или државата да бара одредени решенија. Ние сите не се откажавме од еден елемент, а тоа е дека државата треба да ни ги решава прашањата. Владата да ги реши овие прашања, Владата да ги реши оние прашања, а сите ние сме идеални во нашите работни организации, не создала државата услови за стопанисување, не создала државата вредности да ни отвори пазари, не отворила простори во кои ќе се интерпонираме

VI/8.-

Ако е таа држава конгломерат на луѓе во Владата или во околината сто-двесте луѓе, тогаш зошто сме ние како субјекти во оваа држава, кога не е во состојба да ги разрешува овие проблеми како што се:

VII/1 ДВ/СЛ

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Елементот на пензионирањето, хранењето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување може да ги покаже благодетите во перспектива. Зошто?

Ако сега имаме губитоци, а сме го оджовеале овој период за кој не сме платиле придонеси иако државата прави некои напори да го премости тој систем, овие луѓе кои не биле пензиско-инвалидско обезбедени, зошто тоа да не го прифатиме со товар,па ќе кажеме дека тој товар ќе го поднесат вработените затоа што знаат на индиректен начин дека им се осигурела иднината, иднината во времето кога нема да бидеме способни да создаваме одредени доходи итн. Тоа го забораваме затоа што сега водиме сметка само за еден мал тесен интерес, а тоа е интересот на луѓето, каква таква плата да им дадете. Со тоа се задоволуваат луѓето, несвесни дека утре доаѓаат многу потешки денови. Но, ако излеземе од кризата, а треба да излеземе пак ќе се оптоварува буџетот, затоа што она што е останато треба да се плати на тие луѓе за да можат да влезат во вториот круг.

Втората алтернатива е здравството.

Оваа држава е генијална што успева да го покрие елементот на здравството со сите проблеми кои што се јавуваат, а тоа значи дека во глобала целокупната категорија на нашите луѓе се здравствено осигурени, односно им се обезбедува основна здравствена заштита, што е диференцирано за што многу луѓе не знаат, многу луѓе кои се паталци велат, кога ќе дојдете во една ситуација, кога ќе дојдете да анализирате некои вредности дека вашето здравје и на вашиот близок зависи од една комисија или од Фондот за здравство за да може да го покрие тоа, тогаш се судирате со проблемите и сте во состојба се да дадете, се да анимирате, да оставите не знам какви бај -пасови

меѓу луѓе институции и системи за да видите што тоа претставува здравје за вас,што тоа претставува здравје за вашиот поблизок. Тоа не смееме и не треба да го заборавиме, пак во интерес на онаа категорија на социјална структура во државата.

Подразбирам дека дел од пратениците како категорија претставуваат одредена партија која што претставува претставници на капитал, крупен, не знам колку во Македонија тоа претставува крупен капитал. Ние сме се декларирале како социјал-демократи, социјал-демократската вредност и вредноста на социјалната во државата, меѓутоа, нема многу голема разлика кога се во прашање личните интереси. На овој политички простор немаме до крај диференцијација затоа што само интересите, а морам да признам јас дека нашите интереси сепак уште на овој простор се на ниска висина затоа што во богатите држави интересите и вредностите се на многу поголема висина. Од тој аспект, јас не сум стручњак за финансии, меѓутоа, имам опсервација на многу проблеми, вклучувајќи ги и тие во стопанството, вклучувајќи ги и многу работни организации во нашата држава, вклучувајќи го и здравството и дека многу проблеми лежат во нас како индивидуи, отколку што лежат во системот. Систем може да се менува, но луѓе, релативно тешко се менуваат. Дајте да почнеме да се менуваме. Ние да тргнеме од одредени вредности и да кажеме плативме на вработените, имате пензиско осигурување, имате социјално осигурување, имате здравствено осигурување. Дајте да заработиме и помала плата, но она што не можеме да го заработиме, заработете го некако дополнително или не знам како за да може утре да бидете активни чинители, да се чувствувате како човек, а не категоријата пензионери да ги користиме во политички цели, бидејќи тие луѓе во крајниот биланс, во крајните вредности сакаат да живеат добар умерен

и мирен живот до крајот на животот со што ќе му биде обезбедена социјалната категорија, но истовремено да може да отиде и во здравството да ги најде, ако ништо друго, основните лекови за да може да ги задоволи своите потреби.

Еве тоа беше она што сакав од оваа говорница да го кажам, како човек што следи и економика и финансии. Не сум стручњак во оваа категорија, но, треба да мислиме за сосема други вредности и други категории, сепак да не се случува тоа бидејќи ние сепак сме категорија одделена од вредностите на обичниот човек кој бара нормално живеење во нашата држава.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Намерата ми беше да станам да ги кажам моите видувања по овој закон и да ве известам дека ние како Комисија за труд и социјална политика го разгледувавме овој закон. Иако не сме матична комисија меѓутоа, тоа е во функција на народниот закон, законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и во таа функција одлучивме да го разгледуваме. Да ви кажам дека имавме голема расправа, големи конфликти во тој дел, меѓутоа, при гласањето и усвојувањето, едногласно беше прифатен од сите присутни пратеници на оваа Комисија, а на Комисијата беа присутни пратеници од сите партии во овој Парламент. Така да тоа е едно известување.

Извештајот го имате добиено, прекрасно е таму кажана секоја дискусија, предлозите итн., и во тој дел немавме никаква дилема.

Сакам да кажам едно мое лично видување во однос на самиот закон, надвор од Комисијата, сега како пратеник на Социјалистичката партија.

Овој закон според моето видување е закон за кој Владата сега прави напори да го амортизира конфликтот меѓу менаџерот, менаџерскиот тим и акционерите. Од секогаш било тоа и секогаш е така дека менаџерот и менаџерскиот тим сакал да биде многу покомотен и докрај да ги девалвира обврските спрема работниците, односно сега акционерите, со единствена цел сега, според сите овие состојби, преку една лажна демагогија дека давам плата, а не ти ги подмирувам другите обврски кои се од витален интерес на самиот граѓанин, работник , односно акционер.

Кога човек ќе направи анализа и претходно колегата пратеник кој многу го ценам, кажа дека не сме најголеми стручњаци тука, меѓутоа, можеме сепак логички да размислуваме и да извлечеме некој став од наш аспект. Таа анализа сега би покажала кого загрозуваме сега со овој закон, дали правиме поголема штета или помала. Меѓутоа, една обична математика, о ; вели дека 185.000 работници, се работници на кои не им се плаќаат придонеси за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување. Не навлегувам во оние основни постулати, зошто стопанството е такво како што е. Зборувам за еден друг однос, и дека индиректно, бидејќи имаме тековно финансирање на Фондот за осигурување ги погодува 220.000 пензионери. Тоа значи, сега во државата, да не кажам преку 350.000$ во оваа функција , не можат на некој начин да ги користат потребите од здравство, од образование, да не кажам сега се работи за пензиско-инвалидско осигурување итн., што лично сметам дека би било корисно. Сепак менаџерите кои за мене гледајќи лаички, меѓутоа и покрај тоа што се жалат дека слабо работат, мислам дека добро живеат, дека сепак возат добри коли, дека и во ова невреме градат куќи и во ова невреме имаат добри плати, меѓутоа, под форма дека не ни оди работата, сега на работникот нема да му плаќаме

пензиско-инвалидско осигурување, нема да му плаќаме придонес за здравствена заштита итн. Сега се доведуваме во позиција дека државата не создаде никакви услови да можам јас , како што велат, како менаџер, иако сум квалитетен да направам се и сешто. Баш напротив имаме ние добри менаџери, добри менаџерски тимови кои извонредно работат, си ги плаќаат сите придонеси, дури го прифатиле од економски аспект, дека ако на еден работник преку плаќање на сите овие придонеси, обезбедува поголема економска и социјална сигурност, тогаш и работникот односно, акционерот сега со промените е повеќе мотивиран да создава поголем доход во интерес на целокупното општество за себе па и за другите. Меѓутоа, баш напротив ние правиме дестимулација, го девалвираме интересот на работникот, односно акционерот, го доведуваме во позиција да не може да користи здравствена заштита да не може да користи пензиско-инвалидско осигурување. Иако ви кажам дека во овој момент оние 185.000 после некоја година ќе дојдат во некој судир сами со себе дека не платиле придонес и не можат да го користат правото. Тоа е голем хендикеп. Во таа смисла мислам дека колегите од стопанство мораат да го менуваат својот однос, доколку сака да остане како менаџер и да влегува во квалитетниот менаџерски тим, мора и поквалитетно да размислува за да создава поголеми услови за таа работна организација, да биде по инсолвентна, да има поголем доход, едноставно да создава витални и животни потреби за сите оние што работат во таа организација. Во таа смисла, без разлика, и менаџерите може да ми замерат. Меѓутоа лично сметам дека овој интервентен закон го прифаќам како позитивен, во таа смисла да ги заштитиме сите оние работници кои после 5-10 години ќе се најдат во една неверојатно лоша состојба, заради тоа што не можат да го користат ни едното ни другото право.

Ако ви кажам дека таа лажна плата од 3000 денари е помала од она што треба да го партиципира во здравството, заради тоа што не го платил придонесот и од она што треба тие утре да ја имаат својата пензија, тогаш би било на кантар и подобро е да имаме еден ваков закон кој ќе не натера на едноставен начин да размислуваме дека мора прво ова да го уплатиме, да му обезбедиме на тој работник сигурност, а потоа платата е лесна работа. Во таа смисла лично го поддржувам овој закон. Камо среќа да бидеме подисциплинирани, меѓутоа, апелирам до Владата и субјективните слабости кои се присутни во стопанските организации и во мали и во средни и во големи, тоа да се реализира, а Владата, односно министерството да биде тука ригорозно и секој оној што не го уплаќа придонесот треба да биде казнет.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, господинот Бранко Арсовски доста кажа за менаџерите и за стопанството, иако не работи во стопанството сепак доста знае од таа работа или тоа треба да го кажеме ние овде како пратеници, да кажеме како мислиме ние како пратеници, дали овој закон ќе биде добар, дали ќе имаме корист од него.

Инсолвентноста е работа која навистина загрижува и се многу зголемува. Во 1976 година во однос на 1975 година, она пораснува скоро дупло, продолжува и натаму да расте и сега Владата сака да го реши, веројатно, секаде, меѓутоа, потешко се решава овој проблем во целото стопанство и сега се обидуваме да го решиме во оној дел преку придонесите, односно обврските кон државата.

Мислам дека е добар напорот од Владата меѓутоа, дали тоа ќе донесе резултати. Јас не сум оптимист дека ќе донесе резултати, ако не измениме некои значајни работи во однос и пред се на оптоварувањето.

Ние овде зборуваме доста спротивставено , ќе кажеме за некои кои ги создаваат тие финансиски средства, а спротивно на тоа ќе кажеме други аргументи за оние кои ги користат овие средства. Во светот на оваа работа доста се гледа и секоја година во Буџетот, се прави такво балансирање на средства кои се создаваат и на средствата кои се трошат. Секоја година тоа се прави и тоа доста умешно, бидејќи се загрозува конкурентноста на стопанството.

Ако на пример се бара да се добие толку и толку за таа и таа функција на државата, веднаш се мери колку тоа ја загрозува конкурентноста на стопанството, бидејќи не можеме ние да го оптовариме стопанството повеќе отколку што може да носи.

Во Германија кога се носат такви работи, секогаш тие што го прават Буџетот, што покриваат и социјала, секогаш се прашува стопанството, колку е тоа меродавно и колку тоа ќе се одрази врз ритамот на стопанството. Не смее да се загрозува ритамот на стопанството.

Јас многу пати излегував на оваа говорница и зборував за овие оптоварувања кога кажував дека ние во државата сме го преоптовариле стопанството и прогнозирав дека ние нашето стопанство ќе го загушиме.

Јас мислам набрзо ќе се случи, ако после овој закон не преземеме други мерки за растоварување, ќе го загушиме стопанството и ќе имаме комплетен колапс. Дај боже да не е така, меѓутоа, јас сум песимист. Сега во моментот сум песимист повеќе од било кога. Навистина мислам дека стопанството е доведено во ќорсокак и дека навистина ќе имаме проблем.

VII/8.-

Ако земеме Службен весник во кој се објавуваат податоци, еве Министерството за труд и социјална политика објавува во Службен весник, еве од 30.06. гранки, 73 гранки се таму наведени во стопанството и сега го оптоваруваме стопанството по разни основи: Да речеме за пензиско-инвалидско осигурување околу 6000 инт. Проверете и да видите, да речеме од 70 гранки округло, околу 40 гранки имаат просек испод 6000. Понатаму имаме друг просек измислен просек на државата од 9200. Проверете во тие 73 гранки, ќе видите дека нашиот просек што сме го крстиле како републички просек од 9200, ќе видите дека имаме само 3 гранки кои имаат над 9200 денари.

**МИРКО ПЕЦОВ:** (продолжение)

Три гранки на 9.200. Кој го прави тој просек? Стопанството не учествува на тој просек. Значи тој просек се прави со некои што се над стопанството, некоја надградба, она зема 9.200 и само 3 гранки од кои едното е воздухопловство, едното е осигурување и другото е трговија на големо. Они имаат само над 9.200. Значи целото стопанство е сведено на 9-200, а треба да финансира. Ние сега ќе направиме некој ќе јаде место, некој граф и ќе упросечиме, ќе направиме дека е добро и ќе ја тераме така. Мислам дека грижа за стопанството немаме. Немаме слух за стопанството. Јас законот ќе го поддржам со три-четири амандмани што сакам да ги бранам, меѓутоа ако не се преземат некои корективни мерки нема да биде успешен овој закон, нема да донесе резултати.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-да претседателе, дами и господа, за жал оваа тема кај сите нас зазема челно место, односно се залагаме за зајакнување на сто-панството и мерките кои се преземаат за зајакнување многу подобро да ги обмислиме. На оваа седница додека излегов на говорница беа 40-тина пратеници,- сега се уште помалку, околу 10-тина, предлагачот на законот г-динот министер го нема и мене ми е чудно за кого и како ние дискутантите дискутираме, разговараме и кажуваме ако тој што го предлага законот и што евентуално треба да ги прифати нашите сугестии барем понекогаш, не е воопшто во салата, а колку што знам не е ни во зградата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Тука е заменик министер.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Ве молам дозволете ми да си продолжам со дискусии.

Сепак овие наши размислувања се упатени до предлагачот на законот и беше добро и пожелно да ги чуе и по можност да ги апсолвира, да ги прифати во законското решение, бидејќи сите ние овде заедно не знам колкупати сме разговарале за стопанството , за предлог закони кој го тангираат и го уредуваат однесувањето на стопанството и за жал без исклучок секогаш кога сме разговарале за оваа тема заклучоците се исти - стопанството ни е тешко, многу тешко, лошо. Тие заклучоци не доаѓаат само од страната на опозицијата доаѓаат и од страната н а позицијата. Доаѓаат и од страната на министрите и од страната на премиерот. Слушаме од оваа говорница дека е тешко и дека ќе работиме за подобро и подобро. Секогаш кога носиме нов закон истите кажувања ги имаме за состојбата, а истите видување за иднината Но, за жал со новите предлагања пак исто кажуваме дека и со претходните закони пак сме ја згрешиле работата некаде, пак сме заминале во некој грешен правец очигледно заради тоа што сепак состојбите се се полоши и полоши:

Денес на дневен ред е предлогот за изменување и дополнување на закон, кој јас мислам дека е многу на брзина замислен и предложен и уверен сум дека сепак и овој предлог на закон ќе ја доживее истата судбина на претходните закони и уште повеќе ќе придонесе за многу подинамично развивање на процесите за распаѓање на стопанството односно поништување на стопанството. Се жалиме сите, лоши се условите голема безпарица, голема задолженост, празни фондови (пензиски, здравствени). Акутна безпарица на Буџетот. Мене ме интересира зошто со овој закон исклучиво се цепка по последиците односно по безпарицата, а не се чепка по причините зошто е таа безпарица. Зошто ние немаме можност од оваа држава, од ова стопанство да вадиме приходи. Едноставно се размислува како повеќе приходи да собереме за здравството, за пензискиот фонд, за Буџетот и

сл. Никој не сака, ниту се обидува да размисли зошто ова стопанство не ги плака доприносите. Дали тоа стопанство не сака да ги плака веројатно постојат и такви субјекти но тука се правните регулативи, законите кои ќе треба тоа да го регулираат, или навистина не може. Сега штос е случува? Ако навистина не може, затоа што е факт дека не може, знаеме сите дека не може се случува доста фирми повеќе месеци да не ги платиле своите придонеси. Сега нудиме во Законот да плакат два-три придонеси месечно. Па, тие ако имаа пари ќе плака и пред тоа, ќе си плаќаа редовно, немаше да ги чекаат новите законипа да им дадеме шанса да се ослободат. Така да мислам дека сепак ова што сега се нуди не е замислено со крајна цел да им олесниме на стопанствениците, туку единствена и крајна цел на овој предлог е да се најде начин да се соберат што повеќе приходи, да се соберат што повеќе пари од и онака истрошеното стопанство. Јас би ве прашал коректно зошто се нуди попуст од 70% за тие што нередовно плакале, тие што го кршеле законот а не се нуди ослободување , односно враќање на парите на тие што плакале редовно. Ефектот во пари ќе биде ист. Значи, ние ги наградуваме тие што правеа, условно, прекршување на законот, односно тие што од немај каде правеле такви работи. Не се обидуваме да им дадеме шанса да работат подобро, да им дадеме шанса да го зголемат своето производство туку едноставно бараме начини како да им наметнеме давачки односно делот што е за државата да им го земеме, па тие како сакаат понатаму нека работат. Состојбите во фондовите ги спомнуваат сите, плачат пад нив и тешки се. Јас ги сфаќам посебно тие што зависат од тие фондови, но да се вратиме малку поназад. Јас лично мислам дека сепак вработените ни најмалку не се тие што сакаат да не ги плаќаат придонесите, бидејќи тие утре другиден ќе користат услуги од

тие фондови. Очигледно е дека тие не можат да ги плакат, така да било како да им понудиме ние варијанти безпарицата е таа и нема да им помогнеме ништо, освен со начин да ги стимулираме да продолжат да работат односно да им дадеме шанса да извадат за себе, а да остават за Буџетот и фондовите.

Би замолил една мала компарација. Малку попластично да ги разбереме работите. Да го сватиме нашето стопанство како една мала бавча или градина која сите ние се обидуваме да ја береме. Со сите закони бараме начин како да обезбедиме можност што повеќе да собереме плодови од неа. Никој не размислува да најде начин да ја одгледува, да ја наводнува и слично. Утре кога таа бавча ќе се исуши, кога ќе нема никакви производи ќе видиме што ќе правиме сега. За жал нашето стопанство е донесено буквално до ѕид понатаму нема каде да оди и убеден сум дека со ова што денес се нуди како законско решение ќе обезбедиме можност во еден наврат да земеме само приходи, доходи од вработените кон Буџетот или фондовите односно еднаш ќе им ги земе- ме парите, а следниот месец повеќето фирми веќе ќе заминат по патот на стечајот и следниот месец или по два-три месеци ќе разговараме овде за поголем број на стечајни работници, за поголем број на испуштени работници и за поголем број работници бивши кои чекаат социјална помош а за жал, морам да ве потсетам и таа социјална помош пак се плака од Буџетот. Ако тие работници што го ствараат тој доход ги немаме, ги пуштаме на социјала прашувам кој ќе им дава нив средства за социјала.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Нема да жалиме што сме малку тука, би било чудно кога се дискутира за стопанство ако има повеќе луѓе. Се навикнавме на таа

работа и таа ќе не доведува да се потажно изгледаме како денеска. Ние денеска тука личиме на обарени компири, едвај издржуваме да може оваа седница да помине и мислам дека идна седница кога ќе расправаме за стопански проблеми прашање е како ќе се чувствуваме.

Ќе почнам некаде од средина, Даваме дисконт од 70 % а овде одбивавме амандмани, закони, интервенции каде што баравме неколкумина пратеници ослободување од 2-3% по некој основ. Ништо повеќе. Само толку баравме интервенција на неколкупати. Сега одеднаш широкогрудо даваме дисконт од 70%. 3% не можевме, 2%, толку беа нашите барања во одредени сегменти со објективни образложенија дека толку може стопанството одредени сегменти да поднесе. Сега одеднаш се однесуваме комотно, дури 70% даваме попуст. Можеби ако лицитираме ќе дојдеме до 90% попуст, или можеби ќе бидеме сретни ако некој се сложи од утре натаму да плака придонеси по 100% износ, а тие да му ги заборавиме. Навистина ризикуваме денеска да направиме големи грешки кои што не ќе можеме да ги оправдаме. Грешки кои што ќе претставуваат контрадикција дали да се залагаме за почитување на закони, не она што значи дисциплина, финансиска дисциплина или пак од друга страна да имаме со право разбирање на тие кои што не можеа да плаќаат, сигурно нема таков менаџер, иако тука се фрлаат•дрва и камења јас гарантирам дека нема менаџер дека не сака да ги исплати работниците во полн износ и многу повеќе од она што плака. Немаме менаџмент кој што не сака да ги исплати сите придонеси а не да оди да се понижува, да се потценува, да моли, да коленичи, да се поднаведнува за да направи некоја толеранција, некој попуст за да може понатаму да опстои. Очигледно е дека кризата е подлабока. Повеќето дискутанти право посочуваат, еве денес ние овој закон ќе го изгласаме, дали проблемите на Буџетот и на стопанството со тоа сме ги решиле?

Сигурно не. Ние само ги заоструваме, создаваме една конфузија. Создаваме еден антагонизам кој што денес јавно се промовира, што мене ме загрижува, затоа што за да се промовира еден таков антагонизам мора да се имаат навистина аргументи, бројки, податоци. Не сакам да тврдам, дека не некому му е полесно, но сепак има гаранти, има индустриски области на кои што им е најтешко од повеќе причини. Пред се од она што значи монопол на пазарот кој што некој го имаат тоа се јавните претпријатија без исклучок. Има монопол заштитен со разни мерки и имаме претпријатија како што беа посочени каде што и најголема дисциплина не може да спречи пласман на илегалниот пазар, на сивиот, црниот или како сакате да го речеме. Тоа е таа трговија на ситно со разни производи која што од многу субјекти прави крупни проблеми и веќе и тој така мал простор на овој пазар што го велиме Македонија и понатаму се стеснува, а бараме излез. Бараме нови пазари, а пазарите од нас не ги гледаме, или ни ги освојуваат некој други. Погледајте ги рекламите малку посовесно и подетално на ударните телевизиски куки и ќе видите се јасно. Една агресивност од нова стока за широка потрошувачка, особено прехранбена стока каде што тој продор е најевидентен и се знае од каде доаѓа. Ние сега треба да се соочиме практично со една конкуренција стимулирана од сопствената земја со премии, стимулации итн. Ние практично се елиминиравме, оставивме Бродот македонско стопанство на ова бурно море да се однесува така како што таласите ќе ги насочуваат некои други субјекти. Нормално е дека тие таласи сега од тој брод ќе бидат се поголеми и ќе не заплиснуваат нас како држава и како Парламент. Нашата умешност ќе биде како ова да се преброди затоа што овие мерки слободно ќе ги наречам бездилгорочни ефекти. Можеби ќе биде тој ефект за еднократна примена. Прашање е што понатаму со оглед на летните месеци. Она што е традиционално колективни годишни одмори итн еден период кога од

стопанството не можеме да очекуваме некое динамизирање. Можеби е најумесен предлогот овој закон да се носи во две фази, да не речам дека треба да го отфрлиме затоа што мене ме загрижува следното нешто. Стопанската комора на Македонија, асоцијација на стопанственици дава поддршка на овој Закон, се разбира со одредени интервенции. Јас се прашувам пред да излезам во чие име треба да зборувам тука. Стопанската комора, Извршниот одбор, асоцијација на стопанственици значи води некоја друга политика, задкулисна, толерантна манипулантна и како сакаме да ја کречеме, ние сега треба тука да се грижиме да работиме во едни нормални услови како Парламент. Зошто велам нормални услови? Извинете дами и господа за мене не се нормални услови секоја седница на Парламентот да имаме челична бариера пред него. Имаме луѓе што протестираат пред Владата скоро секој втори ден. Дали тоа не се пораки и чувства дека нешто крупно ни се случува и дека неколку интервенции во Закон за финансиско работење само претставува шминкање, која што шминка не е трајна повеќе од 24 часа, до утрешниот ден да дојде нова група на луѓе незадоволни да протестираат. Во тоа се суштината што сема загрижени. Стопанска комора, синдикат крупни партнери даваат поддршки со извесни интервенции, значи секој практично сака ако може да опстојува, да има заграден обезбеден заштитен простор до своето делување, а некој друг нека се носи со проблемите. Сега се знае топката секогаш е префрлена тука, во Парламентот. Сите од нас очекуваат реакции, дискусии, коментари придонес рационално и разумно однесување, меѓутоа ефектите ги немаме. Јас морам да кажам ние доаѓаме до една рака состојба до едни многу важни информации изготвени, за жал, не ги прифаќаме на дневен ред на овој Парламент. Јас се прашувам сега која е нашата улога и кое е нашето влијание. Дали за тоа што ќе дигнеме два прста за некој процент да биде 15 дена или 30 дена, па тие давачки треба да се дадат.

VIII/8.-

Дали ќе се дадат. На 15-ти или на 20-ти, јас ви кажувам за најголемиот број на субјекти веќе не е многу важно, затоа што се помалку до нив можат да ги издвојат тие давачки.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ :** (продолжение)

Дами и господа, ние оформивме и за жал денес градиме и понатаму многу скапа држава. Високите давачки кон државата точно дефинираат скапа држава. И ние сме сведоци на тоа. Каде да се свртиме ние гледаме само трошење, никаде не гледаме чувство за штедење, чувство за рационалност и чувство за однесуваше соодветно на условите во кои што се наоѓа оваа држава. Бараме од секој друг да се откаже од она што значи нормално стопанисување, некој просечен личен доход и сл., од друга страна се другото си тече. Па, дури и нови вработувања, огромен број на нови вработување. Во се она што се значи алиментирани сектори од буџетот. Превртете службени весници и ќе видите разни именувања, нови луѓе и што треба ние повеќе да дискутираме, ќе се обратам на тие говорници овде кои што го пласираа нешто поинаку, а кои 25% од вкупниот буџет оди за социјални програми, дали ние понатаму треба да дискутираме, која е силата на стопанството или која е силата на социјалата. Силата на социјалата се повеќе се зголемува. И тој ќе успева неа да ја разрешува, да ја има под контрола, тој ќе биде успешниот. Но, за сметка на темелот, за сметка на оној што произведува, тоа е стопанството. Барем нема потреба овој состав да се убедува дека нас ни е неопходно и квалитетно за раст и образование и надградба и управа и се. Сигурно, нема смисла ние да се убедуваме тука за такво нешто. Меѓутоа, мораме да ги димензионираме сите тие потреби во склопот на она што значи објективни можности на оваа држава. Мислам дека воопшто не треба со иронија да се прифаќаат сугестии од опозицијата, која што нормално едно неуспешно работење мора да го идентификува мора да го жигосува и мора да бара промени. Во тој поглед мислам дека однесувањето на сите нас мора да има две димензии. Едниот аршин е партиската припадност, што за мене мора да биде секундарна, а примарна треба да биде ангажираноста дека, сепак,

сакаме да градиме независна, самостојна демократска и побогата држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-дин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги. Сосема кратко, затоа што еве подолго време дискутираме како ја гледам потребата и оправданоста од предлагање на едно решение во вкупната материја која го регулира финансиското работење Мислам дека една од главните причини е економската состојба што е во моментот во Република Македонија. Тоа е основната причина или претпоставка да се оди кон предлагање на решенија, било да е тоа системско решение или решение од ваков тип, кој што нуди можности на одредени подобрувања. Меѓутоа, она што на почетокот мислам дека треба да се каже е дека вкупната економска состојба во Република Македонија не влече корен пред 4 години station наназад како што беше кажано, мислам дека економската состојба во Република Македонија во основа е детерминирана од пренесени и акумулирани проблеми 20-тина - 30 години наназад и неповолни тенденции. Едно наследено ниво на ниска развиеност, како и една новина која што во последните 5,6 години се случува тоа е и брзите радикални процеси на транзиција во македонското стопанство со отпочнувањето на процесот на трансформацијата на општествениот капитал. Затекнато ниво на застареност на опремата и високите трошоци на работење ка^ стопанските субјекти. Она што како понуди и како достигнување е понудено последните три до четири години е понуда на економска стабилност во утврдени рамки на македонското стопанство во смисла на стабилност во условите на стопанисување со утврдување на монетарните агрегати, меѓутоа, најверојатно и со потребата на можноста

за уште едно преиспитување од аспект на рестриктивноста и контролата на монетарните агрегати и од аспект на рестриктивноста на монетарната политика воопшто. Уште едно преиспитување поради релаксираност на условите на работењето на стопан- ските субјекти.

Само еден сегмент мислам дека треба да опфатиме каде што треба да биде предмет на анализа било во Владата, меѓутоа предмет на анализа во работењето и на самите стопански субјекти, кои што како последица носат и потреба од едно вакво предлог на решение. Имено, динамиката и ефектите на самиот период на транзиција кај стопанските субјекти исклучиво зависи од расположливоста на домашните и странските финансиски ресурси што се на располагање. Меѓутоа, ако земеме предвиди дека оној класичен систем на кредитирање претпријатие - банка, поради големата задолженост на претпријатијата практично не може да функционира и која се должи на високата задолженост, меѓутоа, која висока задолженост не е дојдена само и исклучиво поради високите камати поради кои што често пати се спомнуваат и нападите се упатуваат спрема банките и банкарските субјекти, мислам дека таа висока задолженост покрај висината на каматните стапки, доаѓаше и поради задолженост од покривање на трошоците на работењето во едно подруго време на стопанисување и покривање на такви трошоци на работење, па и покривање на веќе последните години на управувачки, организациони квалитети кои што мислиме дека треба на условите и времето кое што доаѓа треба да се именуваат и сметам дека посебен предмет на анализа треба да се раководството во стопанските субјекти и да направат анализа зошто тој капитал, покрај општите услови како ресурс на странски капитал не доаѓа во Република Македонија. Сигурно, има причини и од односот и еден однос од да не кажам бркање на тој капитал, покрај вкупниот амбиент што значи одбивност на доаѓањето на тој странски капитал или директно странски влијание.

IX/4.-

По самиот текст на законот имам два амандмани, она што како решение го нуди овој закон и поради неговата потреба и заради неговата потреба ќе гласам за негово донесување е што сметам дека, прво, се овозможува на стопанските субјекти кои што од различни причини оправдани или неоправдани во еден период наназад не ги платил придонесите на плати на работниците по основ на лични примања, тоа да можат да го направат со дисконт од 70%, кој што е во интерес на правата на работниците кои што имаат засновано работен однос, бидејќи ќе се овозможи користење на здравствена услуга, како и уплата по основ на пензиско осигурување за нив. Тоа е на страна на еднаквиот третман што го дава решението на законот на лични примања по основ на работен однос како кеш и како основ за плаќање на придонесите и веројатно тука кај стопанските субјекти ќе е јават потешкотии бидејќи тој дел кој што ќе оди за придонесите, тој дел не е опиплив за работникот. За него опипливо е кеш плата 3 до 4 иљјади денари и овој дел одговара на раководството да го третира како дел кој што којзнае кога би дошол за него на користење. Мислам дека со Предлог - решението веќе се дава еднаков третман на тие примања.

Второ, регулирањето на давачките по основ на плаќање на придонеси. Јас имам амандман на 25-тиот ден од изминатиот месец, а мислам дека веќе ќе придонесе да се создаде една дисциплина и покрај тешкотиите кои ќе се јават за поредовно полнење на фондовите, што значи обврска по самиот закон за пензиско и инвалидско осигурување на можноста на намалување на дефицитот на пензискиот фонд и редовна исплата на платите на пензионерите, здравствените работници подобрување на здравствените услуги. Меѓутоа, и можност правата од работен однос по основ на плаќање на придонеси ги остваруваат и самите работници вработени во претпријатијата. Со еден збор мислам дека, иако како предлог - решение е многу далеку од системското

решавање на проблемите во финансиската сфера во понатамошните активности би требало да се направи посеопфатна анализа на севкупните состојби и да се направи расправа на Собранието, а самото предлог- решение мислам дека не носи неповолности, туку токму напротив носи и има корист како предлог решение, како предлог кратко решение, меѓутоа потег кој што се соочува со проблемот на финансиската сфера и мислам дека треба да дадеме поддршка на законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-дин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, со оглед на тоа дека состојбите во стопанството, а и нестопанството, барем по искажувањето на министерот за финансии ни се не баш најружичасти, а со цел со овие измени на законот за финансиско работење во некоја мера овие состојби да се поправат, сигурно дека Владата е задолжена перманентно да ги прати состојбите и во таа смисла да предлага измени на постојните закони, за да можат состојбите да се поправат.

Во врска со овие измени може да се забележат следните работи. Првата работа, во делот на измените во Законот каде што се работи за ограничување на можностите на работниците односно вработените да користат средства од организациите а притоа да не ги платат придонесите, се прави едно затворање кое што сметам дека е во ред и дека е исправно од следните причини. Бидејќи оној што создава и оној кој што троши средства за личниот живот, исто така, мора да троши средства како што е за пензиско, за здравство, па и да кажам за државата. Во тој дел е во ред. Како досега имавме можности овде да

IX/6.-

се утнат стопанските субјекти, да не плаќаат обврски, сега Владата ни наметнува друга крајност. Сега се инсистира да се алиментираат прво обврските спрема државата, а дали се обврските према оние кои што ја создаваат таа нова вредност измени не ја интересира. И една таква крајност и друга крајност води кон лошо на стопанството. Бидејќи мораме да знаеме дека работниците со нивното живеење се чинител нешто да се произведува. Ние тоа што е стока мораме да ја нахраниме, па да создава некоја вредност и ние сега викаме дека ќе ги земеме парите, а тие нека живеат од воздух. Сметам дека оваа крајност не е во ред.

Предлагачот на законот сакајќи да ги реши проблемите кој што евидентно постојат во нашето друштво, не успеваат со ваквиот закон од следните причини.

Прво, поволностите кои што се јавуваат со дисконтот на обврските и со репрограмирањето на давачките во наредниот период дефакто ќе испаднат како придобивка кои што стопанските субјекти не ќе бидат во состојба да ги користат.- Кои се тие причини.

Прва работа ако ги погледнеме организациите кои што го не платиле обврски, тоа се 20,10,15 месеци, тие во овој случај не ќе бидат во можност да ги користат пред добивките или предностите на дисконтот од 30% од проста причина што тие ако имале пари и таа работа досега ќе ја направеле.

Втора работа, и организациите кои ги користеле репрограмирањето на овие обврски немаат можност тие обврски да ги плаќаат во овој месец. Да се разбереме во јули овој закон стапува во сила После 8 дена до крајот на овој месец треба тие обврски да се смируваат. Имено, само ќе ја постигнеме следната цел. На крајот на овој месец обврските кај оние што можеле и кај оние што не можеле да плаќаат ќе ги зголемиме без

никакви шанси да видиме дали навистина можеме да ги реализираме. Тоа е доста опасна работа, која што работа можеби и таквите состојби какви што ни се да ги доведе во потешка состојба

Мислам дека ние овде не можеме да донесеме во кој што обврските пред државата ќе бидат на прво место, а обврските за живот на работниците кога ќе стигне. Мислам ако работниците во одредени организации 3,4 месеци немајќи плати, само финансираат во таа организација да преживее редно е и државата во тоа да учествува. Со напомена јас уште еднаш ќе кажам во овој закон ако треба да ги зголемиме сите можности ан затворање на извлекување на пари од организациите под било кој основ. Со еден збор сакам да кажам ако работникот земе плата мора да бидат обврските спрема државата платени. Но, не на прво место да ги ставиме обврските спрема државата, а после тоа она што ќе остане. На тој начин создаваме дестимулација воопшто, всушност не дестимулација, туку ќе оневозможиме функционирање на самите стопански субјекти. Воедно да кажам големите рачунари што ги имаме во министерствата можеби не се искористени, од оваа работа ефекти на први, мислам до крајот на овој месец ќе имаме само зголемени побарувања од организациите, а никако зголемување на приходите што исто така е многу опасно за оваа надградба. Затоа, предлагам министерот за финансии, односно соодветното министерство малку да ги преиспита ефектите од овие работи. Уште еднаш ќе на- поменам да се затворат сите можности за извлекување на пари од организациите без да се платат обврските. Но, не да се платат обврските, а за работниците ако останат пари. Тоа не води кон резултат и уште еднаш ќе напомнам дека само ќе ги зголемиме побарувањата на државата од организациите, а никако не можеме да собереме пари.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-дин Најдовски.

IX/8.-

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, навистина кратко, ме заинтригира една дискусија на еден од моите колеги, пратеници кој што рече дека државата треба да направи еднаш ред во обласа на финансиите и веќе е редно еден одреден број на фирми, претпријатија во нашава држава треба да пропаднат па после тоа државата да изнајде начин како ќе ја тера понатаму состојбата и да изнајде начин тие фирми да се вратат во животот.

Навистина едно вакво гледање онолку колку што разбирам од економијата ме заинтригира и навистина ме натера на едно размислување дека во оваа состојба ако така се поддржи овој закон и ако е такво размислувањето во една таква состојба да се доведеме, тогаш од оние податоци кои што се дадени во образложението на законот нема да пропаднат неколку фирми туку ќе пропаднат најголемиот број на фирми во нашата држава а после тоа не не спасуваат ниту иљадници други закони и мерки кои што ќе се преземат во оваа држава за да се вратиме во една подобра состојба.

Затоа, моето гледање е малку поинакво и сметам дека со законските мерки кои што се предлагаат од сферата на економијата треба да се овозможи оние фирми кои што се во тешка состојба моментално во државава, не да се дозволи да пропаднат, туку напротив да се предложат такви законски решенија кои што ќе им овозможат да излезат од ваквата тешка состојба во која тие се наоѓаат.

Кога ова го зборувам го имам предвид следново. Во образложението кое што е дадено во законот можат да се донесат главно, три заклучоци, за кои што овој закон се предлага. Според мене тие заклучоци се следниве.

IX/9.-

Прво, постојат разни фондови, пензискиот, здравствениот и Фондот за вработување.

Второ, постојат оптоварени претпријатија кои се финансиски исцрпени и не можат да го поднесат теретот повеќе од придонесите во државава. Трето, непостоење на можности буџетот онаков каков што е е се повеќе празен, да ги надокнади тие недостатоци на финансиски средства во фондовите кои што ги напоменав.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во една ваква состојба, навистина, законот кој што се предлага не само што не нуди решенија за излез од тие состојби, туку напротив сметам дека уште повеќе ќе доведе до заострување на состојбата. Зошто го велам ова? Имено, првата причина е тоа што сметам дека законот ќе има краткорочни гледања, односно некои краткорочни ефекти кои некој мисли дека ќе ги постигне. Прво, сметам дека можеби првиот месец од влегувањето на законот во сила, наместо да земат работниците плата, ќе им се земат придонесите и можеби првиот месец ќе влезе некој денар во пензискиот и здравствениот фонд, но веднаш потоа ќе се соочиме со проблемот, наредните два-три месеци, вработените во поголемите фирми да не можат да ги земат платите.

Ако добро се проанализира состојбата во фирмите ќе се забележи следното. Со еден пример ќе го илустрирам тоа. Не би ја споменувал фирмата овде на говорница, но се работи за фирма која има 200 вработени која веќе 11 месеци не ги платила придонесите, а земала каква таква плата. Една проста математика ќе го покаже следното. Таа фирма, кога би сакала да го искористи оној дисконт кој што овде се дава, би го имала следното. При најмала плата која што би требало да ја зема, да речеме 5.000 денари нето плата да зема, ако ги пресмета обврските од 30% од бруто платата, ќе дојде до констатација дека по вработен ќе треба да плати околу 120 марки придонеси месечно. Бидејќи ми се дофрлува од место, морам да кажам, ако нето платата е 5.000 денари, а обврските ќе ги плати на бруто платата, затоа ќе дојде околу 120 марки. Пресметајте, па ќе видите. Еве, и 10 марки нека се помалку, да не се пазариме околу тоа што го нема. Но сепак, при една таква состојба таа фирма ќе треба да плати околу 24 илјади марки за вработен по месец,

за 10 месеци колку што ги нема платено придонесите тоа се 240 илјади марки и ако сега плати 30%, тоа ќе му дојде некаде околу 72 илјади марки или 70 илјади марки да плати придонеси. Таа истата фирма има обврски околу 7 милиони германски марки. Сега дали некој го поставува прашањето какво олеснување се нуди со овој закон, кога таа фирма веќе има обврски од околу 7 милиони марки. Од каде ќе најде да ги плати и тие 70 илјади марки, а само за плата на истата таа фирма ќе и бидат потребни некаде околу 40 илјади германски марки. Што значи дека првата погодност која што им се нуди на фирмите, на- водно погодност навистина е илузорна.

На крајот да завршам со следното. Сметам дека не може да се реши една таква дубиоза во стопанството со едни вакви краткорочни мерки кои навистина не се потпираат на едни подлабоки анализи на тоа кои се причините кои го доведоа стопанството во нашата држава на ова ниво на кое е денес. Често пати овде предлагаме закони, односно Владата предлага закони кои вели дека се навистина кратки и дека треба по брза постапка да се донесат. Тие се можеби кратки, во два-три члена, но последиците кои ќе ги предизвикаат се многу тешки и долгорочни.

Затоа, сметам дека треба овој закон да се повлече, Влада- та да го повлече од процедура и да си предложи подлабоки мерки за излез на стопанството од оваа состојба.

На крајот сето тоа би го завршил со еден пример. Ако ви е буџетот празен, и немате повеќе за пензискиот фонд, јас многу едноставно ќе ви кажам за една пензија како да обезбедите пари. 55 милиони германски марки се потребни за едномесечна пензија. Деновиве во  весник го

читаме следното: ТАТ околу 9 милиони марки има ненаплатен персонален данок. За тоа не е виновен Парламентот. На едно пратеничко прашање беше одговорено дека рафинеријата општо има околу 17 милиони германски марки неплатени акцизи. Пред три-четири дена прочитавме дека Силекс има 5 милиони марки неплатени обврски кон државата. Само тие три фирми да го спроведуваат тоа онака како што треба, тоа се 31 милион германски марки кои ќе ги имавте во буџетот и тоа само од три фирми и тогаш не ќе имавте потреба да предлагате еден ваков закон кој што навистина не решава ништо.

На крајот сметам дека со Предлогот на овој закон конечно во јавноста Владата покажа дека нема намера за реформа во пензискиот фонд, затоа што конечно го напушти принципот на создавање на капитален фонд од страна на пензискиот фонд.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Начевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, јас би поставил едно прашаше зошто не сакаме ред во државата. На секоја седница кога расправаме за Владата одредени колеги критикуваат зошто Владата не направи метод и не воведе мир да се стави ред во финансиското работење на претпријатијата, да ги собере средствата во буџетот да не би доаѓало до ребаланс на буџетот и ја прогласува како неспособна.

Еве, дојде време кога Владата предложи закон за ставање ред, со закон да се регулира финансиското работење. Закон кој што  е во

интерес најповеќе на работниците и пензионерите, што евидентно може да се види од дописот на Стопанска комора на Македонија и на Сојузот на синдикатите на Македонија, кои го прифаќаат законот и предлагаат нови измени кои мислам претставникот на Владата ќе ги прифати. Евидентно е дека има многу фирми кои плаќаат разни надоместоци поголеми од просечните плати по разни основи, за кои не се плаќаат бруто плати. Дали на оваа држава и требаат такви работи?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван потпретседател, драги колеги, прашањето што го претресуваме сега заслужува долго да биде во нашето внимание, а не е лошо да имаме трпение и да вложиме напори да ги согледаме сите аспекти, за да не пропуштиме нешто и да имаме други последици.

Се согласувам дека овде е неизбежна и партиска пропаганда, па на крајот на краиштата наближуваат и изборите, и маркетинг и тоа не е ништо страшно, но мислам дека сепак разговараме за едно прашање кое сакале или не сакале сите, ама под еднакво сите од сите партии, и сите нас дома во семејството, во сите семејства ќе не погоди. Кога го гледавме овој закон, ние во пратеничката група го гледавме на три-четири наши средби.

Прво, кога го видовме бројот на работниците за кои не се плаќаат придонеси за здравствено осигурување, не се плаќа придонес за пензиско осигурување, видовме дека надвор од вработените кои се финансираат од буџетот или од јавните фондови, по нашите пресметки

излезе дека само 80 илјади вработени надвор од овој дел редовно ги плаќаат придонесите. Значи, 173 илјади не плаќаат. Се разбира, нашата грижа за состојбите во здравството, како и на другите политички партии овде и на нашата сигурно, не натера да поразмислиме како нередовното плаќање и заостанувањето во финансирањето на здравствените институции, целиот тој сектор ќе го онеслодоби да даде квалитетна заштита на граѓаните, па и на вработените и како тие вработени, токму поради тоа можеби, и порано ќе станат и неспособни да можат редовно да си ја вршат работата поради здравствени причини, неизлечени болести, ненавремено лечени и тн. Затоа, исто так водејќи сметка и за пензионерите и за нивните правана крајот на краиштата, се доближуваме сите до тоа време, добро е секој да доживее да дојде до тоа време. Ако работеле цел свој работен век и уплатувале придонеси, тогаш не можело вака да не се уплати придонес, сега да не можат да добијат една или две пензии и третата сега да им задоцнува, се разбира, тоа е крајно некоректно спрема нив. На крајот на краиштата, па и со самите работници што станува ако тие заради неуплатен придонес за пензии, кога некој порано или подоцна ќе дојде на возраст и со стаж кога му следува пензија, да не може да си го оствари тоа пензиско право.

Од таму, кај нас првите дискусии беа навистина овој закон да го поддржиме, да го усвоиме и да дадеме некои амандмани за негово подобрување. Мислевме дали овој дисконт е премногу висок, да не биде толку висок дисконтот, потоа мислевме дали е  добро да се чека до 15 во месецот и имаше размислувања дали може тоа да биде до 10 во месецот. Го погледавме образложението на законот, потоа ги погледавме и податоците. И навистина, разни фондови, но и неспособен буџет да интервенира веќе во фондовите преку трансфери. Од друга

страна се запрашавме, овие сега во кои фирми работат, какви фирми се тие и дали тие примаат и плата, каква плата примаат. Сега се покажа дека тие примаат навистина мали плати, на добар дел од нив им доцнат платите, голем дел од нив, 60% од нив примаат во пари, а до 40% примаат во натура, од прехранбени производи до прашоци за перење и др. Според тоа, побаравме да видиме дали овие фирми прво можат да исплатуваат плати, а истовремено да исплатуваат и придонеси. Според она што го разбравме, гледајќи ги состојбите во фирмите, излегува дека тие сега не се во состојба, не заради тоа што менаџерите не сакаа. Ако има такви, тоа е криминален случај кога менаџерот не сака да им плаќа придонес, а им дава плата. Таквите случаи треба да се утврдат, тоа се сигурно поединечни случаи и тоа е случај на еден вид криминал и треба да се гони и казнува. Меѓутоа, ние не слушнавме и не видовме никаде проценка ниту на комисиите ниту во излагањето на министерот овде дека тие фирми, овие после дисконтот, ќе можат тие 30% колку од нив ќе можат во тој месец да го платат. Потоа, не добивме проценка колку од овие фирми, настрана од тоа што е заостанато од 30%, сега редовно ќе можат да исплатуваат придонеси. Ние дојдовме до еден заклучок дека работникот, чиј интерес е да има здравствено осигурување, неспорно, чиј интерес е да има пензиско осигурување, тоа е неспорно, сега работникот треба да работи за да може на 15 да ги плати придонесите, ако не прима плата. Ако има и за плата, тогаш е добро, но ако нема за плата да ги плати придонесите. Така стои во законот. Сето ова е точно, меѓутоа, вработениот за да го оствари правото на пензија, тој треба да доживее, тој треба да живее денес, утре, овој први и оној први, треба да се храни неговото семејство, тој да се храни, да ги задоволува и другите потреби кои го држат во кондиција да доживее пензија. Исто така, откако ќе се

излечи и за да се лечи, пак треба да оди на работа, ама за плата. Ако ние нему му сервираме закон кој вели дека оној кој работи ќе плати прво на фондовите и државата, ако има за плата, ќе има, ако не кога ќе има, ние дојдовме до еден заклучок дека огромен број фирми ќе дојдат во ситуација да не можат редовно да го обавуваат процесот на деловното работење. Ќе створиме револт во фирмите, не против менаџерите. И менаџерите ако се виновни ќе ги сменат, ќе си доведат други. Тоа е наивно објаснување, туку состојбите во фирми те се такви. Ако дојде до револт во фирмите и неред во деловното работење на фирмите, треба да знаеме дека тоа ќе ги намали нивните способности да плаќаат и толку досега колку што можат да плаќаат придонеси или плати, уште повеќе ќе ги намали. Штом ќе се наруши процесот на производство, процесот на деловно работење, уште повеќе ќе се намали можноста натаму да се одржува ова што го имаме. Ние за тоа немаме точни проценки од Министерството. Немаме проценки колку фирми заради ова ќе заглават, да кажеме и ќе пропаднат, а колку фирми навистина ќе се оспособат. Ако тој однос е таков да се жртвува еден помал број на фирми кои не сакаат финансиска дисциплина, а ние сме за финансиска дисциплина, постојано сме се залагале и сега се залагаме, тогаш ние ќе го поддржиме законот. Но такво објаснување нема, таква проценка нема. А ако се случи да пропаднат повеќе фирми, па како резултат на овој закон имаме повеќе социјални случаи и повеќе корисници на фондовите и на буџетот, а помалку уплатувачи, тогаш овој закон оди контра сето ова што е овде зборувано и да му биде цел да ја оствари. Напротив, сосема спротивно на тоа оди.

XI/1.- СС/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Сега, за нешто да се предложи треба цврсто со аргументација докази, пресметки, проекции да се настапи овде. Тоа ние го немаме. Всушност, нас не загрижува и тоа дека Владата го нема и не може да го направи, заради тоа што Владата и до сега има многу слаби проценки. И до сега, да кажеме ние за 1995 година, скоро 30% моравме да го ребалансираме буџетот. Толку многу промашаи да направи една Влада, тоа е, какви се последици тоа биле во остварување на Буџетот? Какви се нерамнотежи биле и тн. Или, да кажеме, оти инструментите по донесениот буџет , не се по ребалансираниот Буџет градени . Или, земете не се пресметало дека нема да се плаќаат придонеси во толку фирми. Тоа со години одело. 1993, 1994, 1995,1996, сега. Не се пресметале инструментите што се поднесени. Како се живеело без тие да плаќаат? Со што е тоа надокнадувано, какви трансфери се вршени? Зошто не се исправени тие инструменти?

Затоа, ние не веруваме дека има јасна претстава за ефектите на овој закон, дека заради непосредните потреби на фондовите сега да се уплати се прави една операција што е точно за фондовите, но и за работниците, вработените и за пензионерите и оние кои користат здравство и тие што работат во здравството, крајно опасна работа. И, ние мислиме дека овој закон ќе има разорно дејство во финансиските токму во финансиските текови на државата. А, требаше некој овде да застане и да не убеди дека тоа не е така и да наведе аргументи со кои точно ќе тврди што ќе се случи. Но, да го држиме за збор, утре да му кажеме дека лажел ако не се оствари тоа. Ако се оствари, навистина , сите признанија. Тоа е нашата стална позиција да кажеме дека се предлагаат волонтаристички и од ракав мерки, Владата нема програма, не најавува однапред што ќе прави и како ќе прави.

XI/2.-

Сега, да ви кажам кога премиерот ја предлагаше новата Влада вети пакет мерки. Тоа што требаше да го стори, што тука тој вети, требаше да дојде со едно експозе и точно да објасни што содржи тој пакет мерки, на што се заснова тој пакет на мерки, кои се прецизните согледувања, која е динамиката на неговото остварување. Тоа, со конференции на портпаролот на Владата не се решава. Ако се бара поддршка од Парламентот, разбирање од Парламентот, како што е во секоја земја, тука се доаѓа и тука се расправа.

Ние , драги колеги имавме расправа за Буџетот. Имавме дијаметрално спротивни погледи со вас. Велевте дека е тоа наш маркетинг. Ви рековме дека оваа година ќе биде година со три негативни трендови: влошување на економската состојба на поединецот и фамилијата, влошување на економската состојба на фирмите и влошување на економската состојба на државата. Токму тоа се случи. Тогаш се изредија говорници да кажат дека не е точно итн. меѓутоа не е така. Еве, точно тоа се случи.

Она што треба сега, во Македонија како држава нас да не окупира, тоа се состојбите што ние , во нашата земја, сеуште немаме изработено од Владата еден приод како да се лоцираат вистинските дискрипанции во државата, најголемите диспропорции што го нарушуваат го загрозуваат нејзиниот развој. Не заради развојот, туку заради економскиот неуспех оваа држава ќе се доведе во опасност и безбедноста и опстанокот.

Мислиме дека општиот однос меѓу економски активното население и издржаваното населени е клучниот проблем во оваа држава. Тој однос се влошува. Мораме па видиме кои мерки, кои планови на кој начин тој однос да го сопреме да не се влошува и да го подобриме.

XI/3.-

Второ е влошување на меѓународната економска позиција. Покрај се што правиме дефицитот во трговскиот биланс расте. Нам може да ни се случи и многу сме на добар пат тоа да ни се случи покрај сето разбирање од меѓународните финансиски институции да ги уредиме долговите и годишните обврски и оброците по шест месеци како се плаќаат во согласност со нашите можности, не знаејќи ги вистинските сопствени можности да влеземе во стапица и да не можеме да го сервисираме долгот.

Оваа година не го начнуваме проблемот на платниот дефицит и на трговскиот дефицит. Се повторува минатогодишната состојба а некои работи дури се влошуваат. Тоа нас не не мотивира како една или друга партија да можеме да се натфрламе едни со други и да си префрламе како некоја партија на крупен капитал, ... Ве молам, колку комично делува, крупен капитал во Македонија?! и , некоја партија на крупен капитал!? Ако некоја пара има во Македонија, таа пара е во фондовите и во Буџетот. И таму е недоволна, но таму ја има и се знае во чии раце. Таа не е во рацете на либералите и либерално-демократската парија во Македонија. Се знае кој располага со парите. Се знае како располага и од каде и до каде е дојдено тоа. Меѓутоа да го оставиме на страна сето. тоа.

По овие прашања не ми се потребни меѓусебни судири и конфликти. Да видиме дали можеме да се договориме кои се централните прашања и како да им пријдеме да ги решаваме?

Морам да ви кажам кога станува збор за пакет, си реков, барем делумно да ги начнеме тие прашања. Во тие прашања ќе треба да се гради приод и на овие тековни дефицити и недостатоци, но од една таква слика од еден таков рекурс. Меѓутоа, ако таа претстава ја немаме ние ќе направиме нешто што нагло ќе ни ја влоши состојбата.

XI/4.-

Тука е нашата голема загриженост. Ние мислиме и тоа, јас морам да ви кажам не гледам дека Владата се отвора кон идеи од надвор, надвор од својот тесен круг. Ниту во една земја тоа не можело да се направи така. Секаде е потребна поширока база за тоа. Мислам дека се прават крупни грешки со крупни последици. Тоа е и причината да не ја изгубиме цела оваа година и да одиме на избори наесен. Објективната ситуација во Парламентот тогаш, распоредот на силите сите ќе не принуди заедно да се грижиме за тие основни прашања. Заспаноста заради најмоќноста во Парламентот, комоцијата што е нормална било кој да е во таква ситуација, а вакви тешки се проблемите и се произведуваат конфликти, нормално не онеспособува да ги бараме вистинските решенија.

Така, овој закон сега и излагањето што го гледавме сега ни ја наслика Владата. Владата, сега ново составена, со ветувањата за нов пакет ете, до таму може. До таму. Тоа е нејзиниот максимум, максимум очигледно.

Според тоа ние не можеме да очекуваме ништо добро и се плашиме дека овој закон самиот ќе внесе натаму неред и несигурност. Ќе биде нов удар. Затоа ќе гласаме против. Нека бидеме во криво, ние сакаме да има резултати, но не веруваме во тоа и не сме подготвени да застанеме зад него.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиско работење.

Кој е за, молам да крене рака? (57 пратеници)

Дали има некој против? (17 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласањето? (2 пратеници)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Кој е за молам да крене рака?(62 пратеници)

Дали има некој против? (12 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 4, член 9 и на член 9 за додавање нов член 24-б со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 3 став 1, член 9 за додавање нов став 3 во новиот член 24-а и на член 9 за бришење на ставот 3 во новиот член 24-а по кои не се произнел претставникот на Владата.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 9 во новиот член 24-а став 2, член 9 во новиот член 24-а за додавање нов став 2, член 9 во новиот член 24-а за додавање нов став 4, член 9 во новиот член 24-а за додавање нов член 24-о и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 , член 5 став 4, член 6 и член 7 став 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 9 во новиот член 24-а за додавање нов став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандман на член 2 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандман на член 2 став 1 по кој Владата не се произнела, а истиот го повлече.

Пратеникот Димитар Трпеновски поднесе амандман на член 2 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Марјан Начевски и Драган Митевски поднесоа амандмани на член 2 став 1 член 3 став 1 и на член 9 во новиот член 24-а став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Драган Георгиев и Зоре Темелковски поднесоа амандмани на член 3 став 1, на член 9 во новиот член 24-а став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Мешков поднесе амандман на член 3 став 3 по кој Владата не се произнела и истиот го повлече.

Пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Ристо Трајков и Ристо Масев поднесоа амандмани на член 2 став 1 , член 2 став 3, член 9 во новиот член 24-а став 1 и на член 9 во новиот член 24-а став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Мешков поднесе амандман на член 9 во новиот член 24-а во новиот став 2 по кој Владата не се произнела и истиот го повлече.

Пратеникот Лазар Димов поднесе амандман на член 9 во новиот член 24-а став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Звонко Каров поднесе амандман на член 3 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Звонко Каров поднесе амандман на член 9 став 2 по кој Владата н,е се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓата Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор- г-дино Пецев.

**МИРКО ПЕЦЕВ:**

Почитувани пратеници сакав да кажам неколку збор за овој амандман. Мислам дека навистина ќе нанесеме штета на виталноста на организациите ако не дозволиме да се исплатува надоместокот за патни и дневни трошоци за патување во земјата. Бидејќи, ако некоја организација нема пари да ги плати придонесите, треба да оди да си ги наплати побарувањата. Или, треба репроматеријали да набави или ред работи да направи за да биде подобра. Сега, фактички ќе ги затвориме и луѓето во фирмите и ќе седиме.

Не гледам логика. Барем виталноста на организациите да ја сочуваме за да можат да ги обават основните функции и да се продолжи функцијата на фирмата. Ако тоа не го дозволиме незнам, ...

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници)

Дали има некој против? ( 1 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (47)

Констатирам дека Собранието не го усвои 2 став 1 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Отворам претрес по амандманот на член 2 пратеникот Димитар Трпеновски.

Пратеникот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 пратеникот Марјан Начевски и Драган Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се

Има збор г-гата Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратениците Марјан Начевски и Драган Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратеникот Драган Георгиев, Борис Павлов, Ристо Трајков и Ристо Масев

Го молам претставникот на Владата па се произнесе.

Има збор г-ѓата Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници Владата не го прифаќа овој амандман, тој е со иста содржина како претходниот.

XI/9.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член став 1 поднесен од пратениците Драган Георгиев , Борис Павлов, Ристо Трајков и Ристо Масев.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратениците Драган Георгиев,Борис Павлов, Ристо Трајков и Ристо Масев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-ѓата Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници Владата го прифаќа овој амандман бидејќи претставува допрецизирање на членот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Констатирам дека тој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( б пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член став 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (Продолжение)

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратениците Марјан Начевски и Драган Митевски.

Амандманот го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратениците Драган Георгиев и Зоре Темелковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман и тој значи продолжување на рокот за плаќање на придонесите од 15-ти за 25-ти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратеникот Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман е во иста содржина како претходниот така што се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9, по новиот член 24-а, став 1, поднесен од пратениците Драган Георгиев и Зоре Темелковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман,

XII/2.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 во новиот член 24-а став 1, поднесен од пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Ристо Трајков и Ристо Масев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман е прифатен од Владата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 во новиот член 24-а став 2, поднесен од пратениците Марјан Начевски и Драган Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 9 во новиот член 24-а став 2, поднесен од пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Ристо Трајков и Ристо Масев.

Го молам претставникот на Владата па се произнесе

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Драган Георгиев.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Со овој амандман мислам дека предлагаме, групата пратеници, оние претпријатија односно оние субјекти кои не се во состојба да ги подмират обврските по основ на придонеси и персонален данок од плата наместо во рок од еден месец од донесувањето односно од стапувањето во сила на овој закон овој рок да се пролонгира на два месеци Тоа го поднесуваме од проста причина дека од донесувањето на овој закон ниту еден од субјектите нема да биде во состојба во временски период од еден месец да ги осознае одредбите од овој закон, а ниту фондовите нема да бидат во ситуација да извршат пресметка на обврските на субјектите за да можат тие во рок од еден месец да извршат обврска. Затоа предлагаме овој рок да биде два месеци и сметаме дека два месеци се оптимален временски период во кој субјектите оние кои ќе бидат во ситуација да ги подмират обврските по однос на придонеси од плата и персонален данок од плата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Борис Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас излегов на говорницата да дадам поддршка на амандманот, бидејќи е наш во крајна линија, сакам да кажам само две реченици. Ако предлогот во текстот е даден овој дисконт од 70% се користи, а логично би било да биде најмалку два месеци оти навистина за месец дена ниту организациите ќе бидат во состојба да го пресметаат овој дел што го рече Драган Георгиев, мислам ако остане месец дена ќе стои само како мртов збор на самиот закон, а практично ќе биде неприменлив. Уште еднаш апелирам и молам овој амандман да го прифатите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Митевски.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници овој амандман навистина треба сериозно да се разгледа и сериозно да се размисли за неговото прифаќање при гласањето, бидејќи тој носи сериозни последици. Сите вие не го врзувате овој амандман со измените на Законот по кој се вика дека сите оние кои досега не ги извршиле плаќањата на придонесите и данокот ќе го извршат во онолку рати откако ќе го донесеме законот во наредниот период, а тоа значи ако некој не платил за 24 месеци сега во еднакви рати ќе ги плати во наредните 24 месеци. Тоа е едната страна со која се оптоварува правното лице со плаќање на придонесите и даноците. Овде, со ова што се предлага за месец дена да се платат придонесите кон фондовите и персоналниот данок, практично доаѓа во еден месец два пати да плати придонеси и даноци што не е можно. Ние ќе донесеме еден законски проект кој ќе биде само на хартија. Поради тоа ние предлагаме да има подолг рок,ова се однесува за новите, идните поаѓања да биде подолг рок од 60 дена. Ние треба да носиме закон кој е применлив во крајна линија, а во тој закон не може да се примени и останува како мртва буква на хартија и навистина не треба да носиме такви закони.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Начевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги, има една заблуда. Во членот 9 новиот член 24-а во ставот 2 зборовите "еден месец" се заменуваат со зборовите "два месеци". Ако сака некое претпријатие да го користи дисконтот, должен е да го плати наместо во еден, во два месеца. Мислам дека ова треба да го прифатиме.

XII/5.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Ване Наумоски, но се откажува.

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да" крене рака? (36 пратеника)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 во новиот член 24-а став 2, поднесен од пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Ристо Трајков и Ристо Масев.

Отворам претрес по амандманот на член 9 во новиот член 214-а став 2 поднесен од пратеникот Лазар Димов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман и критичен месец како последна исплатена плата го зема месец март.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, овој амандман се однесува на времето до кое може да се применува дисконтот. Наиме во тој член кој е амандман на Владата на овој закон се вели дека критичен месец е месец март. Во образложението на Владата стои за ваквиот амандман дека критичен месец треба да биде месец март од причини што некои дознале дека ќе има голем регрес на придонесите, па наплаќале придонеси и доцнеле.

Сметам дека ова гледање на Владата е скроз неисправно од две причини.

Првата причина е.....(општ хаос во салата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам за тишина да по слушнеме господинот.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Првата причина е таа што сите стопански субјекти не ги ставаме во иста положба. На име оние кои биле најдисциплинирани и кои доцнат со плаќање два-три месеци дефакто се ставаат во најнеповолна положба со отплаќањето и трета работа единствено овие организации имаа можност и да го користат овој попуст.

Четврто и најважно мислам дека министерот ми вети дека ќе го прифати амандманот а по се изгледа не стои на зборот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 во новиот член 24-а став 2, поднесен од пратеникот Лазар Димов.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман и останува на својот став дека дисконтот ќе се однесува заклучно, треба да се плати  во рок од 30

дена, а со предложениот амандман се бара дисконтот да важи 45 дена.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Каров.

**ЗВОНКО ЈСАРОВ :**

Почитувани колеги, колегите со предложениот рок на плаќање на дисконт во рок од 60 дена, имавме 36 гласа, тогаш бев подготвен на овој мој амандман, бидејќи предвидува 45 дена, да го повлечам. И денеска и претходните денови навистина контактирав конкретно фирми од Кавадарци кои сакаат навистина 4-5-6 месеци немаат платено и искажуваат подготвеност тоа да го сторат. Меѓутоа, до излегувањето на Законот релативно е краток период од 15 дена затоа предлагам со амандманот бидејќи не беше усвоен на колегите тој рок да биде 45 дена за плаќање на дисконтот. Јас ве молам да го прифатите амандманот

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (50 пратеници.)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника)

Молам, да се преброиме колку има пратеници внатре.

Има 66 пратеника, имаме кворум за работа.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 9 став 2, поднесен од пратеникот Звонко Каров.

XII/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на став 3 во новиот член 24-а, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за бришење на став 3 во новиот член 24-а поднесен од Комисија за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 3 во новиот член 24-а поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање нов став 3 во новиот член 24-а, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

XII/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 9....

Господине Минов за што се работи?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Се работи за тоа што и во воведот на претставникот на Владата и во изјаснувањето на комисиите и матичната беше прифатено дека се работи за делот на задоцнетите камати Владата го прифаќа како амандман и требаше претставникот од Комисијата за финансирање и буџет тоа да го образложи.

XIII/1 ДВ/СЛ

**ПАНЧО МИНОВ:(**продолжение)

Прво има контрадикторност во воведот. Министерот го прифаќа, сега заменик министерот не го прифаќа овој амандман. Се работи за ослободување на оние кои редовно ги исплаќале своите обврски, на заостанатите камати што рековме дека тоа е голем долг за претпријатијата и како такви треба да се ослободат, а дека Владата тоа го прифаќа. За тој амандман се работи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам затоа е потребно поголема дисциплина и да се следи расправата да се види што е прифатено, а што не.

Отворам претрес по амандманот на член 9, во новиот член 24-а за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор ѓ-та Славјанка Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господа пратеници Владата не го прифаќа овој амандман и ги става сите правни субјекти, исто така и земјоделците во еднаква положба, што значи дека рокот што сега го усвоивме со амандманот на господинот Ѕвонко Каров, и за земјоделците би било 45 дена да можат да ги платат обврските по придонесите, со дисконт од 70%.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

XIII/2.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман се бара земјоделците станува збор за приватните земјоделци и комбинатите, рокот од 30 дена со кој ќе може да користат намалување 80%, ако ги платат давачките кон Фондот за пензиско и здравствено осигурување и давачките кон данокот од земјоделска дејност, да биде до крајот на оваа година. Причините за ова се познати. Се знае дека земјоделците само два пати во годината земаат пари и никогаш повеќе. Она што го рече сега заменикот министер за финансии дека и за земјоделците важи претходниот амандман што е усвоен, да се користи овој дисконт од 45 дена, значи земјоделците не ќе можат да го користат. Сметам дека би било оправдано, овој рок за нив предвид доаѓа предвид само до крајот на годината. Се надевам дека ќе биде поддржан овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Се јавувам јас да го поддржам овој амандман од едноставна причина што земјоделците не се во состојба да ги читаат Службените листови. Овој закон ќе излезе во Службен весник, оваа седница никој не ја прати од земјоделците и тие немаат време да го прочитаат тоа. Затоа треба на нив да им се даде можност, повеќе време за да осозна за овој закон и да можат да го искористат тоа право за намалување односно, тој дисконт од 70%.

Како што рече колегата Тантаров, земјоделците наплаќаат два пати во годината. Воглавно ефектите од својата работа пристигнуваат

при крајот на годината, дали од лозје, дали од шеќерна репка, дали од тутун. Сето тоа се наплаќа при крајот на годината и затоа мислам дека овој амандман е прифатлив и треба да го усвоиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(25 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 на новиот член 23-а за додавање нов став 3, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Во меѓувреме пратеникот Мирко Пецов поднесе амандман на член 9 по новиот член 24-а став 2 по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата овој амандман не го прифаќа од истите причини како и претходниот амандман што беше понуден и каде што стоеше дека дисконтот треба да се однесува заклучно како крајна исплатена месечна плата април. Ние останувам на нашето решение дека тоа треба да биде месец март, што значи предлогот што сега го имате во амандманот, тоа да биде месец јуни,не го прифаќаме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Мирко Пецов.

XIII/4.-

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Го поднесов овој амандман дисконтот да важи заклучно со платата за месец јуни 1997 година, бидејќи сакам од овој закон да имаат корист, односно тој да биде поволен и за оние кои поредовно си ги плаќаат обврските. Мислам дека тоа е фер спрема тие кои си ги измириле обврските, па еве за некој месец, во случајот заклучно со месец јуни да го искористат дисконтот.

Сакам да кажам, иако тоа не е многу битно за вас, дека ако не се усвои овој амандман нема да гласам за законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(11 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 по новиот член 24-а став 2 поднесен од пратеникот Мирко Пецов. Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(58 пратеници).

Дали има некој против?(3 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиско работење.

Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Насер Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа.

Основни причини поради кои се предлагаат измени и дополнувања во Законот за пензиско и инвалидско осигурување се неколкуте одлуки на Уставниот суд со кои се укинуваат некои одредби од Законот за пензиско и инвалидско осигурување и тоа: во однос на овластувањата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, со општи акти поблиску да ги уредува прашањата околу правата од пензиското и инвалидското осигурување, во делот каде што користењето на паричниот надоместок за инвалидите на трудот се ограничува до 3 години, се разбира по престанокот на правниот субјект и во врска со двостепената постапка на остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Согласно одлуката на Уставниот суд правата од пензиското и инвалидското осигурување може да се уредуваат само со Закон, односно колективен договор. Од тие причини со овие измени регулативата од општите акти на Фондот се пренесува на Закон, односно статутот на Фондот.

XIII/6.-

Одлуката на Уставниот суд со која се укинува ограничувањето на користењето на паричниот надоместок на инвалидите на трудот во случај на престанок на правното лице поради стечај или ликвидација најмногу до 3 години, предизвика промени во Законот. Измените на Законот во овој дел се однесуваат на неограничено користење на овој надоместок односно до вработување или остварување на правото на пензија.

Со оглед на фактот дека ова право добива право на трајно материјално право се условува и со должината на пензискиот стаж , како и останатите права од ова осигурување, согласно член 63 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Во таа смисла соодветно се димензионира и обемот на овој надоместок, ставајќи го во корелација со пензијата како долгорочно право.

Исто така со овие измени се обезбедува право на користење на паричен надоместок и на инвалидите на трудот на кои надоместокот им престанал да се исплаќа поради истекот на времето од 3 години предвидено досега со закон.

Во измените на Законот се врши и интервенција во делот на надлежноста за решавање на правата од втор степен. Решавањето на овие права се обезбедуваше досега во рамките на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Согласно измените надлежен орган за решавање на правата од втор степен, сега се предлага да биде соодветна комиси"ја и Владата на РМ, со што ќе се обезбедува двостепеност во одлучувањето по овие прашања.

Како последица на одлуката на Уставниот суд дека со општ акт на Фондот не може поблиску да се уредуваат права од пензиското и инвалидското осигурување, со овие измени се утврдуваат случаите на

остварувањето на продолжено осигурување во кое може да се пристапи по престанокот на задолжителното осигурување.

Покрај досегашните случаи на продолжено осигурување се предлага, преку овој вид на осигурување континуитет во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување да се обезбедат уште две категории на осигуреници, односно лица. Станува збор за поранешните осигуреници во доброволно осигурување, членови на домаќинства на индивидуалните земјоделци, според Законот и за осигуреници во сила на овие измени се корисниците на паричниот надоместок.

Вклучувањето на овие две категории во кругот на продолжено осигурување е и заради фактот што тие биле во задолжително осигурување, а преку продолженото осигурување им се дава можност за обезбедување на извесен континуитет во пензиското и инвалидското осигурување, со пристапување во овој вид на доброволно осигурување по сопствено барање.

Со донесувањето на овој закон се обезбедува постапување по Одлуката на Уставниот суд и уредување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, односно континуитет во нивното остварување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го слушнавте излагањето на г-динот Зибери.

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Панчо Минов.

XIII/8.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседавач, дами и господа пратеници,

Мислам дека целосно се исполнети условите наведени во образложението, како причини за донесување на овој закон. Пред се, она што е основна причина тоа е постигањето на правичноста со усогласување на одлуките на Уставниот суд за оној паричен надоместок на инвалидите на трудот кој досега беше ограничен на три години да се утврди со овој закон , како се предлага, да биде како едно постојано право на паричен надоместок на таа категорија на социјални корисници.

Сакам посебно да потенцирам едни нови решенија во овој закон кои и мене како пратеник условно да кажам од земјоделска општина и исто така многу други колеги кои потекнуваат од такви земјоделски општини, од многу порано истакнатите барања, а покрај задолжителното осигурување на вршителот на дејноста, на земјоделска дејност да има право пензиско и инвалидско да се осигураат и членовите на неговото семејство. Во овој предметен закон тоа се воведува, така да не забележително треба посебно да се потенцира како едно многу квалитетно решение со кое на некој- начин ќе се дојде до афирмација и преку вршењето на земјоделска дејност каде што, фактички, и членовите на земјоделските домаќинства се и самите извршители на таа земјоделска дејност да имаат право на пензиско И инвалидско осигурување. Исто така, многу прусутниот проблем на на лица кои имале задолжително осигурување по однос на работен однос кај работодавачи што правното лице престанало, дали поради стечај а во најчест случај поради стечај, после користењето на паричниот надоместок од 24 месеци имаше и има фактичка состојба на голем број на осигуреници кои

по 20, по 30 или 35 години имаат работен стаж и стаж на пензиско осигурување, а поради не можноста, односно поради прекинување на задолжителното осигурување не можат да остварат или право на материјално обезбедување, или право на пензија, со овој закон се дозволува покрај тоа задолжително осигурување, преку продолжено доброволно осигурување да го остварат правото или на материјално обезбедување или правото на пензија.

Мојот предлог до предлагачот и во комисиските расправи и во оваа прилика е, ограничувањето што, претходно поздравувајќи ги овие новини како доста квалитетни решенија во кои што многу категории на социјални осигуреници најдат решенија за остварување на свој права, ограничувањата кои се од 3 години, мој предлог беше и на комисиската расправа тоа да биде најмалку 5 години како право по завршувањето на задолжителното осигурување, да има можност преку продолжено доброволно осигурување.

Поддржувајќи го овој закон и неговото донесување сакам тоа да го истакнам и во пленарната расправа.

XIV/1.- НН/ЉР

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министри, почитувани колеги, бидејќи по втор пат излегувам на говорницата по овој закон ќе бидам краток.

Прво, ме радува фактот што и пратеници од опозицијата го поддржуваат како добар и навистина мислам дека одредбите на овој закон заслужуваат внимание особено кај онаа категорија работници, инвалиди на трудот кои останаа како технолошки вишок или стечајни со донесување на законот за загубарите. Јас потекнувам од една општина каде што оваа категорија на работници повеќе ги има и тоа се фабриките Тане Цанески, Тајмиште, па и Копачка, со тоа што истовремено се задоволува едно од барањата на здружението ан технолошки работници кое го имаат доставено и до Владата и до претседателот на Парламентот,покрај другите. Сметам дека со овој рок до пензионирање да примаат материјален надоместок е еднопаметно, позитивно решение.

Втората категорија, втората позитивност е категоријата на земјоделците. Исто така барање кое често се потенцираше од оваа говорница и влегува во законска регулатива. Ми се чини овој пат добри потези направило Министерството и Владата.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Најнапред го поддржувам барањето на г-динот Панче Минов што се однесува на барањето за земјоделците. Инаку, го поддржувам предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување, затоа што со него покрај другото ќе бидеа отстранета една неправда што кон крајот на 1993 година беше нанесена на приватните земјоделци кога од непознати причини им беше доброволното осигурување.

XIV/2.-

Станува збор за доброволно пензиско осигурување на членовите на земјоделските домаќинства, а не на нивните домаќини, кој како што е познато сакале или не сакале се вклучени во рамките на задолжителното пензиско осигурување. Во системот на доброволното пензиско осигурување, според некој податоци на Министерството за труд и социјална политика беа вклучени повеќе илјади земјоделци. Некој од нив денес се пензионери и имаат каква-таква пензија за да се издржуваат на стари години, меѓутоа голем дел по укинувањето на доброволното пензиско осигурување и покрај тоа што дотогаш редовно си ги плаќаа своите придонеси останаа да висат ни на небо ни на земја со правото на пензија. Некој од нив сега требаше да бидат земјоделски пензионери

Во изминатиот период јас како пратеник од битолските села на кој оваа неправда беше нанесена на многу земјоделски осигуреници во повеќе наврати барав решение. Денес со посебно ангажирање на министерот за труд и социјална политика и фондот за пензиско осигурување преку овој закон се нуди некое решение. Овие осигуреници се вклучуваат во кругот на таканареченото продолжено осигурување преку кое ќе се обезбеди извесен континуитет на пензионерското осигурување на земјоделците. Но, јас мислам на овој план сега ќе се појават и некој други проблеми.

Прво, како што е познато овој закон ќе се применува по неговото донесување. Прашувам што ќе биде со осигурениците кој го исполнија едниот услов за одење во пензија, односно навршија 65 години или 70 години старост и тие би требало да бидат во пензија. Дали тие ќе треба да плаќаат придонесе уште две-три години, додека да стигнат до пензија или придонесите можат да ги платат веднаш и да станат пензионери. Исправно е да се даде таква можност бидејќи тоа не се виновни што досега беше стопирано плаќањето на придонесите

за доброволно пензиско осигурување на земјоделците. Кога би земала пензија една баба што сега има 80 години, а плакала долго време пензиско осигурување, ако не и стигнат уште две-три години пензиски стаж. Ова прашање сега не е решено.

Второ, што ќе биде со оние осигуреници кои по укинувањето на доброволното пензиско осигурување починале, односно ги нема меѓу живите? Ќе му се вратат ли вложените пари на нивните семејства, или пак на некој друг од семејството може да се вклучи во продолженото осигурување на земјоделците. На тие прашања денес треба да се најдат соодветни одговори.

Нешто и за тоа како ќе се остварува правото на земјоделците во вклучувањето на таканареченото продолжено пензиско осигурување. Во член 124-а се предлага овие осигурованици да поднесуваат барања до Стручната служба на Фондот аз пензиско осигурување на продолжување на осигурувањето се разбира со соодветни докази. Мислам дека такви барања не треба да прогласуваат земјоделците, туку Стручната служба на Фондот за пензиско осигурување која има податоци за тие осигуреници треба да се задолжи да ги повика тие осигуреници и да ги извести за можностите за упатување во ова таканаречено продолжено осигурување. Ристо Трајков овде рече кој•земјоделец чита закон, ќе го прочита тој закон и ќе поднесе барање за такво пензиско осигурување.

На крајот би рекол дека за овие прашања јас имам поднесени амандмани и молам да ги поддржите.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ова се матични закони на Комисијата за труд и социјална политика или било ред јас како претседател јас да се произнесам по

овој закон .Ние дадовме извештај во кој оценивме дека се работи за квалитетни решенија и добро е што Владата овде направила една квалитетна измена и подобрување на законот за пензиско и инвалидско осигурување  бидејќи на некој начин создава услови една категорија на граѓани која долго време беше опозиција да не може да користи одредени бенефиции, материјални, дури и да бидат вработени, еве сега со Законот со нивното пензионирање односно до нивното повторно вработување евентуално дојдат во позиција и да бидат заштитени.

Инаку досегашната пракса покажа дека на ниво на РМ во сите организации кои се дојдени пот стечај имало технолошки вишок ниту едно лице како трудов инвалид не било пратено на работа. тоа би било еден голем, апсурд и од сите трудови инвалиди на ниво на РМ имаме една поддршка во смисла на ова што државата на име на солидарност обезбедува одредена заштита и да не бидат оптеретувани организациите во кои треба да се најдат, ниту една организација, барем досега не била заинтересирана да прими трудов инвалид. Во таа смисла добро е што Владата направи вакво решение. Јас комплетно го подржувам, заедно со сите членови на Комисијата за труд и социјална политика и ја поздравувам ова залагање на Владата и понатаму да размислува и за другите категории. .

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот по предлогот на закон.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 17, во новиот член 124-а за додавање нова точка по точката 5 по кој Владата не се произнела.

Молам кој бара збор?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не може да го прифати амандманот од причини што Институтот докуп на стаж е укинат уште 1993 година и со законот за пензиско и инвалидско осигурување, тој не постои.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман се предлага земјо-делците кои што наполниле 65 години старост и до 1993 година биле

вклучени во доброволното пензиско осигурување сега да можат придонесите за овој период да ги платат веднаш и да го остварат правото на пензија.

Земјоделците тоа право не го искористија не се виновни. Виновни се некој други структури кои што затаија во спроведувањето на овој закон. Мислам дека ќе биде голема неправда ако денес го донесовме законот за измени во финансиското работење каде што на некои субјекти им се дозволува да одат веднаш во пензија, а земјоделците велиме дека немаат право да го докупат својот стаж од три години.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот гоставам ан гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање. ( никој)

XIV/7.-

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Минуваме на точката Предлогот за донесување на закон за употреба на грбот, знамето и химната на РМ, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите ан работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени:

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Има збор г-динот Горги Спасов, министер за правда.

**ЃОРГЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Денес пред Собранието на РМ се наоѓа законски проект кој има за цел на современ начин да ги уреди прашањата на употребата на трите државни симболи - грбот, знамето и химната на РМ.

Овој Закон е речиси идентичен со законите што ја регулираат оваа материја во сите современи држави во Светот. Неговото значење произлегува од содржината што ја уредува, иако може некој да го оцени како процедурален, бидејќи се уредуваат начинот и постапката за употребување на знамето и грбот и за интонирање на химната на РМ:

Уредувањето на 'овие прашања на едно место, систематизирано во еден закон е условено од фактот дек грбот, знамето и химната меѓусебно се неделиви симболи на секоја самостојна и суверена држава во Светот, па оттука и за РМ. Ако направиме една куса репросектива ќе дојдеме до констатацијата дека самата постапка за начинот на кој треба да се употребуваат државните симболи до сега во овие неколку години station наназад кога РМ почна да го гради својот идентитет на самостојна држава и влезе во Светското семејство на самостојни држави

не беше целосно регулирано со закон, што честопати доведуваше можеби не до проблеми, но секако до нејасни ситуации кога и како се употребуваат знамето, грбот и кога се интонира химната.

Република Македонија во овие неколку години честопати беше домаќин на домашни и странски гости и ширум ги отвори вратите за соработка со земјите од целиот свет. Во сите тие моменти преку грбот, знамето и химната на еден симболичен начин се изразуваше и се изразува државноста и суверенитетот на РМ. Законот што денес е пред вас има за цел да ја потполни правната празнина што постоеше во овие неколку години. Преку обезбедување на позитивен однос кон државните симболи овој Закон сака да востанови традиционален однос кон нив во најразлични ситуации кога тие се употребуваат. Позитивниот однос кон државните симболи со одредбите на овој Закон се бара како од страна на државните органи, така и од страна на граѓаните кога се употребува грбот, знамето и химната.

Законот има за цел преку заштитата на државните симболи да ја спречи нивната несоодветна употреба што би довело до нарушување на догледот и достоинството на Државата.

Можеби е потребно да нагласам, а вие тоа го знаете дека почитувањето на државните симболи од страна на државните органи на граѓаните на таа држава предизвикува почит и достоинство кон нејзините симболи и од другите држави, бидејќи старо правило е дека е потребно самиот да се почитуваш ако сакаш и другите да те почитуваат.

Во оваа прилика нема да навлегувам и детално да ги образложувам одредените содржини во Законот бидејќи вие го имате текстот пред вас. Сепак сакам да нагласам дека овој Закон го содржи нужниот степен на правила на однесување кога е во прашање употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија. Со

XIV/9.-

неговото донесување ќе се надминат дилемите кога и како се употребуваат овие три симболи. Секако како и секој друг закон и овој закон во себе содржи и казнени одредби со кои се санкционира секое однесување кое е спротивно на утврдената постапка и начинот на употребата на грбот, знамето и химната преку кои се нарушува угледот на РМ односно се омаловажуваат или се изложуваат на потсмев на нејзините државни симболи

XV/1.- ПЈ/ВБ

**ГОРЃИ СПАСОВ:** (продолжение)

Законитоста и правната заштита на државните симболи ќе ја обезбедиме со донесувањето на законов, кој е денес пред вас.

Почитувани пратеници, на крајот сакам да ви се заблагодарам за еднодушната поддршка на овој закон што ја дадовте на комисиската расправа и ве повикувам да го поддржите.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, расправата и донесувањето на Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија ги сметам за особено важни во вистинско обезбедување на неопходните предуслови за функционирање на Република Македонија како држава со сите атрибути и белези. Зашто, нагледно илустративно грбот, знамето и химната се суштествени белези на една самостојна и суверена држава, со која таа се претставува пред светската и сопствената јавност. Истовремено, изразувајќи ја со употребата на тие. белези и припадноста на граѓаните на таа суверена држава. Иако можеме да најдеме безброј оправдувања за задоцнетото реагирање по оваа материја низ законски акти, со ништо не може да ја избегне одговорноста што ние како највисок орган на граѓаните и носите на законодавната власт и Владата како предлагач на закони што така долго по донесување на Уставот ја завлечкавме оваа обврска од членот 5 на највисокиот државен акт. Тоа завлекување можеби не ќе беше така забележано, а токму поради немање на закон за употреба на знамето и

химната и сеуште незавршената расправа за грбот во изминатите години не се соочивме со индицентни појави, што имаа пошироко влијание и одраз во јавноста, кои придонесоа за нејзино вознемирување и што често се закануваат и имаат далекосежни последици врз безбедноста и стабилноста на земјата.

Да потсетам какви се реакции имавме меѓу нашите граѓани кои на одделни не само партиски настани се вееше знамето на друга држава, без официјално државно знаме на РМ, на колку настани и бројни поводи посебно во Западна Македонија, на празници, на изборни митинзи, на протесни собири се пееше само химна на туѓа држава без онаа сопствената и на колку слични настани, наместо официјалното дражвно знаме, се вееше сменетото знаме со 16 краци. Да го додадеме и тоа дека заради неодговорен однос кон уште еден државен симбол, грбот, стариот грб срамежливо и недоследно го применувавме не во сите случаеви и на сите документи на кои грбот треба да биде задолжително обележје. Некаде го правевме, некаде го запоставуваме. Токму таквиот однос создаде и многу тешки тензии во и така врелите етнички односи во земјата и беше повод на бројни реагирања и замешателства па и однадвор. Но, признавањето на својата одговорност, заради неоправдана лежерност кон овие суштествени прашања сега ја засилува нашата одговорност за суштината на актите што треба да ги донесеме и денес да ги усвоиме. Веќе реков тоа е неопходен и нужен акт, кој треба веднаш да се донесе ако не сакаме изјавите од типот на онаа дека ќе го браниме по секоја цена и секаде веењето на албанското знаме или на она дека Посебниот комитет за одбрана на македонството ќе ги симне по секоја цена туѓите знамиња да се претворат во несакани, но видени сцени од блиското соседство. За мене како граѓанин, како државјанин на оваа земја уште позначајно донесување на овие акти како да создадеме атмосфера и уверување кај секој граѓанин, независно од неговата национална припадност да сфати така да мисли и да зборува и делува

дека со знамето и химната на Републиката се претставува Република Македонија и се изразува припадноста на РМ дека сеедно каде да се наоѓа Македонецот, Албанецот, Турчинот, Србинот, Ромот, Влаод и другите тоа дека се симболи на негова припадност на оваа држава кон кои треба да се однесува со достоинствен почит. Ако е така, незнам дали треба така рестриктивно да одиме како што е пример во членот 14 за истакнување на знамето, или ќе дозволиме како израз на тоа чувство за карактерот на симболите, знамето да се најде на сите згради во јавна употреба ако има потреба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг се јавува за збор?

Г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Предлогот за донесување на законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија во секој случај е работа која требаше овој парламент многу одамна да ја заврши, но за жал се случи тоа овој предлог на закон да го гледаме сега во овој момент и очигледно притиснати од одредени амбиенти во Републиката и за жал заради таквото однесување кон оваа проблематика се доведовме во ситуација, овој закон, условно речено преку ноќ да се приготвува. За жал, пак ќе кажам со недоволен пиетет и недоволно почитување кон симболите кои ги заштитуваме со овој закон, сето тоа се прави на брзина под притисок, пак ќе повторам на случките кои се случуваат. Имено, сите сме сведоци на она што последните недели се популаризираше и на јавните гласила и преку телевизија и секаде дека во оваа област нешто навистина не е во ред во РМ. Сега наеднаш откога Уставниот суд донесе одлука дека

XV/4.-

законот и Уставот сепак мора да се поштуваат во оваа Република, односно кога Уставниот суд ја потсети Владата дека сепак и таа треба да го почитува законот и да го спроведува во оваа Република, Владата на Република Македонија им предлага закон, прво законот за донесување на закон за употреба на грбот, знамето и химната и вториот дел кој после тоа ќе го гледаме, очигледно притиснати од амбиентот околу нас. Навистина, ние многу непријатно и многу тешко што ваков закон кој во основа треба да претставува свечен чин за ова собрание, го носиме до таков притисок и така набрзина, и заради тоа се провлекуваат веројатно и пропусти од типот дека ете не ќе може никој да ракоплеска после изведувањето на химната, обичај кој е длабок вграден во душата на нашите граѓани и слични работи. Но, веројатно тие се пропуст заради тоа што сето тоа се изготвуваше набрзина. Но, морам да напоменам и фактот дека, имајќи го предвид однесувањето на Владата према одлуката на Уставниот суд за спроведувањето на Уставот, многу сум така скептик во поднесувањето дали утре или други ден нема да се случи Владата да бара и други закони донесување за да се оправда носењето на овој закон или спроведувањето на овој закон. Ако не се почитуваше одлуката на Уставниот суд од страна на Владата, која е сигурноста дека ќе се почитува пак овој закон. Така, за сето ова се донесува. во многу незгодни времиња и под многу незгодни услови. За жал., со сето тоа само се намалува тежината која овој закон требаше да ја носи со себе, односно да претставува вистинска свеченост за ова Собрание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Госпдоин Андов има збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, драги колеги, Пратеничката група на Либерално- демократската партија го разгледа овој текст на законот

XV/5.-

и се изјасни да се поддржи и да се донесе на оваа седница. Ние како независна земја мораме да држиме до државните симболи, мораме да го уредиме со законот нивното употребување и морам да кажам дека со особено чувство на задоволство ние се сеќаваме дека и знамето во Собранието, а химната на она собрание другото ги донесе со огромно мнозинство на гласови, со целосно разбирање и поддршка без оглед на националната или партиска припадност на пратениците. Сигурно е дека во текстот на законот има некои потребни дотерувања да се извршат кога ќе се обидеме со амандмани колку можеме и ги молам и другите пратеници да се обидат тоа да го сторат и на сите Пратеничката група на Либерално - демократската партија, на сите пратеници им се обраќа со една замолница едногласно овој закон да го усвоиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Прво, треба да се наведе другар, господин а претходни дека знамето што ќе се вееше овие децении, години, месеци или недели или денес како сакаш, треба и ние да наведеме дека тоа не беше ни знаме ни химна на туѓа држава, кога да е така јас не би ги сакал, туку е знаме кое се вееше, се вее и ќе се вее и понатаму национално знаме на Албанците и национална химна на Албанците. Меѓутоа, бидејќи овој пат со помошта на мајоризацијата не беше прифатен нашиот предлог за многу оправдано спојување на првите две точки од дневниот ред, потоа потврдени како трета и четврта точка, ни се наметнува да расправаме сега еве веќе одвоено.

Имено, пред нас се наоѓа предлогот за донесување на закон за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

XV/6.-

Со донесувањето на заедничката регулатива за државните симболи на Република Македонија Владата на владеачката партија како предлагач и Собранието како законодавен дом доцнат многу и тоа без никакви причини. Тоа е точно, тоа е објективно, тоа е за сите нас. Во самите причини поради кои треба да се донесе законот, па дури и постојниот грб на Република Македонија е грбот, цитирам Утврден со Уставот на Република Македонија од 1974 година и се заборави името на тогашната држава дека била Социјалистичка Република Македонија. Значи, во самите причини тука има една грешка, можеби техничка, фали Социјалистичка Република Македонија, другар, господин, министер.

Една друга контрадикторност што се однесува до законот за употреба на знамињата од 1973 година кога од една страна се вели цитирам Кој сеуште е во сила, а од друга страна се шпекулира со амандманите од 24 до 54 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија до 1989 година наводно дека во делот кој се однесува на знамињата на народностите и етничките групи престанал да важи. Како да важат тие амандмани и тој устав и после донесувањето на актуелниот устав на Република Македонија од 1991 година,. со чие донесување или се сите заедно вон сила и во тој поглед постои хаос на правна регулатива, или пак е релативизирана важноста на тој закон за употреба на знамињата кои делумно и се спроведува и овие последни години. Контрадикторноста, нелогичноста и лаичноста се гледа наводно корелативно и во наводно образложението дека е донесен парцијален закон за знамето на Република Македонија во октомври 1995 година, "Службен весник на РМ' број 47/95). Меѓутоа, не се вели дека тоа нема врска со употребата на знамето, туку само со промената, формата и изгледот дека се донесе под јак и апсурден притисок на странска држава, на Република Грција за дневни политички потреби. Дека тоа е само делумно де јуре и привремено  знаме на Владата на владеачката партија

XV/7.-

на СДСМ и дека е само прашање на времето, тоа е точно кога новиот состав на Парламентот а за мене како пратеник Албанец е се исто , повторно ќе го врати постарото знаме, или ќе донесе закон за постојано и поадекватно државно знаме на Република Македонија. Тоа е прашање, проблем, работа, должност на новиот Парламент. Како што е познато после мојата бескомпромисна дебата за тој закон без никаква корист за Албанците и за мене за промена на знамето под туѓ притисок на странска држава, јас бев како што знаете единствен пратеник во целиот Парламент кој гласав гордо, смело и одлучно против. Иако и понатаму стоев на становнште дека треба да се донесе непарцијално, туку глобален закон за употреба на знамињата химните и грбот. Значи, грбот во еднина, на РМ кога веќе ни се наметнува како лош законски проект, се наметнувам и јас со научно, правно игнорирање, па бидејќи се знае каков ќе биде исходот, земајќи ги предвид привремените сили во овој дом за да не се повторувам за исти цели, иста материја, ги скратувам до максимум понатамошните забелешки во прилог на поднесените амандмани, со кои интервенираме за потенцијално инкорпорирање на истите во текстот на самиот закон, како негов облигаторен дел за подолга важност на поедини, порелевантни правни институции, кои треба да бидат вградени во него додека делумно ако може да се споредува и повторно тоа што може да се измени важи и моето излагање и за наредниот законски проект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор, молам? (Никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (еден пратеник)

Кој се воздржува од гласање? (тројца пратеници)

XV/8.-

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (72 пратеници)

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (тројца пратеници)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 26 за додавање нов став 2 и на член 30 став 1 за додавање нова точка 7 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ Слободан Најдовски, Николина Трајановска, Владимир Соколовски и Петар Талимџиоски поднесоа амандмани на член 27 за бришење на став 3 и на член 27 за бришење на став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандман на член 29 по кој Владата не се произнела. ' '

Пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими поднесоа амандмани на член 1 за додавање нов став 2, на член 2 за додавање нов став 2, за додавање нов член 3-а, за додавање на зборовите "и националното знаме на Албанија", по зборовите "знамето на Република Македонија".

Во членовите од 1 до 5, 13, став 1 и 2, 14,15,16, став 1 и 2, 17,18 став 1, 19 став 1, 21,30 став 1, точка 15, член 32, 33 и 34 за додавање на зборовите "и националната химна на Албанците", по зборовите “Химна на Република Македонија”Македонија" во членовите 25, 26, 27, став 1 и 5, 28, 29, 30 став 1 точка 2 и член 32 и на членовите 36 и 37 по кои Владата не се произнела.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Владимир Станковски поднесе амандман на член 17 за менување на став 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 30 став 1 за додавање нова точка 7 по точката 6, по кој Владата не се произнела.

Истовремено пратеникот Томислав Стојановски ги повлече амандманите на член 26 за додавање на нов став 2 и на член 30 став 1 за додавање нова точка 7 по точката 6, поднесени на 27 јуни 1997 година под број 2040/3.

Пратеникот Владимир Станковски поднесе амандмани на член 17 за менување на став 5 и на член 21, по кои Владата не се произнела.

Истовремено пратеникот Владимир Станковски го повлече амандманот на член 17 за менување на став 5, поднесен под број 08-2040/11 од 3 јули 1997 година.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТИ ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Сали Рамадани.

XVI/2.-

**САЛИ РАМАДАНИ :**

Истиот министер на Владата од 1973 година овој член го предложил, овој член го прифатил и Собранието и за овој член тогаш гласало. А вие?

Имено, ова што се предлага да се додаде во членот 1 како став 2 дека, цитирам "знамето според овој закон е знамето на Република Македонија, знамињата на албанската, турската и на другите националности што живеат во Република Македонија и дека се предлага како доследно и адекватно пренесување на досегашните подемократски законски одредби од оваа сфера. Не е ништо друго, не е ништо наше и мое, туку дословен препис, можеби тоа не го знаете, не се сеќавате, не го имате пред себе. Тоа е буквално на членот 1 од Законот за употребата на знамињата - во множина, не? - од 1973 година, "Службен весник на СРМ" број 40 од 16 ноември 1973 година, кога тогашната Влада го предлагала, а тогашното Собрание на Социјалистичка Република Македонија го донесувало. А сега? "Ноу комент"

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, не бил истиот министер 1973 година.

**САЛИ РАМАДНИ: .**

Тоа што го рековте дека во нашиот амандман се предлагале национално знаме на Албанија, тоа не стои во амандманите, ниту во образложението. Тоа е грешка на вашите служби, кои ви ги подготвуваат вашите текстови. Исправете ги вие, претседавач.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, се разбира, логично е.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 2, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Претпоставувам дека по неприфаќањето на првиот амандман тој веќе нема никаква смисла за нив, затоа што тој гласи "Знамето се употребува на начин определен со закон". Знамето на Република Македонија се употребува на начин утврден со закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да, другар господин министре, меѓутоа не со овој закон, туку со закон во кој треба да бидат прифатени нашите амандмани. Значи овој закон тек кога ќе се донесува, нели? Е така, да си знаете, прашајте го вашиот претходник екс министер како се спаси од нас и од мене, па не ви е лесно и на вас да знаете.

XVI/4.-

Малку поопширно образложение. Ние трансформираме исто така една многу важна одредба од претходниот Закон за употреба на знамињата од 1993 година, Службен весник број 40 од 16 ноември 1970 година, каде стои дословно во членот 2, збор по збор и буква по буква дека знамето се употребува слободно на начин определен со овој закон, под претпоставка, тоа го најавив, за навистина слободно употребување на сите знамиња, меѓутоа на начин определен со закон во кој ќе бидат рековме инкорпорирани и нашите амандмани во целина. Тој ќе биде нов закон, народен закон, правичен закон.

Додавањето на овој став на член 2 и евентуалното неприфаќање од страна на овој состав, а Владата веќе се знае, на овој Парламент е не само флагрантно спротивставување на тогашните социјалистички, кој донел многу подемократски, многу на подемократски начин, туку е и цврсто задушување на демократијата и враќањето на инквизицијата од Средниот век. Нека биде засега само толку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласа за?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Хисни Шаќири. Рами Туда, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Спасов.

XVI/5.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор господинот Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овој амандман е малку поопширен. Ако не сте имале време да го прочитате, и ако претседавачот, по негова желба, ми дозволи да го прочитаме целиот, не е многу долг.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го прочитаа сите, ве молам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако го имате добро, значи случајно ако не знаете, па да ви кажам после како треба да се образложи, тој малку подолг амандман.

Имено, освен тоа што е напишано накратко во образложението, нешто поопширно сакам бидејќи не можев да ја убедам Владата, односно да го убедам" другарот господин министер, тогаш да се обидам да го убедам барем Парламентот. Имено, оваа Влада на владеачката партија на Република Македонија овој амандман не го прифатила. Иако е скоро исто така дословно пренесување на членот 6 став 1 и членот 7 од Законот за употреба на знамињата од 197 3 година, со адекватни само терминолошки прилагодувања на одредбите на актуелниот Устав на Република Македонија и другите соодветни закони кои се донесени досега во овој Парламент. Значи, тоа што предложила тогашната Влада на Социјалистичка Република Македонија, што се однесува и до овој

член и што го донесува тогашното Собра- ние на Социјалистичка Република Македонија, сегашната Влада на сегашната наводно реновирана владеачка партија на Република Македонија, не го прифаќа, па се надеваме дека тоа ќе го направи овој состав на Собранието на Република Македонија. Инаку, ова ќе биде еден тежок бумеранг, повторувам тежок бумеранг и за оваа Влада и за ова Собрание, еден тежок испит дека работат многу полошо, за жал, многу поекстензивно исто за жал и по дискриминаторски во однос на Албанците од времето на таканареченото социјалистичко општествено уредување.

Во членот 3 рековме дека се додава членот 3-а. Значи дословно се препишува тоа што некогаш било, па сега на вас е да одлучите повторно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Господин претседател, дами и господа пратеници, излегов на говорница не да го бранам амандманот, туку да го искажам. свое- то мислење во' врска со ова, 'имајќи предвид дека многу пати вака под диктат на оваа машинерија на надгласување секогаш сме ставени во една неповолна положба. Сум на мислење дека целта не е само да се негираат некои работи, туку да најдеме разбирање. Но како ми се чини, никогаш не можеме да стасаме до тоа некои работи да ги стави- ме во ред како што треба.

Целта на овие наши предлози и амандмани е уште еднаш и пред овој Парламент и пред јавноста и пред сите органи на. државата

XVI/7.-

да го кажеме и тоа дека демократијата во Македонија нешто не оди во трендот на тоа што го бара Европа тука, туку заостанува назад далеку, далеку зад бившиот или да кажам поранешниот систем. За да го образложам сето ова, убеден сум дека од страна на некои пратеници вака можам да бидам и да се претпоставам како човек кој ете само излезен на говорница да каже два-три збора, убеден сум во сите тие работи, но треба уште еднаш длабоко да се замислиме, бидејќи само ако бидеме поблиску едни меѓу други, само ако донесеме закони кои ќе бидат од интерес на двете страни ќе создадеме услови да се доближиме. Сите други форми, замислете и вие како пратеници и вие како министри дека тие работи, тие форми ќе не одвојат.

Имајќи предвид дека ќе дискутираме и понатаму за некои други работи, конкретно за другиот предложен закон, засега само толку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за. . .

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на зборовите "и националното знаме на Албанците" по зборовите "знамето на Република Македонија" во членовите од 1 до 5, 13, став 1 и 2, 14, 15, 16 став 1 и 2, 17 и 18 став 1, 19 став 1, 21, 30 став 1 точка 15, 32, 33 и 34, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наци Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа и по повод досегашната дискусија само уште еднаш сакам да повторам дека законот кој денес го предлагаме за прифаќање во над 95% е идентичен со ваквите закони што ги имаат Соединетите Американски Држави, Франција, Германија и сите суверени самостојни држави во светот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Сали Рамадани има збор.

**САЈ1И РАМАДАНИ:**

Тие држави вие сте ги посетиле можеби, читале и гледале за нив, а јас сум живееле таму. Ако треба еден закон од тие држави, да речеме од Швајцарија за знамиња и слично, па да го препишеме, еден мал плегијат ќе признаеме. Денес јас препишувам, но признавам дека препишувам. Можев да составам сосема друг закон со друг стил со исти цели. Меѓутоа, додека со децении и Албанците во целата онаа бивша Југославија бевме прогласени како сепаратисти, па видете дојде време на демократија која ја сфаќаме точно како што е, ка- ко да има некоја поголема традиција, па сега ние не бараме да биде- ме сепаратисти, туку покрај државното знаме на Република Македонија бараме да се истакнува да биде блиску заедно неодвоено и знамето, националното знаме на Албанците, ништо повеќе. И да не го повторувам тоа што го има, нешто повеќе во образложението, туку напротив, тогаш ние бевме наречени сепаратисти, а сега не е веќе група сепаратистичка во Македонија сега на сепаратистички начин работи

оваа Влада привремена уште неколку месеци, а жал ми е ако работи така и овој законодавен дом, во кој некој пат за жал сум член и јас со вас.

XVII/1 СС/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе почитувани колеги, почитувани министри,

Јас немам намера сега конкретно да се определам по амандманот, меѓутоа сакав само една работа да ставам на знаење, бидејќи по другиот закон сакам пошироко да се вклучам.

Овде, концепциско по однос на законите се разликуваме по тоа дали треба еден или два закони. Во 1973 година беше решено се еден закон и затоа , како што се кажа, се зборуваше во мнозинство и сега се два закони. Јас лично не сум против тоа да биде во два закони решена материјата, меѓутоа, мислам дека јас и морално и инаку традиционално немам право да бидам против било кое слово и определба што беше во 1973 година. И како коафтор на тој закон и како припадник на силите што го донесоа тој закон.

Според тоа, кога некои од овие работи изнесени во амандманите би биле за други закони мислам дека тие имаат основа. Македонија има одредена традиција по употреба на знамињата од 1973 година наваму. Дури и 1969 година, меѓутоа од 1973 тоа се устали кај нас со посебен закон.

Според тоа сите се повикуваме, често има, на традиционалните норми, на моралните норми па и на меѓународните норми и таму е одредено дека не може рестриктивно да се оди на одредено право што е степено. Екцесниот случај во 1979 година, односно 1989 година, кога беа под притисок нашите сили, сега, македонски, под притисок на одредени пошироки антиалбански сили во таа бивша

Југославија, тоа е друга тема што тие амандмани се донесоа во таа есен 1989 година што во суштина беа и против тогашниот устав и против сегашниот Устав. Затоа сакам да кажам се она што е духот на 1973 година, оти тоа не е социјалистички идеолошки устав односно закон, тоа е закон за национална рамноправност во една сфера како што беше~ употребата на знамињата.

Мислиме дека и по сегашниот Устав по неговата определба во преамбулата, во вториот дел, во членот 8, во членот 48, ние сме се определиле и за национална рамноправност и за чување и негување на идентитетот и за слободно користење на белезите на идентитетот на народот.

Затоа мислам, се што беше 1973 година не може да се отфрли и мислам дека би било лошо кон нив негаторски да се однесуваме Но, реков ќе беше добро сето тоа да беше конципирано како дел на вториот закон, на овој закон на особеностите на националностите.

Благодарам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е, молам да крене рака? ( 7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за менување на став 5, поднесен од пратеникот Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 21 поднесен од пратеникот Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање на зборовите "и националната химна на албанците "по зборовите "химната на РМ" во членовите 25, 26, 27 став 1 и 5, 28, 29, 30 став 1 точка 2 и член 32 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Значи, секој со своето. Можеби да беше заменик Мерсим Положани па ќе го прифатеше и овие другите, не, да, можеби.

Нешто поопширно од тоа што е речено. Имено, и тука да се измени тоа што може да се измени т.е. да се прилагоди адекватно и важи во целина сето тоа што беше речено во краткото образложение за првиот амандман и другите слични, како и одбраната, само со додавање на една

XVII/4

единствена реченица "заедно со истакнувањето на националното знаме на албанците", секогаш оди и изведувањето на "националната химна на албанците". Таа има долга традиција и била инкорпорирана пред основањето на денешната држава Република Албанија Тоа е пред 1912 година. Тоа не е државна химна и така не се вика на албански" туку точно се вика национална химна, точно се вика национално знаме а не државно знаме. Затоа ние се бориме дека ние сме во право затоа што подобро ги знаеме нашите прилики.

Тоа значи покрај националната химна заедно оди и знамето, со состав, се вели химната на знамето на албанците, буквално преведено со албански автор. Тоа е еден од најпознатите албански писатели Александар Сотир Дренова Ардрени кој живеел повеќе во Букурешт , Романија. Значи тој е претставник на албанскиот препород за време на турското ропство. Може и химната како и знамето, значи што е на народ а не на држава. Тоа што го присвоиле државата тоа е нејзина работа. Тоа може да го направи било која држава на крајот, и химната и знамето ако им одговара. Значи, ништо немам повеќе, ништо немам ни против, значи јас би се согласил со тоа.

Не е лошо да се согласите и вие затоа што 100 закони да се донесуваат тука, 100 амандмани, 1000 да се одбиваат, да не се прифаќаат, тоа да ви е јасно и мислам дека сте веќе сигурно и националното знаме на албанците и националната химна на албанците, првата ќе се истакнува, ќе се употребува ќе се вее, а втората ќе се изведува, ќе се егзекутира од настарите древни времиња, сега и додека ќе постои било еден жив албанец.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е, молам да крене рака? ( 5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Слободан Најдовски, Николина Трајановска, Владимир Соколовски и Петар Талимџиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за бришење на став 4 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Слободан Најдовски, Николина Трајановска, Владимир Соколовски и Петар Талимџиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е, молам да крене рака? (16пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 за додавање нова точка 7 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на членовите 36 и 37 поднесен од пратениците Сали Рамадани Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Сеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако не го прифаќате вие ќе го прифаќа друга Влада и друг Парламент, не.

Значи, што имате сега на крајот, овој последен амандман и поврзан со другите, под услов да не бидат прифатени другите амандмани.

XVII/7

Ние не бараме ниту помалку ниту нешто повеќе туку тоа што беше, како - така, во бившата Социјалистичка Федеративна Југославија, односно бившата Социјалистичка Република Македонија. Можеби, не сум сигурен, некој пратеник да не е и во овој состав и тоа е и за него, не алудирам на никого, и за сите вас самоубиство.

Значи, ние бараме, ако не се прифаќаат овие, да се употребува и понатаму, никаков туѓ закон, не закон на странска држава, туку точно тој закон со тие нормални терминолошки усогласувања со уставните одредби, со времето, со другите институции и закони што се донесени и ништо повеќе.

Значи, бидејќи, да додадам нешто повеќе од ова што е во една реченица речено во образложението, бидејќи законот за употреба на знамињата од 1973 година е многу подемократски, поавансиран, со пошироки димензии на слободи и права, интересно зар не, на рамноправност и еднаквост на албанците во однос на предложениот закон, за жал, кој е многу порестриктивен, односно многу рестриктивен со ограничуваше на слободите и правата и многу подискриминаторски во однос на рамноправноста и еднаквоста односно нерамноправноста и нееднаквоста, што е уште поголем апсурд со спроведување на едно социјалистичко општествено уредување за време на монизмот, односно уредувањето за време на монизмот што беше како едноумен, односно сега не се прифаќаат нашите амандмани и не само што не може да влезе во сила , значи на крајот, во членот 37 од Законот пишува влегува во сила 8 дена по објавувањето во Службен весник на РМ и ние сметаме дека овој закон за албанците не влегува во сила, не може да се спроведува во живот од албанците па и понатаму ќе го применуваат законот од 1973 година и понатаму ќе го употребуваат истакнуваат и веат националното знаме и националната химна на албанците. Не на Албанија.

Благодарам.

XVII/8

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Поповски, процедурална интервенција.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас се извинувам меѓутоа ќе ми дозволите еден кус коментар сепак на дискусијата што овде се водеше во неколку наврати од страна на претходниот дискутант.

Мислам дека и би сакал јавно и нему и на припадниците на неговата партија, да ги запрашам дали преку оваа дискусија, особено со конкретното прашање на дневен ред, законот за употребата на химната, грбот и знамето, вашата партија ја ревидира вашата официјална политика во смисла на тоа дека се залагате за ревитализирање на старата држава, бивша Југославија бидејќи од целата дискусија произлегува битно инсистирање на спроведување на законите од 1973 година. Тоа е одговор.

По таа прилика би требало тогаш не само овие закони туку и некои други закони што ние овде, со воведувањето на повеќе партискиот систем и во сферата на човековите права и на слободи, меѓу другото го укинавме и законот за вербален деликт кој што многу луѓе во оваа држава а веројатно и некои други го почувствувале на сопствена кожа.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дии Наџи Пурда  бараше збор.

**НАЏИ ПУРДА:**

Господине претседателе, господа министри, колеги пратеници,

XVII/9

Не сакам да ве заморувам и не сакам да му одговорам на прашањата од претходниот пратеник, но сакам да истакнам дека тој што ги поставуваше тие прашања може одговорите да ги добие кај самиот себе.

Тука е една многу жална вистина кога на секој понуден амандман од страна на албанските пратеници секогаш се одговарало и се одговара негативно. Потенцијата не ми е само за овој случај туку пред и да влезам во овој Парламент навистина кога ги следев собраниските расправи, никогаш не сум имал можност да слушнам позитивен одговор односно прифаќање на било еден амандман,

**НАЏИ ПУРДЕ:** (Продолжение)

Се сеќавам на тоа и тоа ми се вкорени во мозокот кога на пратеникот Газменд Ајдарага му беше прифатен амандманот. Толку му се направи ќефот на господинот и со право, единствен амандман да се прифати така што на паузата им понуди кафе на колегите пратеници, да го почести. Ве молам,за трпение затоа што јас имав трпение да ве слушам па и вие ќе имате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место да дофрлувате.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Не знам тие пратеници понуденото кафе дали го испија или не. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Без некоја намера излегов на говорница не да му дадам одговор на почитуваниот пратеник, туку само да го потсетам на една работа за која ние како албанци многу далеку и воопшто немаме врска со тоа што се сака да ни се наметне. Дали сме поврзани со Бивша Југославија и колку ја сакаме тоа го покажа практиката и ден денеска се гледа и во Тетово и во ред други градови каде вријат приватните теле визии ден и ноќ емитуваат емитувајќи програма од Белград и од други градови на Србија. Без оглед на тоа јасно ми е се што сакаше да го покаже господинот пратеник, но една работа е јасна, нашата цеп беше не што сакаме ние од еден аспект имаме некоја носталгија на бившиот систем на Бивша Југославија, туку да кажам дека денешната демократија на која се

повикуваме уште е поостра и воопшто не може да се спореди со демократија во врска со донесување на некои огромни закони што се порестриктивни сега отколку во бившиот систем. Токму заради тоа и денешниот предложен закон за химната, знамето беше неколку пати поавансиран отколку што се донесе денешниот закон, па токму заради тоа ви докажува и на вас и на јавноста дека многу далеку беше бившиот систем без оглед што беше монистички во врска со овие работи и во поглед на издавање на права на националностите оти денешниот систем на кој сите се повикуваме дека е демократија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Поповски, реплика.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Сепак мислам дека ќе се согласите дека една ваква дискусија не од вас туку од претходниот дискутант во кој јавно и децидно изјави пред оваа говорница дека ние било каков закон да донесеме во оваа држава, конкретно станува збор за употребата на грбот, химната дека од страна на албанците нема да биде почитуван. Тоа беше поводот и реакцијата и провокацијата да станам тоа да го кажам. Дали се смеело тогаш вие што викате во монизмот, во бившиот систем, можело тоа да се каже и да се остане без последици. Размислите околу таа работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Кадриу реплика.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Јас навистина се чудам од ставот на господинот пратеник што и во ова време сака да ни наметне страв што во бившиот систем на некој начин не можевме да ги кажеме нашите размислувања како што мислиме. Токму во оваа демократија сакаме да кажеме отворено и без некоја опасност од било кој вид, бидејќи сите како албанци се налагаме и

на вакви закони и ред други закони што беа донесени порано сами отворате голем јаз и не двоите. Тоа треба да го знаете, убеден сум дека сте свесни и перманентно на тоа работите. Нека ви служи на чест, но да знаете дека тоа не е добро и не ве води каде треба. Демократијата се карактеризира со други форми, други методи на работа, а не со мајоризирање, не со донесување на закони само од една национална припадност и негирање на други. На крајот на краиштата да знаат сите и ние овде дека химната на еден народ треба да се почитува за да ти биде почитувана и твојата химна. Знамето на еден народ треба да го почитуваш за да ти го почитуваат и другите. Вие во секој поглед тоа не го правите и токму заради тоа правите крупни грешки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Рами Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, имам една забелешка на претседателот на Парламентот кога на два пати го преиначува амандманот, ми се чини дека тоа не е без намера затоа што на крајот ан краиштата јавноста ја следи седницата и мислам дека на тој начин кога убаво е наведено химна на албанците, а не Албанија, знаме на албанците а не на Албанија, ми се чини дека е тенденциозно и намерно претседателот се служи на тој начин и постапува и на тој начин се иритира јавноста, се иритираме и ние што се наоѓаме во овој Парламент.

Што се однесува на тоа што колегата Поповски постапува така јас му замерувам што постапува така како да ние пратениците се наоѓаме пред црна клупа, како да се наоѓаме пред судница,а не во еден Парламент каде што секој си има свое право, па ако има против аргументи нека ги докажува со против аргументи,а не на таков начин.

XVIII/4.-

Ми се чини дека на овој начин не се создава толерантна атмосфера да можеме слободно да се произнесеме и да ги искажеме нашите мисли и преокупации. Немаме друго место каде да ги изнесеме наши1; проблеми, ми се чини дека Парламентот е место каде можеме да ги изнесеме нашите проблеми.

Во врска со ова апелирам за поголема толеранција. Пред извесно време донесовме една декларација за меѓусебна толеранција. Оваа атмосфера како што се одвиваат и дискусиите ми се чини дека не! ништо заедничко во врска со онаа декларација за толеранција меѓу нас пратениците пред овој законодавен дом.

Јас инсистирам на тоа да не донесуваме парцијални закони односно сами овде донесуваме сепаратистички закони. Добро се сеќавате кога пред извесно време донесовме еден закон, не се сеќавам точно на насловот, кој се однесуваше за развивање на земјоделието во Источна Македонија. Ние сами донесуваме такви закони. Донесуваме закон за високо образование, донесуваме сепаратистички закон односно парцијални закони. Донесовме закон за апелациони судови исто така парцијални и други закони каде на некој начин националностите односно Албанците се принудени да прават вон институционален живот. Тоа е познато дека за вистинска љубов треба двајца односно од две страни треба да има заедничка љубов. Доколку вака се однесуваме да ги негираме сите барања и сите потреби на националностите, а посебно за албанците јас не знам до каде ќе не доведе ваквата дискусија. Затоа апелирам кога дискутирам за вакви чувствителни проблеми како што се денешниве треба да бидеме потолерантни, а не да поставуваме такви прашања кои тие што ги поставуваат ги знаат одговорите и не треба да се однесуваме неколегијално како да не се наоѓаме пред Парламент туку како да се наоѓаме пред суд.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Туда бидејќи ме обвинивте за тенденциозност еве го извештајот од Стручната служба, прочитајте го сами па видете. Ве молам, јас обвинет за тенденциозност.

**РАМИ ТУДА:**

Тоа не е наша вина, туку на стручната служба ако вие направите некоја грешка тоа не е наша грешка еве по втор пат и требаше да барате извинување од колегата Рамадани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа ќе го направиме, јас се извинив на господинот Рамадани, според тоа грешка може да има, а тенденција не постои. Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Другарот господин Поповски два пати излезе на говорница и постави две провокативни прашања. Мислам дека треба да се даде конкретен одговор и може да го добие.

Прво, колку се сеќавам беше дали мојата партија т.е. Партијата за демократски просперитет на албанците, а сега веќе од пред неколку дена од сабота и на Конгресот со Народната демократска партија се спои во една партија тоа е Демократска партија на албанците. Дали таа ги променила ставовите околу бивша Југославија тоа вие мно1 убаво го знаете, тоа е чиста провокација, како случајно ќе реагираме ние ако вие сакате да се вратите, а работите на дело, ако не во бивша Југославија, тогаш некоја координација, па денеска не беше другари во Белград претседателот на мојата партија Арбен Џафери, туку вашиот претседател на Вашата партија, на Вашата Влада. Тоа е чиста

провокација. Дека така мисли партијата се знае овие дисиденти алабанци кои се тука некои притворени осум пати, три пати осудувани, 35 години под истрага можеби и денеска е некој под истрага и претресени најмалку 13 пати. Тоа е прво.

Второ, исто провокаторски, исто измислено дека некој изјавил овие закони нема да ги спроведуваат албанците во Македонија. Тоа не е точно, граѓаните по Уставот и по секој устав на светот сакале или не принудени се да ги спроведуваат и Уставот и законите. Меѓутоа, има нешто друго. ВО ставот 2 од Уставот на РМ се вели, по трет пат можеби го повторувам во ова Собрание дека суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните како поединци да и овој закон да се работи за поедини проблеми за кривични работи, за прекршочни работи должни сме сакаш или не да го спроведуваш ако не се знае што стои зад законот. По Уставот има органи кои ќе го спроведуваат тоа. Меѓутоа, тука е една специфичност не се работи веќе за поедини граѓани, не се работи за групи, па ниту за партии, туку се работи точно за тој став 2 од Уставот кој не го отфрла меѓународното правно нормативно признато и пренесено, тоа не е родено во Македонија го знаеме тоа делумно тоа е препишано од старите закони од сите социјалистички републики и нешто пренесено од Европа од некои експертизи. Јас се согласувам начелно со општите одредби во тој устав и точно одговара само вие не ги спроведувате тие одредби и ние не баравме овој закон за мој ќеф да не се спроведува, туку тоа и вие го знаете попусто гласате колку сакате не бараме ние да се враќаат сите тие закони оти имавме доста проблеми во Бивша Југославија, а најповеќе албанците од таа Бивша Југославија, туку овој закон не може да се спроведе значи по авансирано беше тогаш тој закон и со тоа што треба да се измени сега се прилагодува и овој закон е многу порестриктивен, понедемократски и затоа сме принудени на некој ироничен начин на ваша штета и на ваше самоубиство дури

тој закон го прифаќаме каков таков да биде тој отколку овој што е полош. Вие знаете кој е полош. Затоа не може да се спроведува.

Ми се чини дека треба да отвориме уште некоја дебата како што беше онаа за унапредување на меѓунационалните односи, па да се сфатиме дали во Македонија со некои луѓе и со Парламентот не се сфаќаме затоа што не сакаме или поради непознавање на јазикот, литературата, традицијата на албанците. Значи да се објасни така, по мое ако немате лоша намера еве вие кои ќе гласате сега и за овој амандман и за овој закон и за другиот закон, ако е несвесно непознавање треба да ве запознаеме. Знам што значи непознавање на јазик, култура, менталитет, традиција, закони на еден народ, со кој живеете со векови, меѓутоа, ако не сакате тогаш ќе бидете принудени еден ден со вистината ќе се соочите и да знаете дека реалноста е на наша страна.

Тоа е мојот одговор, знам дека има одговор и самиот господин Поповски мала провокација па како ќе реагирам јас, а јас и понатаму ќе останам доследен на моите принципи, тие нема никој да ги промени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претседателот на Собранието да не дозволува лични расправии меѓу пратениците и еден на друг да се обраќаат, обраќањето од овде е на Парламентот, да се држите до деловникот сите инаку ова може да излезе да не работиме вечерва, туку Меѓу себе двајца да се расправаат.

Мислам дека е нарушен текот на седницата и дали е намерно или не направено да се обрне внимание ан нешто сосема десетто, а

всушност ние се наоѓаме вечерва пред еден многу значаен настан да го донесеме овој закон за употреба на државните симболи на Република Македонија и немојте по таа точка која е од исклучително државно значење за сите граѓани некој овде да сака да ни организира нешто што не личи на „седница и по тоа да се запамети седницата.

Според тоа, јас ги молам пратениците некои овде што земаа збор се искусни во два мандата нема право никој некого да го пропитува од овде за да го намами да дојде овде да истури сешто. Ве молам претседателот нека си држи линијата на седницата да ја тера како што треба

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Андов, јас сум претседател на Собранието, не сум педагог. Според тоа јас морам да го почитувам Деловникот. Ако јас опоменувам секого од вас кога се обраќате лично до пратениците или до групата мислам дека седницата ќе трае три недели.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е задача на претседателот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас навистина ги молам да го почитуваат Деловникот.

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака?(б пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(73 пратеници).

Дали има некој против?(б пратеници).

Дали некој се воздржува?(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.(бурен аплауз).

Дами и господа пратеници бидејќи навистина, ова е еден од најважните закони во поновата историја на Македонија кој што го заштитува угледот и достоинството на државата на Република Македонија, заслужуваше и ваков наш однос кон него.

XIX/2.-

Минуваме на точка 4 - Предлог за донесуваше на закон за употреба на знамиња преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор г-дин Ѓорги Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници,

Законот што се наоѓа пред нас предизвика голем интерес во македонската јавност и покрена бројни дискусии околу тоа дали воопшто треба да се нормира употребата на знамиња со кои припадниците на националностите во Македонија ќе го изразуваат својот идентитет и националните особености.

Македонскиот народ како што е познато докажа досега дека ги почитува симболите на припадниците на другите етницитети во Македонија. Оттука Република Македонија во 1973 година донесе закон со кој беше овозможена употребата на знамиња на националностите и етничките групи, во време на државните празници. Тие знамиња се истакнуваа исклучително во деновите на државните празници, пред зградите на неколку општини во Македонија, заедно со знамето на РМ.

Етничките, или ако сакате повеќе знамињата на националностите тогаш не се вееја на политичките собори, митинзи, не се користеа за еден вид симболичко обележување на територијата на која припадниците на националностите беа мнозинско население. Новиот начин на употреба, односно, злоупотреба на тие знамиња во Македонија

наиде, со право, на негодување, пред се од страна на Македонците и ги зголеми нивните сомневања во тоа дека овој симбол се користи и за изразување на територијални претензии кон РМ или за реализација на некакви планови за федерализација на Македонија. Овие сомневања, поготово кај припадниците на Македонскиот народ, особено се зголемија по донесувањето одлуки од страна на советите на општините Гостивар и Тетово и во некои други општини за поставување три знамиња на јарболите пред општинските згради, односно за перманентна истакнатост на знамињата на албанската и турската националност во Македонија, во ист ранг со знамето на РМ.

Владата на РМ како политички одговорен субјект реши, во однос на ова мошне сложено и чувствително прашање да излезе со Предлог решение кое ќе ја спречи злоупотребата со истакнување на други знамиња покрај знамето на РМ, но и решение кое истовремено ќе оди во насока на зголемување на довербата меѓу Македонците и припадниците на националностите во Македонија, решение кое ќе го почитува дострелот во правата на националностите во Македонија, решение кое истовремено ќе го оневозможува посегањето по државниот суверенитет на Македонија од една страна, но и ќе го елиминира чувството на дискриминираност од друга и решение со кое Македонија ќе го зачува својот углед во светот на земја чии граѓани умеат да се издигнат над националистичките страсти и да изнајдат заеднички прифатливо решение.

Овој закон поаѓа од тоа дека потребата како симбол за изразување на идентитетот и националната особеност треба да биде нормирана во нашата држава.

Употребата на тоа знаме, не зависно од неговиот изглед не треба да биде наспроти и на штета на почитувањето на државното знаме на РМ од страна на сите граѓани, независно од нивната националност. Ова оценивме дека ќе се обезбеди со прецизно регулирање на употребата на тие знамиња. При ова сметавме дека е важно припадниците на националностите во РМ сами да решаваат за тоа кое знаме тие го прифаќаат за симбол на нивната етничка припадност и да биде овозможено во деновите на државните празници на РМ, во општините каде што се тие во мнозинство покрај државното знаме на РМ, пред зградата на општината да биде истакнувано и знамето со кое тие традиционално на овие простори ја истакнувале својата етничка посебност во согласност со Законот.

Почитувани пратеници, овој пристап не е целосно непознат во светот и не е преседан. Но, несомнено содржи највисока доза на разбирање за правата на националностите во сферата на употребата на симболи за зачувување на нивниот етнички и културен идентитет.

Слични решенија на понудениве во овој закон може да се најдат во Законот за употреба на грб, знаме и химна на Република Словенија и за употреба на словенечкото национално знаме, а исто така и во Законот за правата на националните малцинства во Република Хрватска.

Во низа други слични закони и политички декларации усвоени од страна на парламентите во некои источно-европски земји постојат одредби за права на националните малцинства да употребуваат симболи па и на знамиња заради негување на нивниот етнички и културен ентитет, или пак тоа изричито не се забранува.

XIX/5.-

Владата на РМ е убедена дека денес се предлага закон со кој ќе биде заштитен државниот суверенитет на РМ, но и закон со кој остварувањето на правата на припадниците на националностите во Македонија, во оваа област, се става во правна рамка која има уставна основа.

Владата на РМ, предлагајќи го овој закон смета дека со него се реализира обврската за надоградување на правниот систем кој произлегува од членот 48 од Уставот на РМ во кој е предвидено дека

припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат негуваат и развиваат својот идентитет и национални особености, со што се создава законска основа за остварување на правата што произлегуваат и од овој член.

Ова надоградување го правиме на начин кој ги зема предвид демократските традиции на РМ, европските норми за почитување на правата на националните малцинства и потребата од изградба на институционални рамки за заштита на човековите права и слободи , но пред се на начин со кој се заштитува суверенитетот на нашата држава.

Почитувани пратеници, заблагодарувајќи се за поддршката на законот што ја манифестиравте за време на комисиските расправи ве поканувам да го поддржите законот и денес на пленарнава седница на Собраниево.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници,

Точката што во моментот е на дневен ред и за која се расправа предизвика огромен интерес не само кај политичките структури во земјата, припадниците на мнозинскиот народ и националностите, одредени научни културни и публицистички кругови, туку последните неколку дена доживеа невидена медиска презентација, при што коментарите одеа во дијаметрално спротивни крајности, од предлозите за масовна употреба на знамињата преку кои националностите го изразуваа својот идентитет и националните особености, па се до предлозите за комплетна забрана на нивната употреба. Тоа неминовно доведе до вжештување на политичката ситуација во земјата, што само по себе укажува дека сите инволвирани субјекти од поединци, политички партии па се до медиумите воопшто не придонесоа по истиот да се расправа во релаксирана атмосвера и во атмосфера на меѓусебно почитување и доверба.

Доколку, до пред 10-тина дена сите беа еднодушни дека оваа состојба ќе се надвладее, со премостување на правниот вакум во оваа сфера со нов закон, кој ќе го понуди Владата, истиот што е на дневен ред денес предизвика неочекувани реакции, а пред се во негативна смисла на зборот. Заеднички именител на тие реакции дека на политичката сцена во земјата се во оптек дефакто два концепта за структурирање на државата.

Првиот кој го протежира Владата со коалиционите партнери и некои други политички партии е граѓанскиот концепт со кој во РМ суверенитетот произлегува и им припаѓа само на граѓаните, како држава

во која сите ќе бидат рамноправни со целосна меѓусебна национална, верска и политичка толеранција и со сожителство, како крајна определба на оваа држава.

Вториот концепт кој го протежираат поедини опозициони партии е таканаречен национален концепт на структурирање на државата каде носител на суверениот не е граѓанинот туку мнозинската нација и во рамките на кои правата на националните малцинства ќе бидат ограничени.

Припадниците на овој втор концепт за жал, ќе морам да ги потсетам дека Парламентот на РМ на 17 ноември 1991 година го прогласи Уставот на РМ чија основна концепција има трајно значење, а тоа се граѓански атрибути како крајни фундаменти на истиот. Во истиот овој Устав фигурира и одредба дека припадниците на националностите имаат

право да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и 1 националните особености.

Во прилог на досега спомнатото, пристапниците на горе наведениот концепт ги потсетувам на дел од излагањето на претседателот на Р^ господинот Киро Глигоров по повод изгласувањето на Уставот на РМ на 25-тата седница на Собранието на РМ од 20 ноември 1991 година, каде меѓу другото се вели: "Разбирањето, чувствителноста и перманентната грижа за меѓунационалните односи се од капитално значење за нашиот мир, за идниот економски и социјален подем, а пред се за безбедноста на нашата Република.

Да го мериме секој збор, секоја постапка која влијае на довербата меѓу сите националности, да јакне соработката , меѓусебното разбирање и толеранцијата. Мотото треба да биде - ништо не се решава со сила и

рестрикции, со страв од правата на другите. Нужен е широк кој треба да има појдовна основа во европските сфаќања за меѓунационалните односи. Само така може да се симне хипотеката или чувството, независно колку е објективно засновано да има за кого било нерамноправност, но таквиот приод бара толерантен и трпелив дијалог и чекор по "чекор градење на вистински пријателски и рамноправни односи."

Интересно е да се напомене што ваков концепт на Уставот е изграден пред речиси 6 години кога се наѕираа никулците на плурализмот во земјата. Оттука изненадува што таквите визии веќе по 6 години кога дефакто требаше да се зацврсти демократијата на овие простори наидуваат на жестоки отпори и масовни отпори за ревизија на истите.

Поаѓајќи од досега изнесеното чувствувам потреба да дадам одредени објаснувања за ставот на Демократската партија на Турците по ова прашање, до толку повеќе што во одредени кругови тој став беше окарактеризиран како цврст и надвор од уставните рамки за правата на националностите во РМ.

Само да ве потсетам дека Демократската партија на Турците и турскиот етнос во целина има посебен респект кон РМ која ја третира како сопствена држава и татковина и во тој поглед без никаква забелешка го прифати Законот за грбот, знамето и химната на РМ и кон истите ќе се однесува со должна почит и пиетет. Со самиот тој факт сите сомневања и инсинуации во лојалноста кон оваа држава паѓаат во вода. Меѓутоа природно е и неотуѓиво правото кога станува збор за изборот и употребата на симболите преку кои го изразува својот идентитет и националните особености, да ги изнесе своите ставови. Впрочем и самиот наслов на законот, Закон за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите во РМ го изразуваат својот идентитет

и националните особености, само по себе исклучува секое арбитрирање во тој избор. Во тој правец е и член 2 од овој Предлог закон кој овозможува користеше на знаме кое и досега било користено како симбол за изразување на идентитетот и националните особености, апсолутно во согласност со член 48 од актуелниот Устав , на РМ.

Оттука при анализата на предложениот закон ние направивме јасна дистинкција меѓу она што е држава и нејзини атрибути, Собрание на РМ, Влада на РМ, Претседател на РМ, судовите, јавниот правобранител, органи на управа и се она што е назначено во алинеја 1 во член 4. Тука е сосема логично и за нас апсолутно неприфатливо знамињата на националностите да не можат да се употребуваат, за разлика од она што значи единица на локална самоуправа, локална заедница на граѓани во која тие најнепосредно учествуваат во решавањето на прашањата кои согласно законот за локална самоуправа спаѓаат во изворни надлежности на единиците на локалната самоуправа. За жал овде почнуваат перипетиите, недоразбирањата, меѓусебните обвинувања за тоа дали треба, дали може, во колкава мера и обем, квантификациите , процентуалната застапеност, загрозувањето на суверенитетот и слични препреки кои по наше длабоко убедување немаат основ од било кој аспект да се анализираат историски, социолошки, културен, политички и сл.

Радува фактот што сите овде присутни сме доволно возрасни за да се повратиме во блиското минато, поточно во периодот од 1973 до 1989 година, кога во општините населени по традиција, во значителен број или во мнозинство со припадниците на националностите, за време на празниците на РМ и тогашната СФРЈ, покрај знамето на тогашната СФРЈ, знамето на РМ и партиското знаме, во употреба беа и знамиња

на поедини националности кои по традиција или во значителен број живееа во тие општини под строго утврден ред и на начин утврден со закон. И тоа господа, по обем далеку повеќе од тоа што го нуди Предлогот на законот.

Ваквото тогашно решение беше темел на хармонизирани меѓу-национални односи.

Гледано од денешен аспект примената на тоа право, означено како стекнато право или како, уште попрецизно се изјасни еден наш ценет пратеник практицирано право, пред објектите на локалната самоуправа и службите, установите и претпријатијата кои истите ги формира, не само што не се косат со ниедна правна норма, туку е во согласност со бројните меѓународни конвенции за слободата и правата на човекот и на националните малцинства.

Дозволете ми да си земам за слобода да ви цитирам само два члена од рамковната конвенција за правата на националните малцинства која ова Собрание го ратификуваше на седницата одржана на 27.02.1997 година.

Член 5 вели: "Страните се обврзуваат да ги унапредуваат условите за да им овозможат на припадниците на националните малцинства да ја сочуваат и развиваат својата култура, како и да ги сочуваат суштинските елементи на нивниот идентитет, нивната вера, нивниот јазик, нивните традиции и нивното културно наследство."

Член 10 – Во подрачја населени со припадници на национални малцинства по традиција Или во значителен број, доколку таквите припадници тоа го побараат и до колку таквите барања одговараат на реалните потреби, страните ќе вложуваат напори во рамките на можното да обезбедат услови за користење на малцинскиот јазик во односите

меѓу тие припадници и административните власти. Впрочем зар некој ќе спори дека симболите, јазикот, писмото и верата не спаѓаат во категоријата на национални особености.

Ве потсетувам дека во моментот кога оваа конвенција ќе ја ратификуваат 12 држави, а по наши сознанија досега се ратификувани од 10 држави, одредбите на оваа конвенција ќе мора да се инкорпорираа во нашиот правен поредок. Оттука јасно произлегува дека ваквите барања не се надвор од нашиот правен поредок и се во потполна согласност со меѓународните конвенции.

Морам да напоменам дека одредбите 90 и 91 Од Законот за локална самоуправа кои во себе не содржат формулација по традиција и каде значителниот број е нивелиран на 20%, припадниците на одредени националности а пред се на турската националност ја доведува во незавидна положба не само во сферата на употребата на јазикот и писмото во односите на припадниците на оваа националност и административните власти, туку како што гледаме и во сферата на употребата на знамето на турската националност.

XX/1.- НН/ЉР

**КЕНАН ХАСИПИ:** (продолжение)

Значи токму поради тоа и поради огромната лична желба и опременост за максимална кооперативност и меѓусебно разбирање и толеранција во името на незадоволството од тој дел на населението, турско каде после 30 години традиција е исфрлен од службата турскиот јазик на пат да го исфрлиме и симболот, односно знамето на таа националност.

Би било од непроценлива вредност во овој законодавен дом да се наиде на разбирање на овие реални потреби, кои до скоро се практицираат на овие простори. Пред многу се сериозни овие прашања да се зачауриме во тено партиските интереси. Од неа може само привремено да стекне добит одредена политичка организација, а ќе изгуби РМ во целина. Впрочем, сеуште ми се свесни зборовите на претседателот на Сојузна Република Германија г-динот Херцов кој при посетата на РМ, при средбата на координаторите на пратеничките групи во Собранието на РМ, меѓу другото рече нешто вака."Влезот на Република Македонија во Европската Унија зависи исклучиво од неа. Притоа треба да се направат три работи.

Прво, правниот и економскиот поредок да се прилагоди на европските стандарди,

Второ, да се респектираат правата на националните малцинства и човековите права и слободи".

Оттука г-до пратеници суштинското прашање е дали сме за Европа. Во овој дом се дава одговор за тоа прашање. -

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот ХисенТамадани.

XX/2.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги, почитуван минситри,

За оваа тема може да се зборува и многу долго и многу кратко бидејќи овде може да се инкорпорираат сите прашања сврзани за нашите односи во областа на меѓунационалните односи, а може да се зборува и многу кратко цитирајќи ги оние вредности за кои што мислиме дека со^аков чекор, како држава ќе правиме со легалитетот и легитимитетот на одредени односи кои ги поставуваме.

Јас сепак мислам дека и покрај сите слабости што можеме да ги набројуваме на овој закон, он е исчекор напред во смисла на тоа во правниот поредок да се внесе озаконета категорија на употреба на националните белези на националностите и со тоа да се озакони, легализира националната особеност и во оваа смисла на зборот, во оваа категорија како што се знамињата важен и значаен белег на секој епитет.

Друго, мислам дека е исчекор во Законот и фактот што не се прифатија некои крајности што се бараат во Законот да се инкорпорираат за да он по нивно мислење како што се кажуваше има легитимност во Републиката. Тоа беше врзано за тоа во Законот да се инкорпорира одредба со која овој белег на националностите, овој симбол ќе се разликувал од симболите што се употребуваат во другите држави, односно во другите нации.

Мислам дека тука е голем исчекор на политичкото мнение и на политичката концепција на Републиката, затоа што се прифати една главна теза која не е неприсутна во Македонија дека друг на некој ентитет му одредува некои особености, тоа веќе не се негови особености, туку на тој што ги одредува особеностите. Според тоа прво

нема никој право да ги одредува на друг особеностите, ниту оној ќе ги прими тие особености како свои. Според тоа тогаш би била една апсурдна ситуација на заштита на идентитетот и особеностите, затоа што тоа би значело дефакто кршење, односно рушење на идентитетот и на особеностите. Затоа сметам и тоа пребродување на ова не толку ретко барање мислам дека е предност во самата концепција во Законот.

Трето, мислам со он потенцијално и покрај слабостите вели може да биде значаен елемент за создавање на покоезидна атмосфера во Републиката, е фактот дека одредена, битна разлика односно битна различност станува своина на граѓаните со својот заеднички живот во средините со мешано, од национален аспект население. Ние сме рекле неколкупати сепак сеуште сме балканци и со чувствата и со начинот на реакции и со начинот на мислење ние сеуште не сме доволно спремни разликите меѓу нас да ги прифатиме како наша реалност. Многу често ни сметаат разликите, односно ни сметаат особеностите меѓу другите, сакаме што поголема идентификација на сите со нас. А, тоа е надвор од реалноста и тоа е секогаш извор на нови тензии, нови можности за конфликтни состојби итн. Мислам дека ова озаконување независно што засега веројатно нема да биде на ниво на полна желба на граѓаните за кои што се однесуваат овие одредби они ќе бидат претпоставка за натамошно унапредување. Велат во првиот ред разликите да се прифатат како наша крајна реалност и како наше битие. Како особеност на цело општество и во разликите да си ги гледаме начините на нашето совпаѓање,на нашето заедништво а не во идентификацијата затоа што таа ќе е сосема нереална желба и невозможна

Четврто, мислам дека треба овде да се истакне и по повод законите и тоа што се направени два закони, мислам дека е истакната една вредност која треба да ја истакнеме овде затоа што мислам дека има значење. Во смисла на прифаќање како симболи ги прифаќаме во

заедниците мешани како елемент кој што го сочинуваат заедништвото во таа средина, а од друга страна сепак не се прави идентификација меѓу државниот симбол и симболот на националноста. Мислам дека е тоа важен домен. Јас мислам дека за мое албанска националност е важно до максимум да го почитува својот национален симбол но да се има еднаков однос кон почитување на државниот симбол исто дека ако негов симбол бидејќи ја прифатил државата и интегралниот дел на државата претставува негов елемент и преставува оваа држава негова татковина, заедница и негова животна, сегашност и перспектива. Мислам дека со тоа ќе се придонесе овие атрибути и вредности и натаму да се зајакнуваат.

Петто, мислам дека со ова се продолжува традицијата што ја имаме ние во Македонија, меѓутоа, мислам дека се останало во краток дах со многу нешта. Министерот веројатно на крајот ќе интервенира повторно, нека даде некои објаснувања, меѓутоа мислам дека е недостатно и ќе биде прифатено како да законот сакал само на симболичен начин да задоволи една потреба а не да создаде една трајна атмосфера за едни релаксирани односи во тие средини со тоа што инсистира јавната употреба на знамињата на националностите да се сведе само пред одреден објект. Тоа не ќе издржи ни во практиката ни ту во чувството на луѓето. Мислам дека во таа средина за која мислиме дека може да се употреби тоа она мора да биде на една јавна основа во смисла на претпријатијата што ќе се формираат и на органите и организациите во таа средина во целина. Бидејќи тоа беше и традиција дури и во јавните јарболи, односно на плоштадите на градовите каде што беа места за јавно истакнуваше на знамињата. Тоа мисла дека не ќе може да издржи критика само пред објектот на општината.

XX/5.-

Друго, мислам дека е голема фаличност формулацијата "мнозинство" . Тоа мнозинство овде можеме и да го проблематизираме. Релативно ли е тоа. Апсолутно мнозинство или нешто друго. Мислам дека тоа не држи многу вода, а, друго мислам дека Се прави една неправда дека сум, должен да го кажам се направи една одредена неправда према сите други националности во Македонија, затоа што треба значи дека само албанските симболи ќе можат да се употребат, затоа што само они во низа општини претставуваат мнозинство. Не знам, турското во една или две општини, ромското во едната општина итн. Мислам дека тоа не е соодветно и на традицијата и на историјата, и на самиот соживот што се одвивал досега на овој простор. Мислам дека во таа смисла барем да се прифати уставната формулација за да она даде можност после со некои подзаконски акти уште поблиску таа материја да се изградува, затоа што мислам дека вака ќе предизвика доста проблеми.

На крајот сакам да го кажам и следното. Мислам дека во јавниот печат по повод ова прашање како што беше и во врска со педагошкиот факултет некои јавни медиуми им дадоа за право сега да го актуализираат тоа како една кампања која поприми Повеќе карактер на една антиалбанска кампања. Третирајќи го проблемот се сведувајќи во на тоа дека е тоа некаква сепаратистичка тенденција, дека оваа Влада и оваа партија помагаат на таа тенденција; дека дефакто тоа е пат кон федерализација кон сепарирање за издвојување на дел од Македонија итн.

И уште нешто е видливо. И во тогашниот случај и сега предничас некој интелектуални не помалку важни. Мислам некои видни интелектуалци од Македонија и мислам дека е тоа за жалење. За жалење е тоа кога носители на национализмот а особено овде на антиалбанскиот национализам се некој интелектуалци кои што во јавното

мнение немаат мало влијание. Јас не сакам да споменувам овде личности, меѓутоа мислам дека интелигенцијата наша заедничка има потреба за почести средби на тркалезни маси, на било кои собирања некои работи да ги расправа на интелектуален начин меѓу себе пред да излезат пред јавноста и да иритираат, да поставуваат прашања кои што можат да имаат пошироки последици во јавноста. Јас ова го кажав само како молба, да ги замолам повеќе да се ангажираат а оваа работа нека ја остават на политиката и на политичарите.

Да заклучам со тоа дека доколку се смогнат сили овие објективни барања да се пребродат во смисла на тоа да се надмине таа категорија само на мнозинство, да се прошири на други јавни организации и тоа со точна технологија што е кажана во Законот. Не како инпорирано право, туку како право кое може ако сака да го користи. Значи, само во таа смисла се залагам да се прифатат овие определби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Рами Тура

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа.

Пред нас имаме предлог на закон кој се предлага да се донесе во скратена постапка. Донесувањето побитно на овој предлог на закон не е оправдано по мое мислење, бидејќи предлагачот ги имаше на располагање долго време со што има можност а и поволни политички околности за такво нешто. Сите албанци без оглед на местото каде што живеат имаат едно знаме кое има долговековна традиција и се употребува од сите албаци независно од местото на живеење.

XX/7.-

Со своето знаме и во текот на заедничката војна задно со Македонците и со другите народи албанците се бореа за националните права. Во текот ма монизмот употребата на знамето на албанците претес од деструктивните албански сили, па заради потребата на знамето многу албанци се казнети и со затвор.

Прашањето на употребата на албанското знаме беше регулирано со закон 1973 година, но токму тогаш кога на албанците им се одземаше односно суспендираше автономијата, тоа беше 1989 година во РМ се забрануваше употребата на знамето и оттогаш до денес прашањето на употребата на албанското знаме не се дефинирало јасно, останало така со цел надлежните органи да го имаат како адут за да ги прогласат албанците за дежурни виновници и да ги казнат по нивна желба.

Се прашуваме зошто оваа работа толку години се пролонгираше а сега за донесување на законот треба да се донесе по скратена постапка.

Сакам да истакнам, дека предлагачот предлага еден респективен предлог на закон, дури би рекол и провокативен за албанците затоа што го повредува нивниот идентитет и достоинство во многу случаи. Албанскиот идентитет и националните особености во Македонија не се чуваат со донесување на рестриктивни закони кои ставаат албанците во нерамноправна положба. Дури од општина до општина, од подрачје до подрачје, од село до село, од месна заедница до месна заедница својот идентитет и национални особености албанците ги создале во текот на вековната историја. Никој нема право  на него па му го повреди тоа право што е составен дел на нивната слобода. Некој намерно го засегнува симболот кој претставува најчувствително нешто и свето нешто за Албанците правејќи го ова токму во ова наше време кога уште не е решено косовското прашање токму за ова време на албанската криза во матичната држава. За жал, некои политички умови, новинари,

публицисти и по некои академци, или доктори на науки исполнети со гнев и омраза против албанците на неконтролиран начин уриваат отров против Албанското знаме, против албанскиот јазик и против високото образование на јазикот односно против високото образование и против Тетовскиот универзитет.

На некои господа не им се допаѓа, културата, историјата, традицијата на крај не им се допаѓа албанскиот идентитет. Овие почитувани господа албанецот го сакаат само под еден услов тој да биде лишен од својот идентитет.

Дами и господа албанците...

**РАМИ ТУДА:** (Продолжение)

Не ќе ги почитуваат господата, кои ја прегазуваат нивната слобода, нивните права, нивниот идентитет, дури нема да го почитуваа' добродушноста и самоволието на оние кои на албанците слободата им ја доделуваат со грамови и пак со мали проценти. Затоа што граѓанинот или е слободен или не е. Или има национални права или нема. И тој албанецот нема да прифати другиот по своја желба да му го одредува степенот и мерката на својата слобода.

Дами и господа, Република Македонија ако сака да оди по патот на демократијата, мирот, стабилноста, безбедноста треба да наоѓа демократски сили за разрешување на проблемите на албанците и не да усвојува закони со мајоризација и ниту употребувајќи репресија, насилство како средство за разрешување на нерешените прашања.

Достоинствениот и слободољубивиот македонски народ не негува омраза спрема албанците, тој ја сака својата слобода, ги цени и другите права на албанците. А омразата, етничките конфликти ги сакаат тие луѓе кои по секоја цена сакаат да го чуваат монополот на власта, а никако не ги загрижуваат проблемите што денеска ги има и ќе ги има утре Република Македонија и нејзините граѓани. Во овој случај сакам да спомнам едно златно мислење кое гласи, ќе го прочитам на српски јазик: "Прави демократи морају увек свакога часа тражити више слободе, више права на што и једно друштво има. Они то морају тражити бар исто толико ради тога да би сачували старе слободе колико ради тога да би усвојули слободе”. Тоа го рекол Душан Поповиќ.

Владата на Република Македонија и законодавниот дом Парламентот имаат за задача да не задоцнуваат со донесувањето на законите, кои имаат голема важност за развојот на Република Македо-

нија како што е Законот за високото образование, Законот за денационализација и слично. Се гледа дека недонесувањето на закони и нивниот пролонгирање во неодредено време и донесувањето на некои закони под итна постапка се прави не со добра намера и би рекол се прават од политички побуди. Понекогаш се стекнува впечаток дека се очекува да настане и да се случи нешто па да се донесува еден правичен закон. Се чека проблемите да се проблематизираат нештата, а потоа да се ба- раат решенијата. Ова не е добро. Ова не оди во интерес и на доброто на Македонија. Не оди во интерес на граѓаните на Македонија. Мислам дека е во интерес на Македонија да се почитува идентитетот, достоинството на националностите, а посебно на албанците и за да се постигне ова треба некои луѓе оптоварени со гревови од минатото да се ослободат од баластот на минатото.

Не прави добро и Македонската телевизија и некои јавни гласила и политички партии кога со своите идеи ги поттикнуваат негативните страсти против албанското знаме, против албанскиот идентитет и нивното достоинство против нивната материјална и духовна култура. На овој Парламент и на Владата не им треба странски сценарија што можат да водат во ќорсокак. Кога се зборува за слободите и правата на албанците овде често пати се употребуваат некогашните фрази од Бивша Југославија дека албанците ги имаат сите права, дури ги уживаат правата повеќе отколку што им припаѓаат, дури и над стандардите што се одредени со меѓународните норми. Овој слоган се повторува на големо во нашите средини, во Влада и во овој законодавен дом.

Нашата албанска реалност овде во Република Македонија го аргументирале спротивното. За ова секогаш сме дале аргументи и други и статистички податоци кои зборуваа за непожелната положба на албанците во сите институции и нивоа на системот. Зборувајќи за оваа

проблематика можат да се поставуваат различни прашања. Едно прашање може да се постави вака, како ќе го изразуваат својот идентитет националностите односно албанците кои живеат во средини каде што процентуално се претпоставиме од еден процент, па дури до 4 9%. Да не се ограничува односно на овој начин се ограничува едно право преку кое што припадниците на националностите. На овој начин се ограничува едно право преку кое што припадниците на националностите го изразуваат својот идентитет. Затоа,  апелирам да донесеме закон кој не ќе ги ограничи до максимум правата за употребата на знамето, односно знамето на националностите треба да се дозволи да се употребува и да се истакнува пред објектите на органите на единиците на локалната самоуправа, јавните служби, јавните установи, јавните служби, јавните претпријатија кои ги основа Републиката односно единицата на локалната самоуправа и другите јавни објекти, претпријатија, друштва, организации и друго.

Кога зборуваме за ваква материја верувам на луѓето, политичари, интелектуалци кои резонираат интелектуално, рационално затоа што во ваквите ситуации срцето на политичарот треба да лежи во главата. Кога се зборува за слободите и правата на албанците, овде често пати се употребува, се извинувам .овде го повторувам текстот. 'Дами и' господа идентитетот албанците го создадоа во текот на вековната историја со многу труд и крв, и жртви, а денес кога тоа го направиле и тоа денеска го направиле,дел од своето битие и само егзистенција не ќе може никој да му го негира правото на својот идентитет и на националните особености. Затоа што ова право тој го чува со голема страст, позитивна страст и чувство Албанците го почитуваат идентитетот на македонскиот народ кои самите тие го изградиле. Но, ова почитување треба да биде обострано. Албанскиот јазик и неговата употреба образованието, посебно високото образование материјализирано во Тетовскиот универзитет, после

знамето и неговата употреба, напоредно со употребата на државното знаме на Македонија се едно свето тројство, се дел на духовниот интегритет и дигнитет на албанците и дел од цврстата константна љубов што не трпи некои повреди,бидејќи го повредува животот на народот и го тера албанецот за да ги одбрани.

Во овој Парламент треба да доминира разумот и слободата на другиот да се сфати како услов за слободата на сите граѓани на Република Македонија. Бидејќи таму каде што не се обезбедени сите права и слободи на сите граѓани, не ќе се чувствуваат слободни и тие што ја чувствуваат слободата. Некои академци и доктори на науки никако не можат да се ослободат од баластот на едноумието и ден денес се служат со комунистички фрази и слогани и тоа значи дека во нивната свест и потсвест наместо научните вредности,останаа старите комунистички и марксистички догми. Нивната заблуда можеби е последица на носталгијата што ја имаат за бившите марксистички застарени идеи на гардата која умееше од своите граѓани албанци да фабрикува непријатели.

Мојата дискусија ќе ја завршам со следните премиси.

Правата и вистинска слобода 'никогаш не може да биде излишна.

Второ, Законот не треба да биде гроб на правата и слободата на луѓето, туку реализирање на слободата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги молам сите пратеници кои во својата дискусија употребуваат странски зборови а по деловникот треба да се употребува само македонскиот јазик и да ги преведуваат тие зборови.

Господин Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници, ние вечерва изгласавме еден многу важен закон и оправданото расположение и начинот на кој што го одбележавме тоа донесување не треба да не одведе во една друга крајност, што практично значи дека ние работата ја завршивме и сега можеме по однос на овој друг закон да бидеме и широкогради и да се однесуваме некако поинаку. Ова мораме да го имаме предвид, затоа што очигледно дека се создаде една психоза дека и овој закон нема да се употребува, а и овој кој што треба да се донесе вечерва дека исто така некој ниту мисли ниту пак е расположен да го употребува. Бидејќи очигледно го смета како туѓ го смета како нешто друго.

Јас ќе ве потсетам дека овој закон очигледно е компромис помеѓу оние партнери кои ја сочинуваат власта и нормално дека таа желба не треба воопшто да се критикува ниту пак да се оспорува. Меѓутоа, јас велам дека не е грев да се бориме за власт. Сите и се бориме нели. Не е срамота притоа да правиме чесни компромиси. Меѓутоа, никој не смее да прави компромис кога се работи за бога, семејствата, чесноста, должностите и својата земја. Ние тука .правиме компромис со ова последното најсветото а тоа е својата земја.'0ваа земја е Република Македонија. Никој нема право ниту една политичка партија да го распарчува суверенитетот да го разградува, затоа што суверенитетот е единствен, неотуѓов и непреносив,им припаѓа на сите граѓани. Во такви услови кога ќе ги поставиме работите ова прашање ќе треба да се донесува одлука на некој поинаков начин кој што исто така е пред- виден. Тоа е референдум. Мислам дека ваквиот закон не е компетенција на овој Парламент да го разгледува и да го донесува затоа што, едноставно

ваква пракса не постои во светот и мислам дека законот е контрадикторен во двете негови крајни инстанци. Од една страна регулира една материја, многу комотно и широкоградо, а од друга страна се санкционираат се ограничуваат правата на она што значи слободно изјаснување и употреба во приватниот живот, во домот. Приватноста е загарантирана и единствено право е на личноста што ќе употребува во својата куќа и таму каде што живее. Меѓутоа, дами и господо, почитувани пратеници знамето е суверенитет, знамето е симбол на територија. Секое истакнување на знаме или негово заколчување значи омеѓување на една територија и опасност од федерализација на оваа држава. Такви примери нема никаде и она што ни се принесува се само обиди да се укаже на некои можни решенија кои што ги имаат некои земји и кои што решенија практично се покажале како непрактични и неприменливи. Непочитувањето на одлуките на Уставниот суд кој што ги укина одредбите од статутите на општините Тетово и Гостивар значат дека овој највисок орган увидел дека ваквото нешто, а тоа е примената на туѓо државно знаме, носи опасност да се имплицира заедничка територија, која што веќе би значела сосема нешто друго. Односот кон овие одлуки, навредите кон овој суд, кон неговиот претседател со непогрдни зборови веќе асоцираат дека овие решенија на советите се донесени за да создадат високи тензии, да создадат едни услови за. пазарење во кои што потоа преку еден закон и преку притисок ќе се добие, сепак она што се сака.

Меѓународните стандарди не познаваат вакви закони. Тоа е веќе евидентно, затоа што негувањето на традиција и особеност е едно, а легализирање ка знаме на туѓа држава во овој случај значи практично прв чекор на легален начин да се легализира федерализацијата на оваа држава. Донесувањето на законот е веќе легален акт. Се другото на враќање на стекнати права на практицирање и слично сето тоа не е

вградено во ниту еден закон и сето тоа е прашање сега на надмудрување и што е тоа сега стекнато право или не. Мораме, вечерва паднаа неколку пати реплики на основа што е сега Македонија и што била.

Точно е дами и господа дека Македонија сега е самостојна и независна држава. Точно е тоа. Од 1991 година па наваму. Според тоа оваа држава ќе ја уредува државата со нови закони со размислувања, со вклопувања во она што значи во секој случај развој на демократија, права и слободи, но граѓанскиот права и слободи на индивидуата на поединецот, а не колективни права и слободи. Не наметнување како партнер, не создаваше услови на бинационална и каква не друга држава.

Незастапеноста на Македонци во локалната управа во Тетово, верувам и на Гостивар, она што значи понатамошно албанизирање на тие простори, што значи изгонување на македонскиот јазик од негова употреба како државен јазик, сето тоа мора да ги загрижи сите граѓани на оваа држава без оглед на нивната национална припадност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Никој воопшто не се меша ниту завлегува во она што значи сопствен дом и симболи кои внатре во тој дом ќе ги употреби било кој, па вклучувајќи ме и мене тука и нас присутните. Можеби мојата наклоност ќе биде јас во домот да истакнам знаме на Јапонија - јапонско сонце, како симбол некој на светост и некоја иднина. Но тоа е мое лично право. Државното знаме е едно и единствено. Државното знаме нема алтернатива. Државното знаме означува еден од симболите на државноста што пред малку го констатиравме и со нашето однесување. Според тоа, за Демократската партија на Македонија и за мене лично овој закон е депласиран закон, јас во неговата расправа нема да учествувам, ќе бидам присутен, затоа што сметам дека таков закон не е потребен. Ние донесовме Закон за употреба на знаме, химна и грб на Република Македонија, а се она што значи индивидуална слобода ќе си ја практицира секој според својата желба и волја, и како што рекоа некои пратеници, без оглед на процентот на застапеноста и концентрираноста на одредена територија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата на Република Македонија, најверојатно дојдовме до оној степен кога став 1 од членот 48 од Уставот на Република Македонија навистина да се реализира едно практицирано право фундирано во Предлог за донесување на закон за употреба на знамиња, при кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености со Предлог на закон.

XXII/2.-

Ние навистина се разликуваме и имаме толку дивергентни ставови што едни со други можеме да се распознаваме. Практично се наоѓаме во една сложена ситуација во која има конгломерат на права и слободи со кои едни се ограничуваат, додека другите бараат како таквото право да се реализира.

Излегов да укажам дека се наоѓаме во време кога секој од нас тука сносиме одговорност пред својот народ, па поради тоа и одговорност да се однесуваме и придонесуваме одговорно да ги разрешуваме прашањата, кои на некој начин се и доста екстремни во одделни случаи и ситуации и поради тоа треба да бидеме крајно флексибилни во донесувањето на одредени членови на законот, па потоа комплет на законот во целина што ни е за расправа денес на дневниот ред. Заради тоа имаме потреба од малку рационалност и размислување за да ги надминеме сите Пречки кои ни претстојат, барем во членот 4 на Предлогот за донесување на закон за употреба на знамиња преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености, таму каде што се ограничува и не смее да се истакнува знамето пред и во објектите на јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија кои ги основа Републиката, односно единицата на локалната самоуправа и други јавни објекти, претпријатија., друштва и организации.

Беше доста широко елаборирана оправданоста од истакнувањето на знамето во горе истакнатите установи и да не ги повторувам работите во мојата дискусија кои веќе некои дискутанти ги рекоа.

Знамето, општо е познато, дека е корен на самобитноста на една нација, тоа е најинтимното чувство на нацијата. Тоа се однесува како за

македонскиот народ, така и за албанската и турската националност во Република Македонија и за другите националности што ние ги имаме. Борбата за знамето е борба за заштита на интегритетот а неговото истакнување претставува легитимитет на секој народ, па и на Албанците, Турците к другите кои живеат во Република Македонија. Знамето, грбот и химната се симболи кои нацијата ја одржува во духовна целина.

Решенијата што се нудат во Предлогот на знамето за употреба на знамињата на националностите во Република Македонија не се до крај целосни. Ограничување на ова природно практицирано право невообичаено за Република Македонија, цитирам, дел од член 5 од Законот што е на дневен ред - "знамето може да се истакне само таму каде што припадниците на една националност се мнозинско население". Зошто да нема право целиот корпус на Албанците, Турците и други да го истакнат таму каде што се во значителен број. Зошто им го скратуваме правото на националностите кога тоа право им го гарантира Уставот на Република Македонија, односно членот 48.

Во приватниот живот истакнувањето на знамето со Предлог - закон во однос на досегашното практицирано право има адекватно решение. Тоа може да се истакнува без придружба на државното знаме.

Во овој контекст сметам дека во интерес на сите нас да се залагаме за националниот идентитет, кој се манифестира низ почитување на културата, историјата, традицијата и тн. Негирањето на симболот или поблаго речено донесувањето на норми со кои се ограничува, значи убивање на национален самобитен дух на една националност, на еден народ, по конкретниот случај на Албанците во Република Македонија. Да не ги сметаме барањата за право на Албанците, Турците и на другите дека се против правата на Македонците, туку напротив, за негување на тие права и сите заедно сме за државниот

интегритет на Република Македонија и така заедно ќе бидеме и посилни.

Што се однесува за симболите, односно знамињата на националностите, медиумските гласила за едните македонската држава го губи својот територијален интегритет, а за другите - федерализација на западниот дел на државата, додека албанските гласила прикажуваат дека знамето на Албанците е полигон на очигледното потиснување на правата на Албанците и друго. И едната и другата страка во конкретниот случај само доливаат масло ка огин.

Јас сметам дека со истакнувањето на знамето на било која националност, во конкретниот случај и на албанската националност, во никој случај не се загрозува ниту Република Македонија, ниту македонскиот народ, ниту никој од граѓаните во Република Македонија. Конкретно, ние не бараме Македонците да го истакнат албанското знаме, знамето на албанската националност таму каде што Албанците ги нема.

Правото на употреба на знамиња не треба да се залагаме само ние Албанците во конкретниот случај, туку сите заеднички да се обидеме за преземање на сите мерки и активности за конкретно ост варување на тоа практицирано право. Мислам дека Македонците треба пред се да придонесуваат, а не да се јавуваат Во улога на суспензија на знамиња во јавните установи од одделни дискусии што се истакнаа од говорницата. Јас верував дека тука има и сили кои со голема почит и заправо рационалност ќе придонесуваат тоа практицирано право и натаму да биде во употреба.

Во овој контекст само да потсетам на мислата на Бранко Копиќ познат писател, Србин од босанско потекло за време на НОБ, кога Албанците заедно со другите југословенските народи се бореа

хитлеровската армада, цитирам, "Високо се барјак вије Црне Горе и Шипније". Ќопик е инспириран од херојското загинување на Ахмед Годенца во црногорската територија.

Не би било пожелно да цитирам и други мисли кои сосема оригинално зборуваат за едно практицирано право низ Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, низ територии на Хрватска, Словенија и други. За време на НОБ албанските партизански единици во Седмата албанска бригада и во Косовско - Македонската бригада заедно вееле две знамиња, тогашното македонско знаме и знамето на Албанците.

Што и пречи на една демократска заедница, на што претендира Македонија, да не се реализира ова практицирано право во целиот корпус каде што живеат националностите и не само во мнозинство. Тоа може да биде само редукционен шок, ако тоа не се остварува. Таквите релации одат во прилог на зголемување на расчекорот на јазот меѓу едните и другите во Република Македонија.

Колку лошо иритирачки звучи написот во еден наш весник, ценет, исто така македонски, во кол пишува "Албанското знаме само во Албанија", на што не упатува почитувани пратеници? Што значи тоа? Се додека ова прашање кое до 19 80 година беше добро регулирано на еден начин; не сакам да имаме прилики законот што ќе го донесеме денес да не се применува во практиката.

Владата на Република Македонија, ресорното министерство, ние овде во Парламентот треба да покажеме поголем ангажман, поголем ангажиран однос во остварувањето на ова право, тоа да наиде на поширока примена во јавните установи на Република Македонија каде ги има националностите.

Собранието на Република Македонија на 27 февруари о.г. го донесе Законот за ратификација на Рамковната конвенција за заш-

XXII/6.-

Затоа, ометам дека веењето на знамето на албанската националност во Република Македонија не го омаловажува македонскиот народ туку ја зацврстува неговата положба. Дали треба да бараме други аргументи за потребата од пресврт во релација на ова право. Правото на истакнување на знамето е свето право за сите, па и за нас Албанците во Република Македонија и со ништо не и штети на Република Македонија ако се вејат и други знамиња преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и националните особености. Напротив, ќе бидеме уште поблиску и појаки едни спрема други.

Се разбира, поддржувајќи ја можноста од промени не треба да одиме на такви компромиси што ублажуваат една моментална состојба, зашто со тоа не се решаваат проблемите. Напротив, функционирањето на правниот систем не трпи крута нормираност, па од таму и промените што сакаме да ги направиме и да ги внесеме во законот е потребно навистина голем почит, осет и политички резон за донесување на закон кој е едно оптимално решение и со доста големо историско и практично значење. Тоа ќе ги конвенгира односите, ќе ги зближува и нема да ги спротивставува меѓунационалните односи, воедно ќе создава широка основа за правно функционирање на правниот систем, со што се 'зголемува неговата ефикасност и компатибилност. Впрочем, ако некој барањето да се истакне знамето на една националност таму каде што му е местото треба да се негира, со тоа ништо не постигнуваме во разрешувањето на односите што ги имаме во Република Македонија на меѓунационален план.

На крајот, не треба да одлучуваме или да ги елаборираме нашите ставови врз основа на моменталното расположение. Создаденото расположение по настаните што се случуваат во одделни делови на Република Македонија, протести, собири демократски итн. или со

неприменување, непочитување на правен систем и правна држава, за која, и јас лично, сме против таквото непочитување.

Создаденото расположение во Републиката низ соопштенија, настани, собири итн., на кои јавно некој бара да не се признава истакнувањето на знаме на друга националност во Република Македонија, дека Република Македонија е држава само на македонскиот народ, исто така, преку вакви соопштенија, преку вакви изјави ние исто нема да се однесуваме така толерантно и ќе се бориме се додека тоа не се елаборира онака како што треба. И кога би било така дека Македонија е држава само на македонскиот народ, не ќе бевме и ние тука. До колку трезвено и зрело мислиме, имаме шанси да донесеме закон за далекосежни резултати, а тоа е во интерес на сите нас, во интерес на демократијата, во интерес на Република Македонија, па и пошироко.

Затоа, апелирам до сите вас пратеници, ресорното министерство, да се инкорпорираат забелешките во законот затоа што сите сме свесни дека многу полесно ќе ни биде по оваа и те како многу важна законска одредба.

Благодарам што бевте внимателни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Шаќири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, денес на дневен ред е една многу важна точка која навистина заслужува сериозно внимание, бидејќи јас сметам дека и проблемот е доста сериозен, сложен, исто така и чувствителен, па и комплексен.

XXII/8.-

Што се однесува до сериозноста на проблемот, јас мислам дека овој проблем, бидејќи привлече големо внимание кај голем број пратеници, мислам дека е сериозно прашање и треба сериозно да се реши, ако сакаме да имаме трајно решение. А со овој закон што е предложен јас не очекувам некое сериозно решение. Исто така е чувствително за нас Албанците бидејќи за овој проблем ние имаме историски континуитет за ова прашање. Меѓутоа, за некое време беше според политиката, интензитетот на политиката која се водела во овие простори, се знае, имавме доста компликации во врска со употребата на нашето знаме. Меѓутоа, историскиот континуитет за употребата на нашето национално знаме постои од Османлиската Империја, од времето на Скендер Бег наваму на просторите каде што живеат Албанците. Меѓутоа, јас гледам дека овој проблем секогаш е комплексен и исто така можам да кажам и алергичен за еден дел од пратениците во Собранието. Јас не знам зошто да биде присутен овој проблем кај одделен број пратеници, кога ние сме во состојба и секогаш повторуваме дека за нас воопшто не е проблем било кој симбол на македонскиот народ, а исто така тоа треба да важи и за Македонците за нашите симболи.

XXIII/1 сс/вс

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Предлогот за донесување на закон за употреба на знамињата во Република Македонија со предлог на закон е прашање за кое се заинтересирани сите граѓани на оваа земја. Токму од овие причини, господа, овој проблем не треба да се третира како единствен проблем на само еден народ, бидејќи носителот на суверенитет на држава е секој граѓанин без разлика на нивната национална припадност. За жал, првата законска верзија што ја усвоивме како законско решение е под сите демократски стандарди и ниту во минимум ги исполнува духовните и националните чувства на голем број граѓани на оваа држава. Токму поради тоа што проблемот не го решава на мериторен начин. Со самиот чин на неинкопорирање на употребата на нашето национално знаме.

Имајќи го предвид фактот дека во последно време употребата на албанското и турското знаме и државното знаме во општина Гостивар предизвика големо реагирање кај сите државни институции, со разно-разни новинарски коментари, значи се направи една чисто класична хајка врз поедини политички личности албанци кои без било каква вина станале стрелачка цел на уставниот суд и многу други државни органи, само што нивното залагање е во интерес на заштитата на елементарните права на своите избирачи.

Владата и Парламентот треба да бидат во функција на заштита на граѓанските интереси, а исто така и Уставот како правна рамка со која се

детерминираат сите слободи и права на граѓаните, треба да ги заштити законски норми, а не со двојни законски решенија. Таков беше случајот со донесувањето на законот за Педагошкиот факултет кој проблем требаше да се реши со институционализирање на тетовскиот универзитет. но зошто тоа не се прави, се одложува ова прашање знае Владата знае Парламентот. За жал никој не сака да се соочи со вистината во оваа држава.

За жал, истата практика се повторува и во овој случај. Употребата на нашето национално знаме не треба да се сфати како противуставен акт. Ако Уставот се смета како граѓански, тогаш истите права што произлегуваат од овој правен акт за Македонците треба да важат и за албанците бидејќи и ние сме граѓани на оваа држава.

Да дискутирам за оваа точка на дневниот ред ме мотивираше предлогот на Владата што планира оваа проблематика да ја регулира со многу некоректно решение. Првата законска верзија што ја усвоивме го регулира прашањето за употребата на државното знаме, грбот и химната. Другата законска верзија преку која немакедонското население во Република Македонија има право во приватниот живот да го употребува своето знаме заради изразување на својот идентитет и националните особености.

Решавањето на овој проблем вака е нелогично и се поставува прашањето зошто се прави оваа несериозна игра кога можеше целата оваа материја да се реши со една законска регулатива, како што беше со законот од 1973 година. Ние немаме никаква носталгија кон поранешниот систем или кон бивша Југославија, но сакам да истакнам некои работи што навистина заслужуваат почит и во оваа демократска, да не речам

Република  Македонија, бидејќи ние од поранешниот систем и тие права што ги имавме сега не можеме да ги уживаме.

Методата и начинот низ кои се решаваат овие проблеми, господа пратеници, претставува несериозен пристап. Но, по се изгледа се работи за политички трик и манипулирање со употребата на нашето национално знаме. Повеќе од сигурно е дека станува збор за политички блеф со што се служи Владата бидејќи за иста материја на Парламентот предлага два закони.

Законот за употребата на знамињата од 1973 година, повторувам, беше многу полиберален од овој закон. Не го ограничуваше местото и времето на употребата на знамињата. Сегашната формулација како законско решение предложено од страна на Владата е многу порестриктивно во споредба со законот од 1973 година. Со овој закон граѓаните се делат на две категории, на привилегирани, со поголеми права и не привилегирани со ограничени права. Тоа токму го детерминира втората верзија на овој закон. /

Ако сакаме да живее во стабилно и демократско општество во кое што граѓаните ќе се чувствуваат еднакви, Уставот и законите мора во подеднакви услови да ги таргетираат интересите на сите граѓани, без разлика на националната и верска припадност, бидејќи волјата на секој граѓанин и на албанскиот народ е да има мир и спокојство во оваа земја. Меѓутоа, во функција на создавање предуслови за едно постабилно општество неопходно се наложува потребата за демократизација на државните институции и во сферата на националните права , бидејќи јас сметам дека токму тука се гушат демократските процеси кај нас.

Владата и Парламентот треба посериозно и со неодложна енергија да се вклучат во решавање на проблемите од националната сфера,

проблемите кои претставуваат траен и фундаментален придонес за општеството. Само со конструктивни идеи и со неодложна одговорност ќе можеме да ги решаваме проблемите што претставуваат траен мир и перспектива во нашата земја.

Со опструкции и донесување рестриктивни закони, законски акти во одделни области што во суштина албанската популација се доведува во дискриминаторска положба, не можеме да чекориме напред во подобрување на меѓунационалните односи, господа пратеници.

Не донесувањето на законот за високото образование со што треба да се реши и статусот на тетовскиот универзитет и пролонгирање на времето за донесување на Деловникот за работа на Парламентот со кои греба да се дефинира употребата на албанскиот јазик се проблеми кои бараат неодложно решение.

Јас сметам дека за овие проблеми кај Владата и Парламентот не постои сериозност, што е слично со законот за употреба на знамињата за што исто така сметам дека е нереално решение, бидејќи не ги задоволува интересите на албанците.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван господине пртседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата,

XXIII/ 5.-

И од некои средства за јавно информирање, па и од неколку дискусии во однос и на оваа точка и на претходната, може да се констатира дека сепак постои одредено мислење дека наводно се инаугурира односно се промовира некое ново право, право кое е толку опасно за Македонија итн., што наводно го загрозува територијалниот интегритет и суверенитет.

Меѓутоа, тука мора да признаеме дека не се работи за промовирање на некое ново право. Понајмалку опасно право по територијалниот интегритет на Македонија. Напротив, само се санкционира една објективна ситуација што веќе постои во Македонија. Или, подобро да кажам се ресанкционира една објективна ситуација што е традиција долго време, па дури и право беше едно време регулирано со, како кажа некој претходно, со некоја поавансирана форма од причини што сепак тоа знаме можеше, според претходниот закон, да се истакне пред државните институции, пред судовите пред јавните служби и претпријатија итн. Но, тоа е тоа.

Меѓутоа, сметам ова што сега се нуди е одраз на еден нормален политички компромис, одраз на еден опортунитет во политиката и, затоа, јас и начелно го поддржувам законот со одделни забелешки изнесени во форма на амандмани.

Теоретски и практично ова прашање може да се објасни врз основа, според мене, на четири сегменти: првиот сегмент е правен сегмент, вториот е политички, третиот психолошки и четвртиот е компаративен сегмент.

Според првиот сегмент, односно правен сегмент сметам дека според постојната правна регулатива има правен основ да се донесува таков закон. Аргументите се следни:

XXIII/6.-

1. Преамбулата на Уставот на РМ предвидува, како цели на Уставот на РМ, остварување на граѓанска и национална рамноправност.

2. Членот 8 од Уставот како темелни вредности на Уставот на РМ ги предвидува слободното изразување на националниот идентитет.

3. Членот 48 ставот 1 од Уставот предвидува дека националностите имаат право да го негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености.

И на крајот ако сакаме да се потреме и на меѓународно - правните документи, слободно може да се каже дека таква основа постои во повеќе документи. Особено во Рамковната конвенција за правата на националните малцинства ратификувана од овој Парламент, каде, мислам во членот 4 децидно кажува дека малцинствата треба во некои сегменти, општествениот сегмент, политичкиот, економскиот и културниот да се изедначува со мнозинскиот народ.

Во однос на политичкиот сегмент сметам дека понормално од било што тука, па макар било и највисок правен акт, сметам дека е нашата обврска и морална и политичка да ги смириме или да настојуваме да ги смириме политичките тензии со, на нормален начин и со дијалог да ги решаваме сите проблеми што се евидентни, ги има, а ќе ги има и понатаму. И ние тука  усвоивме една резолуција пред еден - два месеци за меѓунационалните односи што исто така предвидува на таков нормален начин да се решаваат прашањата.

На крајот, ние како држава, со дијалог и комуникација можеме да се легитимираме пред меѓународната заедница како нормална држава што има европска и демократска ориентација.

XXIII/7.-

Кога сме кај меѓуетничките тензии, сметам дека првенствено тука одговорноста ја сносат токму тие кои најнеодговорно се однесуваат. Било да се тоа македонци, албанци итн. Според мене е сосема нечесно да се манипулира со националната енергија и тоа не со цел да се решаваат проблемите од причина што со таква тензија нема ниту теорија да се решаваат проблемите, туку напротив ефектот е можда контрапродуктивен. Напротив со единствена цел да се промовира или да ги промовираат нивните болни амбиции за власт.

Логично земено, сметам дека знамињата како такви ниту некого го загрозуваат ниту некого авансираат, туку едноставно тие претставуваат само национален или етнички симбол на идентитетот на една национална заедница што е природна особина, ако сакате и природно право.

Меѓутоа, мене не ми се јасни или некому друг не му се јасни и тука би поставил неколку прашања:

1. Не ми е јасно зошто ова прашање толку се исполитизира кога се знаеше уште од февруари кога бившиот министер за правда во едно интервју кажа дека некаде во јуни ќе биде готов пред Собранието законот за знамињата.

2. Исто така не ми е јасно зошто толкава прашина кога фактички сега имаме еден чекор напред. А, пред ова време фактички не сме имале никаков закон, а ништо не е кажано. Значи, кога се оди чекор напред се напаѓа со аргументи, без аргументи и сметам дека тоа не би требало така да биде од причини што овој закон ниту е прв ниту е последен. Веројатно понатаму, паралелно со демократските процеси ќе претрпи одредени измени.

XXIII/8.-

Исто така, не ми е јасно зошто некој од Гостивар покрена иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на одредена одлука и токму зошто таква структура? Сега ова ме убедува дека сепак се работи за своевидна политичка игра каде едниот испадна итар а другиот наивен. Едниот е итар од причина што сепак успеа од една централна тема што беше високото образование на мајчин јазик да го елиминира од својството на централна тема и прашањето на знамето да го воведе како централна тема, Секој логичен приоритет мислам дека би требало да биде поинаков.

Другиот е наивен од причина што сепак се впушти во таа игра и не ја сфати таа игра. Или, од проста причина што сакаше на најлесен начин да профитира и да врши политички маркетинг.

Во психолошкиот момент, сметам дека знамето, а и тука беа кажани некои констатации дека се работи за туѓо државно знаме. Морам да кажам дека ова знаме се употребува преку 500 години како знаме на национална заедница присвоена од една држава како симбол на таа држава. Значи, пред 500 години таа држава го присвоила како државен симбол пред таа држава да добие меѓународно - правен субјект ова знаме постоело како традиција. И случајно ако утре тоа знаме на таа држава претрпи измени, никој нормален не очекува дека исто така и оваа национална заедница ќе бара измени на националниот симбол.

Сметам дека ниту прва, ниту последна држава што ќе настојува ова прашање да го решава. Напротив, има држави кои што ова прашање го решаваат на поавансиран начин, а има и држави кои на порестриктивен начин. Но тоа е тоа.

XXIII/9.-

Овде беше кажано дека усвојувањето на овој закон и преименувањето на тие симболи се во спротивност со начелата на суверенитетот на државата. Сметам дека тоа воопшто не држи од причини што во Уставот децидно стои дека државни симболи на Република Македонија се знамето на РМ грбот и химната. И насловот на законот не упатува на тоа дека се работи за државни симболи што би го загрозиле територијалниот интегритет или суверенитет на државата. Напротив, насловот на законот упатува на тоа дека се работи за национални симболи што се одраз на овој идентитет на една национална заедница.

Благодарам.

XXIV/1 СП/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, дами и господа.

Во својата практика на демократска држава од прогласувањето ка независноста РМ јасно покажа дека стои на позициите на почитувањето на правата на малцинствата и даде докази за ваквиот став.

Дали е потребно и во оваа прилика да ги набројувам тие докази? Сепак допуштете ми да ве потсетам дека ја имаме преамбулата на Уставот, нормативните решение во него со кои се обезбедуваат и гарантираат правата на малцинствата посебниот закон за употребата на јазиците на малцинствата на Педагошкиот факултет, решенијата што ги предвидува Предлог законот за високото образование, скорешната декларација за меѓунационални односи што овој Парламент ја донесе.

Да потсетиме дека РМ ја потпиша и ратификува Рамковната конвенција за заштита на правата на малцинствата на Советот на Европа, факт со кој не може да се пофали ниту еден од нашите соседи. Мислам дека Албанија го има потпишано, но не и ратификувано овој меѓународен договор.

Значи, волјата да се почитуваат европските и светските стандарди и да се имплементираат во сопствената држава, да се негуваат и унапредуваат, РМ навистина ја прави држава - модел на овие простори.

Почитувани пратеници, потребно ли е моето јавно декларирање дека од секогаш сум стоела и ќе стојам зад идеите што се во служба на градење на добрите меѓунационални односи, соживот и заедничка иднина. Меѓутоа, Законот што го предлага Владата- закон за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите го изразуваат својот идентитет создава кај мене повеќе дилеми.

XXIV/2

Овие дилеми сакам да ги споделам со вас, сакам да ги споделам со јавноста во РМ. Сведоци сме на бројни реакции на таа јавност реакции на институции, еминентни експерти, правници, политичари, граѓани. Некои од тие протагонисти го разгледуваат Предлог законот од научен аспект, политички аспект, други пак одат во сферата на емоционалното.

Јас ќе се обидам да се осврнам на некои аспекти од овој закон што мене ми се чинат релевантни.

Прво, Јас не можам да ја согледам потребата од донесување на посебен закон со кој се уредува оваа област со оглед на фактот што веќе го донесовме законот за знаме, грб и химна кој ја регулира употребата на знамето на РМ и сходно на тоа употребата на знамињата на другите држави.

Второ, ако го погледаме законот од суштинска страна или ако сакате од правна страна, според мене тој е правно неконзистентен, имено, тој практично не го дефинира својот предмет - знамињата преку кои националностите го искажуваат својот идентитет, туку допушта низ една лабава формулација како знаме на националност да се избере било кое знаме вклучувајќи го и знамето на некоја странска држава. Преку кодификувањето на таквата употреба овој Закон, практично, според мене, е во колизија со оној закон кој штотуку го донесовме законот за знаме, грб и химна

Трето, овој закон всушност нема теоретска подлога во светската легислатива на практика со исклучок на посебните примери цитирани во експозето на министерот кои имаат проблематична примена во респективните земји. Исто така слободна сум да ви посочам дека рамковната конвенција за заштита на правата на малцинствата не го таргетира овој проблем. Значи, во рамковната конвенција проблемот на употребата на знамињата на националностите не се третира.

Четврто, некои еквилибристички решенија во овој закон по мое длабоко убедување можат/да го доведат во прашање тоа преку разни злоупотреби концептот на суверенитетот. Познато повеќе пати искажано од оваа говорница, повеќе пати искажано во јавноста знамето е државен симбол израз суверенитетот на државата а не еквивалент на националното.

Несакајќи да навлегувам во одделна елаборација на политичките аспекти на меѓунационалните односи станало збор на повеќе наврати овде ниту пак да ги антиципирам консеквенциите од донесувањето на овој закон, дозволете ми почитувани пратеници, почитувани колеги да завршам со следното:

Сите ние сме членови на определени политички партии, но исто така сме и народни избраници. Јас, на пример, чувствувам дека сум избрана во овој Парламент да му служам на народот, да и служам на државата, најдлабоките причини за моето политичко дејствување ги наоѓам во она што со висока гордост во светот се вика "резон де та," и од тие причини почитувани пратеници јас нема да можам да гласам за овој закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Хисен Рамадани, процедурална интервенција.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги чувствителен сум на говор на дама инаку од мене почитувана и позната г-ѓа Илинка реагирам, но сакам да потсетам, мислам дека претседателот треба да ги опоменува пратениците на тоа. Нашиот уставен систем не познава национални малцинства. Ако г-ѓа Илинка смета дека тоа треба да го уведеме како термин во Уставниот систем, треба да предложи односно да најде начин да покрене иницијатива за промена на системот.

Другото што го кажа се што кажа, тоа е прашање на нејзината партија и мислам дека Партијата од ова што во кажа, ќе извлече заклучок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, треба навистина да ги употребуваме уставните формулации за сите работи.

Има збор г-динот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, министри и пратеници.

И овој закон е, како што гледате, произлегува од дебелото досие на меѓуетничките односи и веројатно исто така предизвикува бројни емоции и бројни размислувања, јас имам сопствени размислувања околу него, меѓутоа, дозволете ми барем еден мал вовед да направам.

Секако, елаборирајќи ја оваа тема некако како да заборaваме каде сме сместени, каде живееме. Ние живееме на Балканот во Македонија На Балканот каде што конечно ни е јасно дека е завршена фрагментацијата односно натамошното расцепување. Знаете, тоа во историјата на Балканот и воопшто на Балканот му даде една мошне негативна конотација односно денеска дури и специјалистите од меѓународните односи велат дека Африка е балканизирана, што ќе рече дека Балканот асоцијација на една постојана фрагментарност, постојано цепкање, меѓутоа Дејтон ни покажа дека тоа е крај на натамошната фрагментација односно на промената на границите. Од тој аспект ние можеме да бидеме сигурни и тоа подолгорочно што и да се случи дека тие граници остануваат цврсти и загарантирани од целата меѓународна заедница.

Една од спецификите на Балканот е што од 1991 година за прв пат, тоа повеќе пати сум го кажал, бројот на народите одговара на бројот на државите освен дискутабилното прашање дали црногорците се црногорци или срби меѓутоа, ние во тоа не навлегуваме.

XXIV/5

Единствен хендикеп е политичките граници не се идентификуваат со етничките граници, што на свој начин го афирмира проблемот на националните малцинства или националности, според нашиот Устав.

Комунизмот за време на полувековниот период го маскираше национализмот, бројните национални фрустрации и живеевме под плаштот на вештачките иконографии. Знаете, комунизмот и самоуправувањето ги афирмира тезата за братството и единството, заедништвото , слетовите српот и чеканот итн. Овие иконографии кои беа всушност политички идеолошки иконографии исто како што се знамињата меѓутоа тие се традиционални и воопшто иконографијата знаете значи имиџ на еден народ, ги маргинализираат традиционалните иконографии, сепак знаете со големите промени од 1989-1990 година, исчезна комунизмот, но и неговите пратечки иконографии. Се создаде еден празен простор, паднаа митовите и го отворија просторот на иконографиите на националната идентификација и на национализмот. Ни стана јасно дека Македонија не е еден обичен геополитички пејзаж, туку тоа е исто така, таа има своја историја и една традиција. Сите ние на Балканот доживеавме една национална идентификација, да не кажам еден потежок збор, национализам. Тоа го видовме во војните, тоа се афирмира низ бројните програми на националните партии, меѓутоа, воопшто граѓаните некогаш можеби заради таквите фрустрации од минатото достоинствено и на сопствен начин го искажаа националното чувство кое често пати беше под плаштот на тие поранешни идеолошки иконографии. Но, како што знаете, некаде оваа игра на иконографии доби мошне трагични димензии. Некои аналитичари сметаат дека војната во Босна и Хрватска беше всушност војна на иконографии односно разните политички партии воинствени повеќе и помалку се референраат на сеништата на минатото. Сите некако се реферираат на минатото, сите се враќаа во минатото во историјата, на традициите се

нагледавме разни бради , ками, мошти, попови, католички свештеници, процесии, зурли, тапани, исламски полумесечини, комити, во води, орли, лавови и друг вид флора и фауна. Ние во Македонија заеднички, но и на мошне умерен начин ја доживеавме оваа национална идентификација. Македонија се здоби со независност и доколку тоа не се случеше таа бе останеше еден објект, еден етнички споменик, ребус на историјата, фолклорен куриозитет без можност на контрола врз создавањето на сопствениот национален идентитет.

Меѓутоа, она што би сакал да истакнам е дека , што го кажав на почетокот, за жал, етничките граници не се идентификуваат со политичките граници. Дури во светот се појави една теорија чиј најдобар претставник е Хатингтон кој ја нарече судир на цивилизациите. Според таа теорија секаде онаму каде што постојат народи со разни вокации религиозни, етнички, културни ќе дојде до еден судир реферирајќи се при тоа на состојбите на Балканот , оној Балкан на кој ние живееме. Знаеме дека во Македонија живеат повеќе социо - културни заедници од кои мнозинството се Македонци , а националноста албанци се малцинство како и останатите. Проблемот е што меѓу овие две социокултурни заедници постои едно чувство на недоверба, на претпазливост, на индиферентност на едните кон другите.

Од оваа говорница зборувајќи на оваа тема често пати се залагав за тој дијалог и таа толеранција. Денес тој дијалог и толеранција се доведени под знак прашање и тоа заради иконографиите односно иконографијата наречено знаме.

Кога сме кај знамето Македонија веќе има едно искуство со знамето поточно со симболот од Вергина кое, според мое мислење, успешно го реши.

Кога е во прашање проблемот на употреба на знамето на албанците слушнавме дека тоа е дел од идентитетот на албанската

националност употребуван, некој рече, од албанските пратеници и во изминатите 50 години. Како македонец јас би бил среќен кога сите би биле хомогени општества и кога не би имале проблеми, кога секој со својата иконографија би мафтал со знамињата би го изразувал својот идентитет иако сметам дека постојат и други форми на изразување на сопствениот идентитет. Но, потребен е политички реализам како од страна на македонскиот народ, неговите политичари, пред се интелектуалците кои, за жал, исто така не покажаа еден доволно конструктивен интерес така и од страна на албанската националност политичките партии н албанците и на албанските интелектуалци да имаат еден компромисен став кон ова прашање. Ако навистина сте патриот не прашувајте што вашата земја може да направи за вас, туку што вие можете да направите за неа.

Јас го поддржувам законот, тоа го правам затоа што на сите граѓани им посакувам една долгорочна стабилност и среќа. Сега најлесно е да ги зацементираме позициите и да го зајакнеме својот политички маркетинг без никакви отстапки секој од своја страна и веројатно секој пред својата заедница би бил херој. Оној што е поголем македонец или поголем албанец ќе биде херој пред своите бирачи и сите ќе викаат така требаше да се каже. Мислам дека големината на еден човек е не да го критикува спротивниот национализам туку да го критикува национализмот на својот народ односно нација.

Сметам дека во овој миг е поголемо херојство и рационалност да се поддржи овој закон, ова не е херојство инспирирано од некоја еуфорија од авантуристички тип , туку еден рационален избор. Воедно би сакал да им се обратам на албанските партии и на албанските граѓани во РМ пред се жал ми е што сеуште зборуваме вие и ние. Рековме ќе постои интеграција во ова општество и ако следевте неколку говорници сите зборуваа за вие и ние, за,нас и за вас. Мислам дека интеграцијата

кон која се движи ова општество , кон која се движи оваа држава за која сум инаку оптимист еден ден ова ќе биде минато да се обраќаме сите така. Ние сме сите граѓани на РМ:

Со овој закон уште еднаш ја покажуваме нашата европска ориентација. Му се обраќам посебно на градоначалникот на општина Тетово и на градоначалникот на Гостивар Руфи Османи. Јас знам дека тој до- живеа една лична драма која можеби психолошки уште повеќе го доближи до оној фоторобот на оној бескомпромисен, нетолерантен хомобалканикус , балкански човек кој не прифаќа никогаш компромис, кој секогаш бил тврд, јак, достоинствен и кој секогаш завршувал како хероите на античките драми, односно оди против посилниот на сопствена штета.

Мислам дека овој пат не треба да се дозволува таква слична драма да им се случи и на другите луѓе било да се од албанска или македонска националност односно народ.

**НАНО РУЖИН:(**продолжение)

Да не дозволуваме иконографиите да доведат до деградација на односите.

Денес во светот способноста на политичарот се цени според неговата толерантност, смисла на компромис и рационалност. Почитувајте го Законот, или уште подобро свртете се кон иконографијата која денес најмногу се респектира на Запад и воопшто. Тоа е германската марка. Наместо со знамиња, подобро е да се мавта со марки. Мислам дека е неопходно да се потчиниме повеќе на нашата совест, наместо да го исфрламе во преден план нашиот темперамент и нашите национални фрустрации.

**АБДУЛАДИ ВЕСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници.

Владиниот предлог за употреба на знамињата преку кои националностите ќе го изразуваат својот идентитет и националните особености кои долго време се очекуваше да влезе во оваа парламентарна процедура, еве сепак покрај извесното задоцнување, денес се наоѓа на расправа. Ова прашање е доста чувствителна па затоа ако не наоѓа соодветен пристап на разгледување се донесуваат дневно - политички одлуки би можел да има далекосежни последици по стабилноста на државата.

Пристапот кон разгледување на ова прашање, покрај опструкциите на опозиционите партии, сепак докажува дека власта се соочува со мултиетничката реалност во РМ.

XXV/2.-

Јас мислам дека знамето е најсуштински конституент на националниот идентитет, а тоа за Албанците во Македонија е еден важен историски симбол. Прашањето е дали има уставна основа за употреба на знамето.

За донесувањето на еден ваков закон за употреба на знамињата на националностите секако дека има и тоа го гарантира член 48 од Уставот на РМ.

Овој потег на Владата условно речено е прв политички чекор во правец на разрешувањето на ова доста жешко прашање од меѓунационален план. Исто така позитивно се цени ставот на Владата албанската националност сама ја определува формата и изгледот на нивното национално знаме, без никакви диктати од надвор.

Некои политички партии од опозицијата на ова остро реагираат и бараат националното знаме на Албанците во Македонија да се вметнат некои други елементи, што навистина е неприфатливо. Албанците во Македонија немаат таков мандат и надлежности да го променат знамето. Тоа има длабоки корени во историјата па затоа во никој случај и по никоја цена нема да го прифатат тоа. Ова треба да им биде јасно на сите што живеат во РМ која е мултиетничка земја.

Формата и изгледот на знамето го определуваат самите припадници на една националност. Според тоа сувишни се разните изјави, соопштенија, прес-конференции, околу тоа како ќе изгледа националното знаме на Албанците во РМ. Разни квази интелектуалци неформални групи, минорни партии кои немаат никакво релевантно значење во одлучувањето го исполитизираа безпотребно овој проблем. Тие разгоруваат страсти и тензии претставувајќи се во улога на бранители на државните интереси од"највисок степен".

XXV/3.-

Нивните претставници имаат намера преку вжештувањето на политичките прилики во Македонија, преку силните обвинувања и критики, за што не им треба голема филозофија освен да изградат став и да се потпомагаат од сопствените предрасуди и ксенофобии и ги остваруваат нивните политички цели.

Некои партиски лидери напросто бдеат над Албанците, фрлаат отровни стрели врз меѓунационалните односи. Ја оптоваруваат политичката состојба во РМ. Дури има и такви примери и во овој Парламент, пред овој Парламент има примитивно претставување, даваат невкусни, споредни и разни негативни квалификации за меѓунационалните односи.

Барањата на некои опозициони партии за повлекување на овој предлог закон за знамињата, како што наведуваат тие, навистина се претенциозни и злонамерни. Тие во овој закон гледаат "национална катастрофа", а забораваат дека токму е спротивното, ако не се усвои тогаш би претставувало опасност по безбедноста на државата.

Заканувањето на некои минорни партии дека нивните акти- висти ќе ги симнат , како што наведуваат, безправно истакнатите знамиња на туѓа држава , се до крај екстремни, затоа што таквите изјави побудуваат исклучивости и од другата страна во одбраната на тоа знаме, што би довело до директни конфликти и пресметување на меѓунационален план.

Треба да се истакне дека таквите партии и нивните приврзаници не само што ја земаат врз себе политичката одговорност туку навистина се поигруваат со најдлабоките чувства на Албанците во Македонија.

XXV/4.--

Општо е познато дека националното знаме на Албанците претставува вистински култ на национална вредност која има долга традиција на употреба од неколку века. Тоа знаме , тука во овие простори е употребено и пред и после Првата светска војна, за време на Втората светска војна и потоа. Никогаш тоа знаме не ја довел во опасност сувереноста и територијалниот интегритет на РМ. Затоа, покрај очекувањата после долгите разговори со Владата и инсистирањето на ПДП, ние како партија не сме до крај задоволни со ширината и квалитетот на овој Предлог-закон.

Имајќи ги предвид законските решенија за употреба на знамето на Албанската народност, тогаш во Бивша Југославија од 1973 година, па Уставот на РМ од 1991 година, што секако има свој континуитет. После овој правен вакум, предложените решенија во Законот се доста рестриктивни, дури и порестриктивни од комунистичкиот период кога немаше никакви ограничувања по однос на правата на Албанците за негова употреба.

Со донесувањето на актуелниот Устав на РМ, Уставот од 1974 година престана да важи, но не и амандманите од 19 89 година, што некои ги спомнуваат доста често и кои се донесени врз основа на Уставот од 1974 година, а не со Уставот од 1991 година. Поради тоа цениме дека Одлуката на Уставниот суд на РМ, по однос на националното знаме на Албанците е политичка, неодмерена и штетна по безбедноста на државата.

Покрај фактот што Владата по однос на Предлог законот за знамињата направи толку што можеше во овој политички миг, мислам дека ваков закон би го довел во нерамноправна положба албанскиот корпус во Македонија. Би имале диференцирани права од една во

друга општина населени со Албанци и би се довеле во нерамноправна положба и бројните општински институции каде основачи се самите општински совети.

Албанците во некои општини било да се тоа скопски општини, Дебар, Кичево, Куманово и други, не би уживале исти права како нивните сонародници во другите соседни општини.

Во две новоформирани општини на пр. само во Кичево, Осломеј и Зајас, би се употребувало знамето, додека во самиот град нема да биде тоа дозволено. Или случајот Липково - Куманово и така по ред. Општа е констатацијата дека Законот од 1973 година бил полиберален, додека овој , на оваа Влада во Македонија , која гради демократско општество, каде треба да се почитуваат правата на националностите кои со векови живеат тука и имаат свој дел на стечајни права, а многу поретро граден од пред 25 години, што упатува на сериозно мислење по ова прашање.

Сакам да наведам тука и некои позитивни искуства и практични решенија од поблиското опкружување на Македонија, по однос на употребата на знамињата на националностите. На пример во Словенија, во текстот на Законот за знамињата се вели: "На италијанската и унгарската народност во Словенија им е дадено право на употреба на нивни знамиња во местата каде што тие живеат и тоа заедно со знамето на Република Словенија и со Словенечкото народно знаме, но не се определени бојата, геометриските, ликовните и другите правила за нивно обликување".

Во Украина е гарантирано правото на сите украински граѓани од сите националности, да можат да ја изразуваат својата се гарантирани во многу западноевропски земји дури и во Германија.

XXV/6.-

Што се однесува до Украина, г-динот министер за правда во една прилика во Законодавно - правната комисија тоа го оправдуваше со многубројното руско население од 6 милиони жители што живеат во оваа земја. Но, едно треба да знаеме а тоа е дека пропорционално тоа население во Украина со 50 милиони жители е само 12%, додека Албанците во Македонија по важечките статистики се 23%. Оттука недвосмислено се наметнува потребата од употреба на национално знаме на Албанците во Македонија на еден полиберален начин, не само пред објектите на општинските совети, туку и пред сите други институции, организации, претпријатија кои ги основа општинскиот совет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мирко Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Да се надоврзам на дел од излагањето на г-динот Нано Ружин, кој рече дека не треба да се мавта со знамиња туку со германски марки..Баш тоа мавтање со германски марки доведе и до оваа состојба, па денес секој со сешто мавта.

Јас своето мислење го искажав на Комисијата за меѓунационални односи и во вчерашното излагање по повод информацијата за состојбите во Гостивар, баш по овие закони за знамињата, која состојба не верувам и после донесување на овој закон битно ќе се измени.

XXV/7.-

Република Македоија како суверена и граѓански уредена земја треба да има само едно знаме, една химна, една,во сегашни граници меѓународно призната територија.

Со овој специјален закон заснован на компромис кој компромис е практично недоречен и во член 3 веќе стои "и други манифестации".

Продолжува процесот на тивка федерализација на РМ.

Со повеќе знамиња на националностите државното знаме во одредени етничко - чисти општини нема да биде истакнувано, или попрецизно да се изразам да се чувствува од негово истакнување.

Националностите во РМ имаат еднакви граѓански права и најголеми права како националности во светски размери, гледано од аспект на степенот на достигнатите демократски процеси на овој немирен Балкан, каде припаѓа и нашата држава. Албанската национално претендира, поради својата бројност да се промовира во народ и со тоа да ја дели суверeноста на државата РМ. Сеуште се негира било од југ како име, од Бугарија поради јазикот, од СРЈ поради црквата и еве од Албанската националност и поради знамето.

Најголема демократија ќе достигне нашата држава тогаш кога сите ќе застанат зад државното знаме на РМ.

Овој закон за употреба на знамињата на националностите е специфичен за нашата држава по тоа што им дава за право на слободен избор на тие знамиња. Во тој слободен избор не греба да се користи само правот, туку и обврските, при што на тие знамиња би било потребно да се аплицира и дел од знамето на РМ, што би значело државјанин на таа држава.

XXV/8.-

Законот е изнуден и потребен да се избегнат бројни злоупотреби и недоразбирања. Со овој закон повеќе не може да се користи најчесто користената и злоупотребувана акциона, се што не е забрането со закон, дозволено е.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници сигурно нема да должам многу, бидејќи имаше опомени од страна на некои пратеници за да бидеме пократки , бидејќи еден дел од нашите дискусии може да се повторат. Јас не сакам да бидам повторуван односно да повтарам некои работи, туку морам да кажам некои важни работи пред ова Собрание, пред јавноста.

Интересно е дека во овие доцни часови да се зборува за еден закон кој еве чекавме после донесувањето на Уставот од 19 91 година да минат скоро 6-7 години за да може на крај да дојде и да се постави на дневен ред. Но, без оглед на тоа мошне е потребно овој закон да се донесе, бидејќи оваа законска празнина многумина и од страна на политичките партии и одредени политичари па и тука од некои колеги пратеници го злоупотребиле тоа во интерес на нивните партии и нивните тесни интереси. За да не дојде до тоа добро е што Владата на РМ на крајот на краиштата го донесе овој закон на дневен ред, без оглед што овој закон не ги исполнува условите кои нормално ќе ги задоволеше сите тие празнини кои се во интерес на оваа држава која се вика Македонија, во која држава нормално дека живеат други националности, конкретно Албанци, Турци и други народи и■народности.

XXV/9.-

Времето кога се зборува и кога се донесе овој закон, по мое убедување е многу доцна, бидејќи токму во врска со тоа беа казнети многумина луѓе конкретно од Албанската националност кои заради тоа што беше вакум и празнина во овој правец, некој си нашол модус и законска основа под некои таканаречени важечки амандмани да ги казни луѓето затоа што го употребиле знамето или пак го манифестирале својот идентитет во одредени манифестации итн.

Бидејќи се работи за еден чувствителен проблем секој од нас треба да биде свесен дека во овој момент подобро е за нас и попаметно би било да чекориме во чекорите кои нормално ги сака и денешна Европа, а не за нас, за себе како што некој рече, конкретно ќе се осврнам на претходниот дискутант кој многу го ценам, почитуваниот професор кој добро ни кажа како не треба да постапиме како балканци, а истиот тој повеќе од балканец самиот постапи.

XXVI/1.-НН/ЉР

**ЗЕЌИР КАДРИУ:** (продолжение)

Јас се чудам зошто од некого бараме да биде цивилизиран, да биде човек кој ќе му припадне на времето и за вклопување на сите тие сегменти на сегашните услови кон Европа итн. почитувајќи ги Конвенциите што ги донесе овој Парламент и ред други работи кон кои сите сакаме да тргнеме, но никако во нашата свест да го менуваме тоа што е најважно - да станеме и да замислиме дека во конкретниот случај ни треба повеќе од секогаш да го ставиме на дневен ред по кој спокојството, разбирањето меѓу себе итн. Сигурно тоа га сака тоа само за себе, ама не и за другите, конкретно за неговите сожители, сограѓани итн.

Јас се чудам зошто пред неколку време кога беше запалена толку атмосферата во поглед на овој правец, кога во Гостивар се собрале голем дел на граѓани да го бранат знамето од разни причини тогаш беше многу експонирано и во јавноста, а причината беше сосема во друг правец. Првата плака, по мое мислење беше излезена од Уставниот суд зошто во конкретниот момент Уставниот суд нашол за сходно таа точка, невларгична точка да ја покрене кога има и многу други посериозни работи во своја надлежност. Јас се чудам, исто така како може еден најкомпетентен човек , конкретно претседателот на Уставниот суд еден ден да каже дека тоа е знаме на една туѓа држава и никако не може да се употреби, а утредента истиот да го промени својот став дека тоа знаме би можело да се употреби, сигурно после некои консултации со некои луѓе што се поспособни, покомпетентни и подлежени во тој правец. Јас сум убеден тој човек прв стартираше како претседател дека му требаше малку да се бори и да се покаже како голем македонец, во суштина во таквите суптилни прашања би требало луѓето да мислат подлабоко и да го чувствуваат тоа како еден проблем штос се однесува и што може да

тргнува кон некој патишта од кои што не би можеле лесно да излеземе. Но за жал тоа е така сите ние сакаме да бидеме подобри, да бидеме попрактични но густината е тоа и не како треба и уште ќе ни треба да размислуваме за да можеме да ги надминеме овие проблеми.

За да не должам многу јас некој работи сум ги напишал не само заради тоа и усмено да се кажат, туку предложениот закон навистина како чекор е добар. Во суштина не ги содржи тие елементи што би требало да се прифатат во конкретниот случај и никој од пратениците албанци, посебно јас од изборната единица од каде што доакам немам ниту смеам како таков овој закон да го прифатам. Зошто?

Бидејќи овој закон од една страна членот 2 и 1 се покажуваат како либерални членови а другите членови 3,4,5, па и 6 конкретно паѓаат во коализија во двата претходни члена и на некој начин го негираат тоа што е предложено во првиот и во вториот член. За да се аргументира тоа јас сум убеден дека и од страна на Владата и од страна на компетентните што го предложија овој закон во овој момент треба суштината на Законот малку поозбилно да ја сфатиме и да навлеземе во тоа да бидеме малку пофлексибилни во тој аспект за да можеме како 'закон да го прифатиме, а после тоа тој закон да најдат и потреба во сите сегменти на животот, конкретно таму каде што живеат албанцките. Ќе бидеме некоректни ако овој закон како таков го донесеме, а во суштина сите албанци не ќе можат тоа право да го искористат. Конкретните случаи ги спомна и претходниот дискутант, а тоа значи дека во некој дел ви каде албанците се во мнозинство ќе имаат можност да го употребуваат, а во некои делови не ќе имаат можност конкретно Крушево, Охрид, Прилеп, Велес. Струга каде прилично живеат албанци некоректно ќе биде кон нив и овој закон ако мине како таков голема неправда ќе се направи кон тие граѓани. Но, верувам дека ќе најдеме можности и ќе смогнеме сили во

моментот да преку предложените амандмани да ги ориентираме и да ги средиме некои работи во правец кај што треба за да можеме како таков законот да го прифатиме.

Јас нема да навлегувам во тие суштински и други елементи ко^нормално некој колети претходно ги спомнаа туку само нешто би рекол. Дека симболите треба да се почитуваат од страна на тие што ги донесуваат во прв ред, на тие на кои им се посветува и на тие нормално со кој заедно живеат. Ја тврдам дека поконкретно и појасно во овој правец, во овој поглед ќе беше едно излагање од некој специјалист, научен работник што го знае и познава добро хералдиката како наука што се бави со симболите но во конкретниот случај верувам дека сите нас ни требаат тие симболи без оглед каква национална припадност сме и кон тие треба да имаме почитување. Но тоа почитување треба да биде во таа мера што не би го донел и не би го загрозил интересот и на едниот и на другиот граѓанин во конкретниот случај би рекол да не го иритира. Јас велам дека во многу наврати некои луѓе намерно или ненамерно го злоупотребува тоа и сакаат во секој поглед да придобиваат и да стекнат политички поени што во никој случај не се добри во конкретниов случај и не се во интерес на понатамошниот живот.

Јас велам дека во правец на ова има многу да се зборува, сум убеден дека и во втората фаза ќе продискутираме има можност да се вклопиме во оваа расправа, а убеден сум дека ако направиме напори во поглед на некој промени во конкретниот случај законот треба во суштина да се гледа мислам дека и од страна на граѓаните без оглед дека за нив се донесат законите нема да бидат прифатени и верувам дека во одредени случаеви нема да се почитуваат.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:(**приложена дискусија)

Сега неколку збора во врска со Предлогот на законот за употребата на знамињата преку кој, како што се наведе, националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет \л националните особености .

На сите нас ни е познато дека потребата за донесување на предложениот закон произлегува од член 48 од Уставот на Република Македонија според кој припадниците на националните колективитети имаат право слободно да го изразуваат, развиваат и негуваат својот идентитет и своите национални особености, дека донесувањето на овој закон директно кореспондира со одредбите од Рамковната конвенција за заштита на националните колективитети, на правата во однос на употребата на знамињата . на националностите, а во конкретниов случај намерата треба да се подразбира како обид за заемно почитување и респект на едните кон другите. Како и прашањето кое знаеме ќе биде избрано е уште една предност за која националните колективитети сами се определуваат, како и се одлучуваат за нивните симболи во тие реони на државата каде што живеат.

Гласовите на одредени личности и одредени пратенички групи кои не сакаат да придонесат туку сакаат да придобијат^ се некоректни и со ова прашање не се промовира ново право, туку се регулира она што е присутно во практиката, која практика во текот на овие десет години station наназад, поради низа комунистички ориентации со одредени решенија и одлуки, значи без да го има предвид реалниот живот и волјата за градење на добри меѓунационални односи што се основа за натамошните активности.

2.-

Исто така беше предмет и празнината што до сега ја имавме во овој поглед и што по мое убедување нанесе многу штета и придонесе за заладување на меѓунационалните односи.

Да завршам, за да се исполни овој вакум, Предлогот на законот треба да претрпи измени кои нормално нема да остават дилеми и во поглед на потребата и во поглед на злоупотребата на знамето, односно и на другите симболи.

Тргнувајќи од суштината на овој предлог на закон морам да истакнам дека овој модел на закон би требало да биде поинаку и да влезе во една друга процедура за донесување на закон на знамето, а не посебно како закон за употреба на знамињата на националностите. Што значи дека ќе беше порегулирано ако за оваа сфера тргнеме од ваквите пропозиции: факт е дека наука која се занимава со знамињата, односно симболите воопшто на народите е **ХЕРАЛДИКА** која како најважни и најсвети работи ги цени:

- симболите и знамињата

- јазикот и културата.

Без сомневање е дека за сите погоре спомнати работи тргнуваме од политиката, интелектуалната и моралната одговорност за мирот и стабилноста на Република Македонија кое ќе има и пошироко значење на регионот.

Тргнувајќи од цврстата определба за толеранција и соживот, базирајќи се на фактот и сознанијата дека сите треба да придонесуваме за една активна креативност со што ќе ги надминеме сите политички и

3.-

национални незадоволства би дал предлог, а најадекватен е овој:

1. Актуелно знаме да биде на државата Македонија, значи знаме на сите граѓани,

2. Македонскиот народ да има свое знаме со кое длабоко емоционално и национално ќе се идентификува,

3. Исто така, Албанците слободно и официјално да го употребуваат своето национално знаме, кон кое имаат длабок емотивен и национален однос,

4. Ова право би го имале и другите релевантни националности во Македонија и

5. Оттука со закон ќе се регулира и санкционира службената употреба на овие знамиња и на крај со овој предлог ќе се легитимираат и санкционираат националните особености и ќе се стекне право за искажување на националниот идентитет, ќе се постигнува една висока систематизација кон почитувањето на овие симболи, ќе се избегнува конфузијата на заедничката припадност на знамињата и превентивно ќе се овозможува сето тоа што се случува меѓу нас и во крајна линија ќе се усогласи и санкционира со меѓународните норми и договори сета оваа празнина што со едно разбирање ќе се нормира во преложениот закон.

Што се однесува до предложените членови морам да кажам дека се во коализија едни со други.

4.-

Додека членовите 1 и 2 децидно го елаборираат значењето на употребата на знамињата преку кои ќе се изразуваат националниот идентитет и националните особености, членовите 3, 4 и 5 го омаловажуваат и во крајна линија ја скратуваат употребата на знамето само во приватниот живот.

**Дигресија.**

Значи децидно се наведува во колкава мера е дозволена употребата на знамето и каде, односно во кои случаи може да се употребува (мескинска), нова поделба. каде што припадниците на националностите не се 20%'не ќе можат да го користат тоа право.

И членот 6 каде што се предвидени казнените одредби мислам дека се превисоки и треба- да се намалат и на крајот од краиштата не ќе имаме успех преку овие предвидени казни за да ги регулираме~ работите, туку преку други форми кои ќе ги регулира овој закон.4

За сето ова горе спомнато целта ни беше дека ако едно право се усвои тоа право да се овозможи сите подеднакво да го користат како во органите на единиците на локалната самоуправа, така и преку јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија кои ги основа единицата на локалната самоуправа.

Со ова се надминува одредбата од Рамковната конвенција за заштита на националните права, ратификувана во Собранието на Република Македонија на 27 февруари 1997.

XXVI/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Коцевски

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потрпетседателе, почитувани дами и господа

почитувани претставници на Владата, Законот за кој раскраваме вечерва како ретко кој закон кој влегол во Собраниска процедура во овој мандат во Собранието предизвика многу интересирање кај јавноста различни оценки и контроверзии и морам да кажам уште на почеток дека барем луѓето со кој имав јас прилика да контактирам во овој изминат период изразија масовно неприфакање на овој закон и голема огорченост заради неговото предлагање. Исто така подготвувајќи се за денешната седница имав можност да консултирам и документација и литература за тоа како се овие прашања регулирани во Европските држави и во Светот, имав прилика да разговарам и со повеќе еминентни политичари, научници, експерти за човекови права кои се разбира без аргументи г-динот Рамадани ги нарече дека се националисти и чие мислење исто така одеше во правец на неприфакање на овој Закон. Од сето тоа мене ми се наметнуваат следните отворени прашања и дилеми:

Прво,каква е потребата и кои се причините поради која Владата го предлага овој Закон и што сака со него да постигне,

Второ,Каква е политичката и правната заснованост за донесување на истиот,

Трето, какви се искуствата во Европа и Светот за регулирање на материјата од оваа област,

Четврто, зошто е избран баш овој термин за предлагање на законот, и

XXVI/5.-

Петто, какви се можните ефекти и последици од донесувањето на Законот.

Мојот став е дека нема ниту потреба, ниту Уставен основ или пак меѓународна поткрепа за донесување на ваков закон. Сметам дека ќе, беше најдобро Законот воопшто да не се најдеше на дневен ред на денешната седница. Затоа Предлогот на Владата го третирам како исклучително лошо решение со долгорочни, несогледливи штетни последици по виталните интереси на државата Македонија и сите нејзини граѓани свесно или несвесно насочен против градењето на довербата и интеграцијата што на подолг рок ќе доведе до не доверба и безинтеграција. Овој потез и не може поинаку да се третира освен како уште еден политички пазар во низата направени во последно време во коалиционата влада зад грбот на граѓаните, а наводно за нивно добро и во нивно име со единствена цел што подолго задржување на власта.

Единствено политички логично образложение би било дека доколку не се реши со закон и баш на ваков начин употребата на знамињата на националностите поради заканите во Македонија ќе има голем граѓанска непослушност, масовно непочитување на Уставот и законите, бојкотирање и девалвирање на симболите, а некои велат и меѓуетнички конфликти. Но дали е тоа вистина, вистински или измислен страв пласиран во форма на притисок. Јас сепак сум убеден дека најголемиот дел од државјаните на Македонија од албанско етничко потекло ќе сфатат дека ова е и против нивните витални интереси затоа што не е резултат на некоја вистинска суштинска стварна потреба која ќе им го подобри животот пред се на економски и социјален план, туку дека е резултат на усвитените глави на некои радикални поединци, кои вештачки го наметнаа овој проблем без уставна и законска основа со максималистички барања, користејќи ја тешката состојба во која се наоѓа

Македонија, за постигнување на целите кои во континуитет ги заговара за воведување на паралелизмот во Македонија на голема врата и создавање од Македонија на двонационална држава со евентуални промени на Уставот стекнување на статусот на етничките албанци на државотворен народ. На ваквите тези многу им одат во прилог јаловата непродуктивна колеблива и компромистерска политика на Владата која очито сеуште не е спремна да се соочи со овие крупни прашања и ги остава за некои подобри времиња. Примери за тоа се нелегалниот Универзитет со наставна Албански јазик во Мала Речица за кој иако премиерот лично од оваа говорница изјави дека ќе ги примени сите средства на правната држава за да ја спречи наставата на тој универзитет до година ќе излезат спротивно на тоа, првите дипломирани кадри од тој универзитет, како и на спроведувањето на одлуката на Уставниот суд. Или, нема јасна стратегија за развојот на Македонија, пред се, во нејзините меѓуетнички односи.

Поради тоа многу цинично и како излитени фрази звучат изречените пароли "Македонија е се што имаме", "секогаш напред", "се за Македонија" кои, како што покажува времето, беа само пропаандистички изборни пароли.

Длабоко сум убеден дека донесувањето на овој закон нема воопшто да ги подобри меѓуетничките односи во Македонија, можеби на краток рок само ќе ги амортизира, но сепак долгорочно ќе внесе уште поголема недоверба во меѓуетничките односи во Македонија чии последици можат да бидат трагични и кобни по нејзиниот опстанок како држава во ова немирно подрачје на Балканскиот полуостров.

Сето тоа би било во ред, доколку тоа го бараат уставните решенија и доколку е тоа стандардизирано со меѓународни прописи што би било обврска на сите земји во светот, па и за Македонија.

XXVI/7.-

Во случајов за среќа сите такви аргументи не упатуваат токму на спротивното.

Прво, по Уставот на РМ, член 5 се вели дека државни симболи се грбот,знамето и химната со кои се изразува државниот суверенитет и територијалниот интегритет, што значи дека Уставот не предвидел симболи на националностите, односно за малцинствата, туку само за државата.

Второ, член 48 од Уставот го гарантира правото на малцинствата слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и национални особености, што значи обичаи, култура, јазик, традиции на соодветен начин, но не и со симболи како што се грбот, знамето и химната,

Трето, во ниедна резолуција, декларација,повелба и друг документ на Генералното собрание на ОН, или на било која друга меѓународна асоцијација освен негувањето, изразувањето и развивањето на идентитетот и националните особености не е предвидено малцинствата да имаат право на национални симболи - грб, знаме и химна.

Четврто, во меѓународното право, теорија и пракса непознат е ваквиот начин на регулирање на оваа материја со исклучок на неколку земји, посткомунистички  како што ги нарекуваме земји во транзиција каде по инерција како последица на остатоците од стариот колективистички систем во различни форми се практикуваат. Ќе ги наведам следни примери.

Во земјите членки на Советот на Европа знаме на национално малцинство не постои како термин во ниту една држава. Во Украина во Законот за национални малцинства од 1992 година,како и Декларацијата за правата на националните малцинства се зборува само општо, а не и

конкретно за правата на национални симболи. За симболи и амблеми на национални малцинства се зборува во Уставниот закон за човекови права и слободи и права на националните и етнички заедници, или малцинства во Република Хрватска од мај 1992 година, но во Секретаријатот на Советот на Европа на него се гледа како на неуспешно решение и поради тоа несоодветен е примерот што го спомна г-динот министер.

Кипар има во Уставот Решение кое предвидува евентуална употреба на грчко и турско знаме на Република Кипар, на јавните објекти но тоа нема вистинска практична смисла бидејќи специфичноста на Република Кипар знаете не соодветствува и не е адекватен пример за да се третира од доменот на националните малцинства.

Единствено, Словенија заради интересите на словенечкото малцинство во Италија има решение за употреба на замижа на италијанското и унгарското малцинство, но истите се оспорени и за нив во моментот се води постапка за укинување пред Уставниот суд на Република Словенија.

XXVII/1 ПЈ/НД

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Знамето на Каталонија во Шпанија има третман на знаме на територијална одбрана, а не знаме на малцинство. Во Словенија, Литванија, Чешка и Романија употребата на знамињата на други држави е регулирано со закони за државното знаме односно со закон за единиците на локалната самоуправа, слично како што ние тоа го направивме вечерва.

Во рамковната конвенција за човековите права не постојат прописи што би ја регулирале употребата што би ја регулирале употребата на симболи на националните малцинства. Поради тоа сите цитирања на рамковната конвенција се потполно неточни и неиздржани. Во Романија не е со закон дозволена употреба на национални знамиња, но малце се толерира употребата на унгарското знаме од страна на унгарското малцинство во Романија, но без апликација на истото на унгарскиот грб и со .задолжителна употреба на знамето на Романија. Постои исклучок во една сојузна покраина Саксонија во Сојузна Република Германија каде што статусот на малцинството им се признава на Зорбите чиј број изнесува некаде околу десет илјади кои можат да го употребуваат своето знаме но со задолжителна употреба на државното знаме. И како пример во соседна Република Албанија, иако е бројно грчкото малцинство, за македонското не би зборувал,у тоа нема никакво право за употреба на симболите на националното малцинство. Тоа е и во спротивност на концептот за изградба на граѓанска држава и општество во кое сите граѓани без оглед на етничката припадност како припадници на нацијата во државјанска смисла се носители на суверенитетот. Во спротивност е исто граѓанскиот концепт на нашиот устав според кој сите граѓани државјани на Република Македонија се рамноправни без оглед на нивната етничка, верска, социјална или друга припадност како граѓани, а не како припадници на одредени колективитети,

XXVII/2.-

Поради тоа донесувањето на овој закон ќе биде преседан без уставна и правна подлога, без заснованост во теоријата и праксата во меѓународните односи. Во сите граѓански држави вообичаено е знамињата да се државен симбол што означува припадност на одредена држава, со кои се изразува државниот суверенитет и територијалниот интегритет. Затра, евентуалното донесување на овој закон со кој ќе се овозможи спротивно на меѓународните стандарди во форма на знаме на националност или малцинство, да се употребуваат во нашата земја, не значи ништо друго освен проширување на суверенитетот на други држави врз територијата на нашата земја.

Виенската конвенција од 1961 година ги утврдила меѓународните стандарди за употреба на знамињата на државите екс територијално односно на територијата на друга држава многу прецизно само на просторот на дипломатските и конзуларните претставништва, резиденцијата на шефот на дипломатското претставништво и на неговите превозни средства, а со други конвенции и прописи е регулирана употребата на знамињата и другите ознаки на превозните средства во меѓународниот сообраќај или при посета на други земји.

На припадниците на сите малцинства, како и етничките Македонци сите државјани на Република Македонија, знамето на државата Република Македонија е нивно знаме без разлика на националната припадност. Доколку го прифатиме овој предлог би навлегле во теренот на тезите на господинот Џафери дека не само што треба да има знамиња на малцинствата, албанците, турците, ромите, србите, туку дека треба и македонците да имаат свое национално знаме, покрај државното знам е на Република Македонија. Тоа би било скандал што се нема случено во историјата на народите и државите и Македонија дефинитивно би станала земја на експерименти во која ќе се тестира примената на нестандардни решенија спротивни на нејзиниот устав и меѓународната пракса.

XXVII/3.-

Притоа, сакам да потенцирам дека знамето на Република Македонија е знаме на сите граѓани, државјани на Република Македониаја од македонско, албанско, турско, ромско, српско и друго етничко потекло, како што и знаме на сите граѓани државјани на Албанија албанци, грци, македонци и други а не само на албанците.

Со членот 7 од Законот за локална самоуправа регулирано е правото на единиците на локалната самоуправа за поседување на знаме и грб, но со јасна одредба дека тоа не смее да биде исто со знаме и грб на било која држава. Затоа не ми е јасно кои се мотивите што ја натерале Владата во Законот за локална самоуправа да навлезе во детали и опишување како треба да изгледа знамето на единицата на локалната самоуправа, а со овој закон дозволува припадниците на малцинствата сами да го избираат знамето и ја отвора можноста односно констатира фактичка состојба дека тоа може и се разбира ќе бидат знамиња на други држави.

Уште еднаш Владата како овластен предлагач на закони ја потврдува својата недоследност и непринципиелност. На раширената теза дека доколку не се донесе овој закон на малцинствата би им се одзело веќе еднаш стекнато право, ќе ги спротивставам следните факти. Точно е дека со законот за употреба на знамињата од 1973 година беше дозволена употреба на знаме на малцинство, но исто така е точно дека со уставните амандмани од 1989 година тие одредби се укинати. Јавноста треба до знае дека тогашните раководители на Македонија направиле груба грешка кога поради превирањата во македонската политичка сцена, се сеќавате на настаните после 1971 година и во името на братството и единството го донеле овој закон правејќи се поголеми католици од Папата без добро да размислат и без да ги проценат можните последици. За разлика од нив во ниедна република на тогашна СФРЈ ваков закон не бил донесен. Тоа значи дека тезата за одземање на

XXVII/4.-

веќе стекнато право е неодржлива, затоа што наводното стекнато право е преседан и исклучок непознат и во другите републики на СФРЈ, ниту пак негде на друго место во светот. Затоа, несфатлива е изјавата на министерот за правда почитуваниот господин Спасов дадена за "Нова Македонија" дека ако знамето е длабоко вкоренето во чувствата на некоја националност, зошто да не биде и знаме на друга држава и додека Владата не ограничува какво ќе биде знамето, ниту мисли дека е проблем ако биде и знаме на друга држава. И се би било во ред ако тоа го изјави некој лаик. Но, ако тоа го изјави министерот за правда без да изнесе било каков валиден документ или пак како поткрепа, тоа се разбира, звучи премногу наивно непрофесионално и кусогледо, со што Македонија ја промовира наместо во стабилна држава со хармонички добри меѓуетнички односи, во големо експериментално подрачје. Со тоа човекот кој поради природата на својата функција најмногу од сите треба да ги штити законите и Уставот остава голем простор за ерозија на моралот бидејќи поаѓа од тоа дека постојната пракса, која иако е противзаконска и противуставна треба да се легализира заради навод-но смалување на меѓуетничките односи, не ги презема сите законски мерки на правната држава за да ги спречи дејствата насочени против уставниот поредок, кој ќе се сложите ако навреме не се преземат може да доведат до нестабилност и негово рушење. Едноставно тој и Владата се должни да го обезбедат суверенитетот на целата држава и почитувањето на законите, исто така на територијата на целата земја.

Затоа, уште еднаш сакам да потенцирам дека ова е преседан што зборува за големата заслепеност на сегашната Влада бидејќи со овој предлог прави лош компромис не сакајќи да се соочи со проблемот и го одложува за некои подобри времиња, кога убеден сум, ќе биде премногу доцна и ќе нема враќање назад, за што креаторите ќе бидат осудени

од следните генерации. Со ова решение проблемот не се решава туку во поизострена форма и во поинакви облици ќе се јави подоцна кога решенијата ќе бидат јалови, задоцнети и непродуктивни.

Вие господа министри, поради некои за мене нејасни причини влегувате во пазарења со ниски цени, слаби и лоши преговарачки позиции и попуштате на прашања што се од витален државен интерес каде што не смее да има ниту пазареше, ниту попуштање, бидејќи за тоа нема потреба, ниту пак имате мандат од граѓаните во чие име ќе го донесете денес.

Вие, всушност, доцните со години, бидејќи чекавте да се случат настаните во Гостивар за да ескалираат настаните, за да под дејство на притисок го предложите овој закон по скратена постапка со што не спречувате, туку гаснете пожари. Не можете да се соочите со причините, па затоа се занимавате со последиците свесно играјќи се со недозволени нешта во обид да го свртите вниманието на јавноста од тешките економски и социјални проблеми и големите криминални афери.

Јас искрено верувам дека огромен дел од граѓаните, како и дел од пратениците на Социјалдемократскиот сојуз не се согласуваат со овој закон, поради што се во голема морална дилема дали да бидат поуспешни  и да ја спроведат партиската директива, или пак самостојно да гласаат по своја совест, ризикувајќи дел од своите привилегии. Сите нив би сакал да ги охрабрам, бидејќи воопшто нема да погрешат доколку се спротивстават на овој закон, со што ќе докажат дека пред се и над се им се државните интереси, а не дневно – политичките пазарења заради останување на власт по секоја цена.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Госпоѓа Трајановска има збор.

XXVII/6.-

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван потрепретседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани господа пратеници!

Знамето претставува симбол на припадноста. Знамињата во денеше облик се појавуваат уште во деветтиот век и се смета дека прво знаме во- вела Византија во 820 година. Губењето на знамето во борбата претставувало најголема срамота за војниците. Меѓутоа денес проблемот со знамињата е дел од волшебната формула на власта т.е. на премиерот за зачувување на позициите. Се измислуваат меѓуетнички тензии за да се сврти вниманието од економските проблеми. Како поинаку да се толкува проблемот со знамињата кој е стар, само во суверена Македонија стар цели 6 години, а денес е итен и неодложен. Сметам дека овој закон е навистина беспредметен, не решава никаков проблем. Напротив, тој ќе создава проблеми.

Светската пракса не познава вакви законски решенија, со извесни исклучоци,но никаде не се виори знаме на друга држава како обележје за одредена националност. Уште повеќе во постојното државното знаме на Република Македонија не постои рационално македонско обележје. Тоа е знаме на државата Република Македонија, им припаѓа на сите граѓани подеднакво па нема потреба од употреба на знамиња на националности што ќе ја симболизираат нивната припадност. Лично би запрашала кој ќе биде механизмот кој ќе овозможи почитување и примена на овој закон ако само малку се потсетиме на настаните кои претходеа на донесување на овој закон. Ова е предлог на Владата. Ова не е предлог на албанците или некој друг. Со овој закон новоформираната Влада на господинот Црвенковски само шири конфузија во Републиката. Моите забелешки не се однесуваат на првата на малцинствата. Ова се однесува за употребата на симболи на друга држава. Сметам дека ова е непотребен чекор на Владата кој може да не одведе во бездна. Владата непотребно

навлегува во нормирање на приватноста и приватниот дел од животот, па на тој начин ни го ограничува суверенитетот Македонскиот народ кој по природа е мирен и трпелив се заплашува со пукање и со крв, па треба да го проголта и овој закон за знамињата бидејќи вака е добро, може да биде уште и полошо.

Октоподот толку порасна на сите страни ги рашири своите пипци, па почна да ги гуши дури и своите творци. Народот незадоволен од состојбата се повеќе е на улица, се погласно се говори дека не ги сака оние на власт, а сега од нафталин се вади проблемот на знамињата, заборавајќи притоа дека се игра со оган.

Уште посимптоматично е тоа дека овој проблем кој има подлабоки корени денес се користи за дневна политика е односот кон него на борците. Ме изненадува нивниот молк по ова прашање.

Албанското знаме го употребувале националистичките и терористичките групи за време на Втората светска војна. Албанското знаме се употребувало во периодот од 1945 до 1951 година и повторно во 1967, па се до сега. Со ова знаме тие практично демонстрираат суверенитет низ Македонија. Она што се случуваше минатата година на митинзите во Западна Македонија и оваа година, почнувајќи од 2 3 јануари, откога се вее албанското знаме во Гостивар не значи ништо друго туку негирање на македонскиот суверенитет » државност на територијата на Република Македонија.

Албанското малцинство во Република Македонија уште со несогласувањето и неприфаќањето на Уставот на Република Македонија од 17 ноември 1991 година од страна на пратениците албанци, јасно сигнализираше дека тие ќе јурушаат на отцепување на делови на македонска територија која никогаш не била албанска. Во Македонија за жал, актуелната власт дозволува чекор по чекор со максимална толеранција и создавање на албанска Македонија. Всушност, тоа е цехот

XXVII/8.-

со коалициониот партнер со цел опстојување на власта по секоја цена. Овој закон ако вака се донесе значи крај на државниот македонски суверенитет во повеќе делови на земјата, а исто така и во двете новоформирани општини Зајас и Ослмеј, што произлегоа од рамките на старата општина Кичево. Не ќе треба повеќе од деценија, па и пред зградата на општина Кичево да се виори знамето со двоглавиот орел, а тоа ќе значи заокружување на територијата на Илирида што албанците пред некоја го- дина ја исцртаа и упорно работат на неа. Следните чекори секако ќе бидат пеењето на државната албанска химна, наметнувањето на јазикот за службен како паралелен и така по ред. Со донесувањето на овој закон сметам дека веќе ја минуваме црвената линија и се преминува во зона која за Македонија е непожелна.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господин Шаќири има збор, процедурално.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Јас би сакал на госпоѓата да и објаснам една работа, бидејќи за говорница истакна дека албанското знаме се употребило од националистички интереси. Тоа не е точно. Бидејќи јас знам и сигурен сум дека од историјата албанското знаме е употребено односно го употребиле и партизанските одреди од 1941 до 1945 година, до ослободување на македонската територија и територијата на СФРЈ на поранешната федерација на Република Југославија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам ова не е процедурално.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

А што се однесува до она што господинот Коцевски рече дека сигурноста на една држава зависи само од македонците, господине Коцевски направивте голема грешка. Сигурноста на државата не зависи само од македонците туку и од албанците.

XXVII/9.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господине Шаќири го злоупотребувате вниманието на пратениците и ве молам напуштете ја говорницата.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Бидејќи и албанците се дел од оваа држава. Ова треба да го знаете и вие а ние како албанци не сме криви што вие ги изгубивте локалните избори и сега со невистините работи што ги изнесувате пред оваа говорница сакате да добиете поени пред македонскиот народ. Јас мислам и уверен сум дека македонскиот народ не е толку наивен да се продава за такви ефтини пари.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господине Шаќири е некоректно од вас што под форма на деловничка интервенција имавте дискусија. Навистина не е фер. Нема врска со деловничка забелешка, па ве молам напуштете ја говорницата. Уште еднаш велам, ве молам напуштете ја говорницата.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Вие зошто не интервениравте. Тоа беше во ваша надлежност, меѓутоа јас бев должен да интервенирам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господинот Коцевски бара реплика.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Господинот Шаќири или не слушнал добро или лошо му пренеле јас во ниеден момент во моето излагање не реков дека стабилноста во Македонија зависи само од македонците. Токму напротив и мојот личен став и ставот на Либерално - демократската партија е дека за стабилноста на Република Македонија повеќе од се се потребни добри хармонични и меѓуетнички односи и секогаш разрешување на прашањата низ дијалог, толеранција и меѓусебно почитување.

XXVIII/1.-ЛП/МЛ

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господин Станковски има збор.

Господинот Андов бара деловничка интервенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека расправаме за многу сериозна работа и многу важно е да имаме вистинска атмосфера, да можеме мирно, разложно со аргументи да си ги изнесуваме своите ставови. Бидејќи нешто се загрева атмосферата, а овде нема доволно парламентарци, а исто така е многу длабоко во ноќта, јас би молел ние да прекинеме со работата вечер. А Владата, нека не командува овде, тоа не личи ништо Владата да забранува или да наредува кога да работиме и кога да не работиме. Ве молам, па тоа е скандал. Овде се работи за многу важно прашање а 11 часот е. Што се случува, зошто да не можеме утре да работиме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, сепак претседавачот одлучува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш барам пауза од два часа да се консултирам со мојата праеничка, група. Дајте ни пауза. _

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господинот Шаќири има збор.

Ве молам, вие инсистиравте сериозно да пристапиме и јас ве молам и вие сериозно да пристапите кон сета оваа работа.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

На господинот Коцевски сакам да му кажам уште една работа, бидејќи тој сакаше да биде како заштитник на Република Македонија и

непочитувајќи некои принципи, па дури да кажам и некои историски факти, како да паднал од марс, како да не го познава проблемот во врска со употребата на албанското знаме, национално знаме. Дури од 1941 година наваму, па со законот од 1973 година, мислам дека не претставува ништо ново и сега ме зачудува неговата дискусија дека Владата направила некоја крупна грешка, а ние мислиме дека дури со овој закон што е предлог на Владата ние не сме задоволни, бидејќи сите знаеме како е решен овој проблем со законот од 1973 година. И господинот Коцевски знае подобро од нас и треба да го каже вистинскиот збор пред оваа говорница.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Станковски.

Ве молам да се повикаат пратениците што се надвор пред сала да влезат во салата.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господо, почитувани членови на Владата. Се извинувам што сум на ред меѓу последните за збор, би молел за внимание, јас сум секогаш краток. Затоа, ги почитуван сите, ве молам да ме сослушате.

Би сакал да кажам дека Владата на Република Македонија предлага закон кој го тангира секој наш граѓанин, независно дали се работи за Македонец, Србин, Влав, Турчин, Албанец или Ром. Значи една тема која е од исклучителна важност за секој поединец. Мислам дека е направена една голема грешка што овој закон се донесува по скратена постапка и не се дозволи да се чуе гласот на јавноста, гласот на науката и така сублимирано тука во Парламентот да расправаме по тој закон.

Ќе искористам прилика, бидејќи јавноста не беше воопшто консултирана за овој закон, бидејќи се донесува по скратена постапка, да прочитам неколку изјави на јавни личности околу оваа тема.

Иван Тошевски: меѓународните правни инструменти не постои ниту може да се извади поимот знаме на национално малцинство. Знамето е еден од симболите на суверенитет на државата и доколку на еден број на граѓани, особено со закон, би им се дозволило да користат знаме како симбол на свој етнички идентитет, суверенитет и идентитетот на државата се доведени во прашање".

Љубомир Цуцуловски: "Знамињата се секогаш државен симбол и означуваат припадност кон одредена држава, така што ова што сега се прави со предложениот закон е нешто што е спротивно на самата практика и теорија, бидејќи уште еднаш знамињата не можат да имаат национален, туку државен карактер".

Вие сигурно сте ги читале сите овие изјави на познати научни работници. Ова за мене е јавност.

Сега малку околу уставниот основ за донесување на овој закон. Беше спомнато, мислам дека не е спорно и тука не треба да спориме дека1воопшто во Уставот на Република Македонија се наоѓа основ за донесување на ваков закон, ниту во членот'5 Ниту во членот 48. Тоа не сакам да го образложувам, бидејќи гледам дека сте нетрпеливи. Меѓутоа ќе кажам дека само во Уставот во членот 48, кој многу вешто се користи, е дадено каде насловот на самиот закон - конкретно пишува: "Припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат својот идентитет и национални особености". Ова е насловот на законот. Е сега вели: "Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите".

XXVIII/4.-

Припадниците на националностите имаат право да основаат културни и уметнички институции, научни и други здруженија заради изразување и негување на својот идентитет. Значи, точно е дефинирано како и на кој начин треба да се изразуваат идентитетот на националностите. ј

За да го освежам малку ова мое монотоно излагање, ќе ви кажам еден пример. 197 7 година, кога престојував во Америка имав прилика да присуствувам на една свеченост, поточно во државата Калифорнија, каде безброј националности приредуваа журка, каде што секој ја играше својата игра, својот фолклор, своите обичаи, а на нив им се придружуваа националности од другите националности и учеа од нив. Преку тоа јас го гледам сочувувањето на националниот идентитет. Тоа се културните вредности, тоа е демократија.

Трето, и самата Влада господинот министер во текстот на овој закон признава дека постои никаква конвенција кога. не обврзува да донесеме ваков закон. И јас се согласувам, точно е тоа, беше речено неколку пати го потврдува. Не постои никаква конвенција која нас не обврзува да донесуваме ваков закон, а ние правиме закон по желба за да удоволиме некоја желба. Веројатно Владата има некаква обврска, треба да ја исполни таа обврска и сега е доведена тука да треба да го донесе тој закон за да ја исполни таа обврска.

Околу практиката, практицирањето на вакви закони, ќе ви кажам. Точно е тоа, господинот Аце Коцевски прецизно кажа дека само во неколку земји се донесени вакви закони за користење на националното знаме. Јас нема да го повторувам тоа. Ќе ви кажам само едно. Законот во Словенија е оспорен од Државниот совет на Словенија и од група пратеници. Во септември со голема веројатност се очекува овој закон за

употреба на национални знамиња да биде укинат. Според тоа, ете, една права вистина, една информација дека практицирањето се покажало како не во ред.

На крајот ќе кажам дека јас лично бев, како и мојата Либерално - демократска партија воопшто против донесувањето на ваков закон. Но бидејќи мнозинството надгласа, сега расправаме, јас ќе бидам искрен и ќе ви кажам, ќе гласам против овој закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Соколовски има збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, очигледно дека овие доцни саати не доведуваат во ситуација со одредена тензија, замор да дискутираме за една навистина сериозна тема и еден сериозен предлог за донесување закон. Но веројатно ова не е ни прв ни последен пат, како што гледам дека се форсира некое темпо кое е несватливо. Меѓутоа, очигледно е дека на еден ваков начин, кој е нерегуларен од аспект на нашиот замор и од аспект на се она што се случува околу нас, да донесуваме сериозни закони, а сепак таквата ситуација и тензија се случува да донесува прегрешни заклучоци и погрешни закони.

Накратко ќе ги кажам моите впечатоци околу предложениот текст. Го слушнавме воведното излагање на г-динот министер и читајќи го законот, пред се причините поради кои треба да се донесе законот, се добива впечаток дека токму поради тие причини и не треба да се донесе Законот, бидејќи сите тие причини по ред наредени не се доволно аргументирани и не докажуваат дека навистина овој закон е потребно во овој момент да се донесе. И не случајно, поради тој факт пратениците на

Либерално -Демократската партија бараат оваа точка да се одложи од расправа од оваа седница.

Имено, читајќи ги причините поради кои треба да се донесе овој закон, се вели дека како основ и услов за донесување на овој закон е членот 48 од Уставот и под наводници е кажано "дека припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат и негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености. " Имено, членот 48 од Уставот во својот став 2 вели: "се гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите, практично ги дефинира индивидуалните права на националностите но не и колективните права што практично овој закон сега ги нуди. Имено во членот 5 на овој |закон се предлага еден колективен или колективитет или право на еден колективитет за истакнување на една национална особеност или симбол тоа е знаме и во членот е дефинирано дека точно само мнозинскиот дел ја има таа привилегија во одредено место на живеење да го истакне тој свој симбол. Што значи дека сите други националности кои се во многу помал број го немаат тоа право, од што јасно се извлекува заклучокот дека се работи за еден политички компромис, се изразува со една националност во нашата држава, со цел да се смират некои состојби, односно да се решат -некои дневно политички состојби кои ги имаме во западниот дел на нашата држава.

Понатаму, во вториот став од причините поради кои треба да се донесе законот е спомната Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, со која се овозможува почитување на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на националното малцинство и се создаваат услови за изразување насочување и развој на тој идентитет. Мислам дека оваа Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства доста дискутанти ја спомнаа а госпоѓа Митрева доста добро го елаборираше

овој дел. Само би ги потенцирал оние делови каде што јасно и гласно стои дека во таа Рамковна конвенција никаде во ниеден член, во ниеден став не е спомнат националниот симбол, знаме, и правото на тие национални малцинства да го истакнуваат тој национален симбол или национални особености, што значи дека никаде во Европа во земјите кои ја потпишале оваа Рамковна за заштита на националните малцинства, како што е и нашата земја и ја ратификувале не е дадено тоа право, што значи дека ние практично правиме некој преседан, односно донесуваме закон со кој правиме преседан -воведување на такво право кое не е ниту по меѓународното право дадено во земјите во Европа кои веќе ја почитуваат оваа конвенција

Она што е најбитно, во таа Рамковна конвенција е спомнато дека за спроведување на таа Рамковна конвенција е многу битно да се почитува Уставот и територијалниот суверенитет на земјата односно државата која ја потпишала таа конвенција. Што значи дека јасно, со почитување на Уставот и на нашата држава, а во Уставот на сите ни е јасно дека никаде не е спомнат националниот симбол знаме, бидејќи националната особеност како можност за употреба, значи дека ние практично сега бараме начин да не го почитуваме Уставот, односно со други зборови се е дозволено што во Уставот не е ограничено или она што е. ограничено во Уставот се почитува она што не е спомнато може да се применува. Сметам дека тоа е исто така еден преседан кој во причините за донесување на овој закон апсолутно не држи.

Во третиот став од причините се спомнува дека е евидентно дека постојат припадници на националностите во Република Македонија, кои сакаат меѓу другото да го изразат својот национален идентитет и особеност и со употребата на симболот знаме. Токму зборовите "меѓу другото", асоцира дека може утре овој ист Парламент да расправа за

донесување на национална химна, химна на националностите и употреба на грбот на националностите и т.н. што значи дека дава една ширина, во тој контекст на "меѓу другото" припаѓаат и други права кои не се спомнати, а асоцираат на оние работи што треба на некој начин да следат како некакво право, некаква национална особеност што треба да се добие со текот на времето. Сметам дека овој став, тоа е трет став од причините е доста нејасен и нејасно дефиниран.

Јасно дека знамето во секоја држава претставува некаква сувереност и не случајно секоја амбасада во секоја држава поставува држава на онаа територија каде што амбасадата е практично ограничена и не случајно во историјата има маса дисиденти кои пребегнуваат на тие територии на амбасадите за да можат да ги остварат своите права на слобода, човековите права, што значи дека знамето сепак претставува некаква сувереност.

Од друга страна, во членот 1 од Уставот на Република Македонија во ставот 2 е јасно кажано дека суверенитетот на Република Македонија е неоделив, неотуѓив и непренослив, значи многу јасно и децидно што е тоа суверенитет. А во членот 2 во ставот 2 е кажано дека тој суверенитет произлегува од граѓаните на Република Македонија и припаѓа на граѓаните, додека во членот 5 јасно е кажано кои се тие државни симболи, значи, грбот, химната и знамето .со кои се дефинира нашата држава.

Според тоа, потполно е нејасно што сега со употребата на знамето и што ако тоа знаме е преземено од некаква странска држава и што ако тоа знаме се постави на јавна институција како што стои сега и што претставува тоа и на кој начин се идентификува односно предизвикува иритираност кај граѓаните.

Во членот 2 што е предложен во текстот во ставот 2 вели вака: "под знаме во смисла на став 1 на овој член се подразбира знаме што

припадниците на националноста го избрале или го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и националните особености". Значи дека предлагачот на законот признава два типа на знамиња. Еден тип на знамиња е тоа што се употребува, значи на некој начин може историски се употребува значи веќе стекнато право на некакво знаме. Тоа кај нас го имаат две националности, албанската и турската и подразбира друг тип на знаме на националности,тоа што значи го избрале, што значи дека сите други националности кои се 36 во државата треба на некаков начин, дали со референдум, дали на некаков друг тип на собири да го бираат своето национално знаме. Сега замислете што значи тоа во некаква процедура на некаков референдум кога да кажеме ромите, власите, србите, да не ги набројувам сите 36 националности и национални малцинства го бираат своето национално знаме и што ќе значи тоа во една ситуација кога тие со законот ќе имаат право тоа да го презентираат на одредени културни друштва и други собири.

Од друга страна членот 2 апсолутно не ја дефинира ниту формата ниту изгледот на тоа знаме во смисла на димензии, така што не случајно како пратеници на Либерално - Демократската партија дадовме еден амандман на членот 2, за да кажеме односно да внесеме дека тоа национално знаме не смее да биде знаме на странска држава.

Во членот 3 во ставот 1, односно тоа е единствен став вели вака: "Припадниците на националностите знамето од членот 2 на овој закон имаат право да го употребуваат при празнување во приватниот живот и при одржување на културни, спортски и други приредби". Сега прашувам, при одржување на приватни свечености или свечености од приватниот живот кога на пример се прават разно разни свадби, верски одредби итн., ако се користат простории на претпријатија, угостителски може да бидат ресторани, се користат простории на организации, спортско културни, се користат простории што се назначени во членот 4 на

спортски друштва и др., може да се случи физичкото лице кое слави едноставно да го истакне знамето пред тоа претпријатие или во таа организација во тоа друштво. Значи ли тоа дека тогаш е прекршен законот и што ќе се преземе тогаш за симнување на тоа знаме, односно за поведување одредена постапка спрема прекршителите.

XXIX/1 сс/мп

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (Продолжение)

Исто така, како што спомнав во членот 4, јасно кажува дека не смее да се истакнува тоа знаме, во ставот 3 во органите на единиците на локалната самоуправа. За, во членот 5 да се демантира тоа и се дава, како што спомнав на почетокот колективитет само во мнозинскиот дел да се истакнува, значи сепак асоцира на некаков политички договор, очигледно со една националност за да, веројатно, се смират некакви бурни политички тензии што се јавуваат во државава.

Во членот 6, тоа во казнените одредби се зборува, исклучиво се зборува за правни лица или за одговорни лица на правните лица. Никаде не се спомнати физичките лица. И, како што реков ќе се случи на одредени приватни веселби, приватни манифестации, на јавни објекти каде се одржуваат тие приватни манифестации, веселби да се истакнуваат тие знамиња и едноставно да се дојде во непријатна ситуација да не се знае што ќе се направи.

Јас повеќе не би должел, сметам дека ваквиот закон требаше да биде повлечен навреме и сметам дека со почитување на Уставот на Република Македонија и со почитување на одлуките на Уставниот суд можеше многу побезболно да се надминат сите овие тензии, да се смират и да не дојдеме во ситуација да правиме закони ради одредени случаи, а не закони затоа што треба да бидат долгорочни и да даваат системски пристап кон правото.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре,

Иако веќе сме доста заморени, но сепак од обемноста на дискусиите во Парламентот и од обемноста на дискусијата во јавната расправа што се водеше во РМ во врска со донесувањето на овој закон, кај мене буди чувство да го кажам моето мислење во врска со овој законски проект.

Да кажам и тоа дека водењето на јавната расправа, формирањето на мислења, искажување сопствени видувања за законскиот проект кај нас не би сакал да ги коментирам нивните ставови и видувања, само сакам да констатирам дека во рамките на институциите латентниот судир на мислењата дефакто е стабилизационен фактор во една земја. Така, најбрзо во рамките на институциите ќе ги разрешиме сите прашања од битно значење за Република Македонија. Господа пратеници,

Ако се определивме да градиме демократска, граѓанска и правна држава, тогаш ние тргнавме од два основни постулати на градењето на тој правен поредок.

Првиот постулат е дека прифативме референтни уставни решенија својствени за најдемократските земји од една страна, а од друга страна прифативме демократските традиции на тие земји заедно да се толкуваат на едно место како една примиса. Од друга страна, форсирајќи го колективното

паметење на просторите на кои што живееме и политичката традиција на просторите на кои ја оснивавме македонската држава, и ценејќи ги реалните способности на граѓаните дали се способни да ги спроведат тие граѓански регули во биномот на заедничкото влијание на двете премиси, ние, во Република Македонија, дефакто треба да обезбедиме релативно стабилна политичка структура, разрешување на сите проблеми утврдени со Уставот.

Поаѓајќи од тие факти градењето на правниот систем не е лесна работа. Проблеми секогаш ќе се има во правењето на нормативни акти за изградување на целиот правен систем. Тргнувајќи од преамбулата на Уставот на РМ и во првите 8 членови каде дефакто, посебно во членот 8 се содржани темелните вредности на уставното уредување, можам да истакнам дека е тоа една долгорочна задача за исполнување на сите регули што ги предвидува Уставот на РМ од една страна, а од друга страна надминување на номиналната фаза, односно ветување на граѓаните на територијата на која живеат, на која се основа македонската држава дека, до крај, правејќи го правниот систем, навистина, власта ќе ја оствaруваме во една рационално легална каде .ќе нема многу отстапување, ќе го изградиме правиот систем што го.предвидува и Уставот на РМ..

Тргнувајќи уште од Преамбулата на Уставот, продолжувајќи во темелните вредности на Уставот и во целиот нормативен дел на Уставот, ние, дефакто, две третини од целокупното уставно уредување го дадовме на слободите и правата на граѓаните, што на нашиот Устав му дава посебна вредност.

Расправата по самиот законски проект јас би ја свел на неколку дискусии:

1. Би рекол потребата од донесување на таков законски проект,

2. Дали тој законски проект има уставна подлога за да се донесе, дали има уставна поткрепа и дали не го повредува Уставот на Републиката и

3. Би рекол, двете видувања на граѓаните од една страна на оние граѓани кои сметаат дека нема потреба да се донесе законот, другите граѓани пак сметаат дека треба претходно да се донесе закон за дефинирање по форма и содржина за употреба на сите знамиња на националностите, па дури тогаш да се создаде правен предуслов за да може да се донесе закон за употреба на знамињата, од една страна.

Од друга страна, разгледувајќи го законот, одредени видувања дека преку зголемувањето на регулативниот капацитет на законот ќе се постигне уставната рамка.

Јас, на почетокот би рекол две работи:

Првата работа, оние кои сметаат дека не треба да се донесе законски проект во суштина, во РМ ќе создадат две состојби, едната состојба интер регнум, втората празни празнини и третата состојба тоа се правни резервати каде на политичарите со "Икаров лет" ќе им отворат простор да го создадат. секундарното право, а преку тоа да направат и дистрофија на целиот правен систем.

Оттука, сметам дека не постои ниту правна уставна пречка за донесување на тој законски проект.

XXIX/5.-

Вторите кои сметаат дека со донесувањето на законски проект каде што Ќе се утврдат по форма и содржина знамињата на националностите што треба да ги употребуваат за изразување на националниот идентитет и култура, тогаш објективно и тешко го поврзуваат членот 8 алинеја 2 од Уставот на РМ, материјализиран во членот 48 став 1, каде кажува дека слободно го изразуваат својот национален идентитет. Тоа значи дека по мнозинството на Собранието ќе му подари слобода или ќе му подари слободно определување на националниот идентитет на оние националности кои живеат во Република Македонија. Тоа значи грубо кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Републиката.

Оттука, нема правен основ за донесување на таков закон што ќе ги стесни уставните рамки, кога Уставот во суштина дефинирал дека самоопределувањето е слобода на националноста што ќе се определи за своите обележја како национална култура и обележја.

Затоа сметам дека донесувањето на таков закон би било крајно против уставно.

Од друга страна, оние кои сметаат дека треба во постојниот предложен закон од Владата да се предложат правни регули што Индиректно ќе ја ускратат слободната желба во изборот на националните обележја, и тие во суштина ја стеснуваат рамката и го рушат основниот уставен постулат на самостојно определување на националностите во изразувањето на својот идентитет.

Сметам дека таквите кажувања се директно против Уставот и семантичко однесување на демократи кои не се способни да ги исполнат тие уставни регули, граѓански уставни регули што ги предвидува Уставот на РМ.

Криејќи се зад Уставот дека Уставот е демократски и дека тие во суштина ја бранат демократијата во земјата, не се во состојба да ги спроведат сите регули што ги предвидува Уставот и не може во тоталност да ја надминеме номиналната фаза на остварување на Уставот и да дојдеме во една вистинска правна држава каде власта ќе биде рационална и легална и до крај ќе се почитуваат Уставот и законите.

Другите, каде што во суштина преку, зголемувањето на регулативниот капацитет на законот во употреба на знамињата, во суштина, сакаат на мала врата да дозволат тоа знаме што ќе се употребува во институциите на државната власт на мала врата дефакто да го симболизира и суверенитетот на друга и во суштина ќе го повредиме членот 1 став 2 од Уставот, каде кажува дека суверенитетот во РМ не делува.

Да кажам уште на почетокот, и едните и другите во суштина не разликуваат државно знаме и знаме за употреба на знамиња преку кои што се изразува националноста и идентитетот.

Државното знаме дефинирано во правната наука значи симболизирање на суверенитетот на една земја и изразување на субјективитетот на една земја во односите со друга земја.

Во постапката на донесување на тој закон за утврдување на знаме, тоа е утврдено во член 5 од Уставот, каде за него се бара двотретинско мнозинство во РМ. И по регулаторниот капацитет на тој закон што го

донесовме за употреба на знамето и грбот и химната на РМ, во суштина ние го операционализиравме и му дадовме вистинско значење на знамето во РМ.

Законот што сега го донесуваме, не може во суштина да биде ниту конкурентен, ниту во спротивност, ниту во хиерархиска субординација спрема државното знаме. Во суштина тоа знаме нема никакви допирни точки со изразувањето на суверенитетот на една земја. Тоа во суштина изразува само национален идентитет и особености на онаа националност која живее во РМ. Правењето била каква спојка во односот на тоа знаме во загрозувањето е груба грешка што противно на членот 5 од Уставот и спротивно на членот 8 алинеја 2 и членот 48 став 1 од Уставот на Републиката.

Од тие причини сметам дека предложениот закон на Владата во суштина ги операционализира одредбите на член 8 став 1 каде кажува дека националностите во Република Македонија слободно ги остваруваат своите национални особености идентитет и материјализирано во членот 48 став 1 од Уставот на РМ каде кажува стриктно што значи остварување на тој национален идентитет.

Во регулатарниот капацитет на тој член, никаде досега во јавната расправа не слушнав дека знаме не може да биде одраз на остварување на националниот идентитет на тие националности кои живеат во РМ. Оттука сметам дека донесувањето на овој закон има уставна подлога и во суштина прави разлика меѓу државното знаме и знамето на националностите. Од една страна го штити знамето што го изразува суверенитетот на РМ, а од друга страна на националностите им дозволува да се определуваат во остварувањето на својот национален идентитет.

XXIX/8.-

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Вангелов има збор.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ**

Господа пратеници, господине претседателе, господа министри, Доста е доцна, меѓутоа уште претпладне еден пратеник рече дека никогаш не е доцна во врска со вакви прашања и конкретно по ова прашање. Се надевам јас дека не е доста доцна.

Воопшто не се сомневам дека во овој момент Владата предлага закон со кој што сака да реши чувствително прашање во една многу чувствителна област. Не се сомневам дека нејзините намери се позитивни и благородни.

Исто така ни малку не се сомневам дека токму тоа што сега се предлага во овој момент и на овој начин спаѓа во областа на можното, што значи во областа на политиката, затоа што можното е област на политиката, а не пожелното и пожелуваното. Сето тоа, би било доволно не само да му се даде поддршка на предлогот на Владата, туку и да се апелира за поддршка на закон од оваков вид и тип. Меѓутоа, има и некои моменти што будат извесни дилеми по однос на позитивниот исход на една, како што кажав веќе позитивна намера и волја да се реши позитивно прашање во чувствителна област каква што е областа на меѓуетничките односи.

Тие моменти, според мене не се малку. јас ќе си дозволам да се задржам само на еден момент. Се задржувам само на еден момент затоа што го сметам за основен, затоа што го сметам за суштествен и затоа

што го сметам за клучен. Затоа што сметам дека може на долг рок да го определи стилот на нашето однесување или, ако сакате уште и нашата судбина.

Би сакал тоа да не е сосема така како што мислам. Сепак, тоа што јас го посакувам сеуште е недоволно да ме спречи јасно да го кажам и отворено тоа што сега го мислам по однос на еден конкретен предлог.

Јас мислам дека околностите во кои се предлага Закон за употреба на знамиња на националностите во РМ се неповолни И, не само тоа. Тие околности очигледно се манифестација на волја за моќ, т.е. на волја за доминација. Ќе се обидам тоа да го разјаснам само со

Добивме Предлог за употреба на знамиња по кои расправаме откако се случи тоа што се случи со употребата на македонското државно, односно со употребата на албанското државно и турското државно знаме во неколку градови во Македонија. Таа употреба уследи по локална одлука на локални власти чиј легитимитет го оспори, се мисли на Одлуката на Уставниот суд. Се покажа дека одлуката на Уставниот суд е незадолжителна, дури и за локални власти на кои се однесува таа Одлука. Тие локални власти рекоа јавно на митинг дека единствен закон е законот на волјата. Упростено кажано а логички страшно, тие локални власти јавно кажаа дека волјата е закон, а не законот волја.

Кога веќе станува збор за волјата и доследно на тоа на волјата за моќ, потребно е да потсетам дека волјата е важна компонента што ја одредува природата на човекот и на неговото однесување.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:** (продолжение)

Потребно е, исто така, да потсетам дека таа компонента што ја одредува природата на човекот и на неговото однесување беше издигната во  филозофијата на Ниче до степен на единствена и главна компонента за човекот и за неговото однесување. Поинаку речено волјата за моќ е тоа што по еден основен начин го одредува не само човекот, туку и неговото однесување. Тоа допушта да се каже, дури, од перспектива на таа филозофија волјата е тоа што е закон, а не законот на волја. Не помалку е потребно да потсетам за следново:

Денес многу учени луѓе се согласни во тоа дека од таква перспектива сталинизмот и тоталитаризмот се многу поблиску до ничеанската филозофија за волја за моќ отколку до материјалистичката филозофија на Маркс. Или, сталинизмот и тоталитаризмот беа и се многу повеќе ничеански отколку што беа и се марксистички. Тоа веднаш треба да каже дека падот на марксистичкиот систем или идеологија не значи автоматски пад на тоталитаризмот. Не значи затоа што тоталитаризмот не е само во систем, туку тој е и во самиот човек Ништо не спречува човек да мисли и да се однесува тоталитарно и во една демократска и дури високо развиена и софистицирана демократска заедница. Екстремните и радикални партии и во најдемократските средини се очигледен доказ за тоа дека тоталитаризмот е исто толку систем, политички систем колку и конкретно однесуваше на секој човек. Доследно на тоа, секоја радикална, секоја екстремна, секоја апсолутна волја за моќ која се озаконува, која станува закон е тотализантна и тоталитарна.

Кога на пример, јас ќе кажам, дека мојата волја која повеќе или помалку се совпаѓа со волјата на моите приврзаници, односно членови на мојата партија кои ги прогласувам за народ, кога ќе кажам дека

XXX/2

единствено таа волја и само таа волја е закон а не законот кој важи за сите единки на една заедница, јас давам доказ дека мислам тоталитарно, дека постапувам тоталитарно и дека тоталитаризмот е мојата идеологија односно мојот систем на вредности.

Мислам дека сега имам основа да ги доведам работите до полна очигледност. Нашата расправа доаѓа по извесни настани, доаѓа под притисок,нашата расправа е изнудена, за жал, тоа не е единствена расправа, имало и други такви расправи. И тие расправи како и оваа , биле инспирирани од позитивни намери. И тие расправи биле насочени кон позитивни цели. Се покажува, меѓутоа, тоа на из- весен начин има можности да стане практика. А, пак, самата практика е практика на своеволност, практика на самоволност, практика на произволност кој ете можеби дополнително се озаконуваат. Ако ни се случи произволноста, своеволноста и самоволноста да станат генератори на закони, а не законите да бидат тие што ќе не штитат од своеволност, самоволност и произволност, ние, ќе треба, да си признаеме дека свесно или не озаконуваме и даваме поддршка на еден тотализантен и тоталитарен стил кој, како и секој стил има тенденција да стане систем, поправо политички систем. Оти, тоталитаризмот не е само марксистички. Радикализмот, екстремизмот, национализмот или со еден збор волјата. за моќ која се издига до степен на единствен и врховен закон се само форми на тоталитарна свест. Тие се сегашните форми на тоталитарно однесување.

Јас реков дека волјата за моќ е важна составка на природата на човекот. Реков дека таа волја е извор на неговото тотализантно и тоталитарно однесување. Волјата за моќ е не само големиот творец на човекот, но и неговиот скриен, а постојан џелат. Така велам затоа што

денес е општо познато дека секој човек што станал плен на волјата за моќ е присилен да гледа во секој друг човек само противник, само ривал, само соперник, само пречка за тоа да ја оствари својата потреба за доминација, а пак таква потреба за доминација во силно или во слабо изразена форма постои кај секој

Меѓутоа, по искуство сите добро знаеме дека еден човек за друг човек не е само противник, ривал, соперник и пречка. Еден човек за друг човек е во најмала мера исто толку потреба, помош, пријател, соработник, близок и ближен човек. Упростено кажано кога волјата за моќ станува основен стил на нашето однесување, ние, по правило, и неизбежно произведуваме противници, ривали и соперници. А, пак, кога макар и на индиректен начин, макар и со најдобри намери и цели, мака и несвесно ќе и дадеме поддршка на таквата волја, ние со тоа го отвораме патот за нејзината систематизација. Ние го отвораме прозорецот низ кој ќе ни се врати тоталитаризмот за кој сме мислеле дека сме го исфрлиле преку врата. Оти, треба добро да се знае тоталитаризмот е и ќе биде не само во даден систем, тоталитаризмот е ќе биде во самиот човек и во неговото однесување.

Прашањето од таа перспектива е просто. Ќе легализираме ли ние таков стил на однесување? Ќе се допушти ли повторно тоталитаризмот пак  да стане наша судбина со тоа што дополнително легализираме нелегалности.

Јас не сум стручњак по право, јас не знам дали формулите што ги предлага законот го нарушува или не го нарушува суверенитетот на РМ од гледна точка на правните науки. Јас, по карактерот на својата професија имам увид во една наука која се вика Семиологија, а тоа е теорија за знаци и симболи. Симболите во кои спаѓаат и државните симболи се компетенција на таа наука. Според таа наука симболите

постојат за тоа да соопштат некоја порака. Симболот- знаме на РМ ја соопштува пораката дека на таа и таа територија се простира дражва Македонија. Ако до тоа знаме се постави знамето на друга држава пораката ќе биде таа територија не е само територија на држава Македонија, туку и на државата чие знаме се вее заедно со знамето на држава Македонија. Така се вели тоа во науката во која имам увид. Тоа е она што јас го знам од таа наука по тоа а пак тоа ме задолжува да постапувам според начелата на таа наука. Сега станува јасно дека не можам да постапувам спротивно од тоа што го знам. Станува јасно и дека не би можел да мислам ниту поинаку што не значи сеуште дека јас сум во право. Станува и јасно, меѓутоа, зошто и по какви причини не ќе можам да го поддржам предлогот на Владата иако е инспириран од позитивни побуди, иако е ориентиран кон позитивни цели, иако се труди, наполно сум уверен во тоа да го направи тоа што е можно во овој момент на еден можен начин.

Јас го велам тоа со жалење , а го велам затоа што сум должен да го кажам, а друг избор немам.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно дека мојот оптимизам е нереален , јас мислев дека ќе завршиме со општата дебата барем за шест саати, еве полноќ е, а имаме уште четворица пријавени за дискусија, предлагам овде да прекинеме, продолжуваме во вторник а 8 јули во 10,00 часот.

Седницата прекина со работа во 24,00 часот.